# ЕДИНЕЧЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**




АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ЕДИНЕЧЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

# 2023

ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2023

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# СОДРЖИНА


**АЛКАЛОИД во 2023** .......... **6**
**Организациска Структура** .......... **8**
**Корпоративно управување** .......... **10**
Собрание на акционери .......... 12
Надзорен одбор .......... 13
Внатрешна ревизија .......... 17
Надворешна ревизија .......... 18
Управен одбор .......... 19
Управување со ризици и бизнис-континуитет .......... 25
Деловна етика .......... 27
Заштита на личните податоци .......... 28
Портфолио и правна интелектуална сопстеност .......... 29
**Акционерство** .......... **32**
**Интегриран менаџмент - систем и квалитет** .......... **33**
Квалитет .......... 33
Безбедност и здравје при работа .......... 34
Животна средина .......... 35
Систем за управување со животната средина .......... 36
**Бизнис-опкружување и иден развој** .......... **39**
Фармација .......... 39
Хемија, козметика, билка .......... 42
Снабдување .......... 43
Транспорт .......... 44
Сервис .......... 45
Инвестиции .......... 46
Човечки ресурси .......... 51
**Одржлив развој** .......... **58**
**Единечен финансиски извештај за работењето** .......... **59**
Клучни финансиски показатели .......... 59
Селектирани финансиски показатели .......... 59
Општи податоци .......... 60
Управување со финансиски ризик .......... 60
Инвестиции .......... 62
Дивиденда .......... 62
Финансирање – кредити .......... 62
Големи зделки .......... 63
Односи со поврзаните субјекти .......... 63
Акционерски капитал .......... 66
Надоместоци на раководството .......... 67
Приходи .......... 67
Расходи .......... 71

# АЛКАЛОИД
# во 2023

**199 милиони ЕУР**
приходи од продажби и
**24,7 милиони ЕУР**
единечна нето-добивка

**20% раст**
на единечниот извоз

Инвестиции во основни
средства во износ од
**27,6 милиони ЕУР**

АЛКАЛОИД АД Скопје
регистрираше **ново
друштво во Србија**

Пуштен во употреба нов
инвестициски проект вреден
**3,8 милиони евра**
на локалитетот во Автокоманда

Брендот Becutan го одбележа
**45-тиот роденден**

АЛКАЛОИД започна со имплементација
на најсовремениот систем
**Manufacture Execution
System – AlkaMES**


АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
НАДЗОРЕН ОДБОР
СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
УПРАВЕН ОДБОР
Корпоративен секретар
Офицер за ризик
ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
Офицер за усогласеност
Офицер за заштита на лични податоци
КОРПОРАТИВНИ СЛУЖБИ
ФИНАНСИИ
Финансии и сметководство
АКЦИОНЕРСТВО, имотни прашања
Бизнис планирање, контрола и известување
ЛОГИСТИКА
Снабдување
Транспорт
Магацини
Инвестиции
Сервис
КОРПОРАТИВНА ПРАВНА СЛУЖБА
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ
ОПШТИ РАБОТИ
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
КАДРОВСКИ РАБОТИ
МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ
ПЦ ХЕМИЈА КОЗМЕТИКА БИЛКА
ХЕМИЈА
КОЗМЕТИКА
БИЛКА
Погон Хемија
Продажби Хемија
Погон Козметика
Продажби Производи за широка потрошувачка
Погон Билка
Планирање на производство ХКБ

# 2023 ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ



# Корпоративно управување

АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална компанија, која во своето секојдневно работење цврсто и континуирано ги почитува и ги применува своите основни вредности, кои почиваат на највисоките етички норми и стандарди. Една од основните и клучни вредности и принципи на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје е доброто корпоративно управување. Препознавајќи го значењето на секојдневната примена на постојните стандарди за добро корпоративно управување, а истовремено следејќи ги најновите трендови во оваа област, АЛКАЛОИД АД Скопје бележи континуиран раст, како на финансиски план така и на квалитетот на човечките ресурси со кои располага компанијата. Сите напори и секојдневното вредно работење на АЛКАЛОИД АД Скопје за примена на стандардите за добро корпоративно управување се признати и валоризирани, како од стручната така и од пошироката македонска јавност. „Македонска берза“ АД Скопје, традиционално, на крајот на календарската година доделува годишни награди во повеќе категории, сакајќи да им даде јавно признание на најпрепознатливите и најактивни учесници и други субјекти кои се директно или индиректно поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност. Како награда за работењето во 2023 година, АЛКАЛОИД АД Скопје е добитник на престижната награда за Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2023 година по избор на медиумите. Покрај ова, АЛКАЛОИД е добитник на уште една награда, и тоа за Акција на годината за 2023 година, во согласност со гласовите на пошироката јавност, врз основа на заедничката анкета на Берзата и на порталот „Фактор“.

Како награда за работењето во 2023 година, АЛКАЛОИД АД Скопје е добитник на престижната награда за Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2023 година по избор на медиумите.

АЛКАЛОИД АД Скопје преку јасно утврдените основни начела на доброто корпоративно управување во својот Статут, како и останатите внатрешни акти на компанијата, во текот на 2023 продолжи со имплементација на добрите корпоративни практики, нивна интеграција во рамки на целокупниот систем на компанијата, како и дистрибуција на процесите до секоја организациона единица.

Организацијата, свикувањето и одржувањето на Годишното Собрание на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје на 03.04.2023 беа реализирани согласно Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и внатрешните акти кои во рамки на интензивен нормативен процес спроведен во текот на 2022, беа целосно усогласени со барањата на Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза.

**АЛКАЛОИД АД Скопје е друштво организирано според двостепен систем на управување. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со компанијата, додека, пак, Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Процесот на управување во АЛКАЛОИД е целосно во согласност со законите во Република Северна Македонија, како и со домашните и со меѓународните добри практики.**

Во таа смисла, во тек на првиот квартал од 2023, беше формирана интердисциплинарна работна група за доследно пополнување на Прашалниците објавени од Македонска берза, во насока на известување за усогласеност од Кодексот за корпоративно управување, а кои беа прилог кон Годишниот извештај за 2022, со што компанијата ја демонстрираше својата заложба за транспарентност во процесот на имплементација на принципите предвидени со Кодексот.

АЛКАЛОИД АД Скопје, согласно Правилникот за односи со акционери, продолжи со заложбите за грижа и соработка со своите акционери. Имено, за акционерите беа овозможени низа технички поволности во поглед на нивното учество на Годишното Собрание, како пристап до обрасци кои можат да се преземат директно од веб страницата на компанијата и посебна емаил адреса преку која имаа можност да го пријават своето учество во работата на Собранието.

Во текот на 2023, Корпоративниот секретар ги зацврсти своите ингеренции на обединување и централизирање на поддршката на органите на управување во рамки на нивниот делокруг на работа, а истовремено имаше клучна улога во координација и организација на сите активности од значење за ESG процесите во рамки на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на месец октомври 2023, АЛКАЛОИД АД Скопје го донесе Кодот за однесување на добавувачи, со кој ја нормиравме нашата одлучност да ги вршиме сите наши деловни операции со највисоки етички стандарди, вклучувајќи обезбедување и одржување на отворен и одговорен ланец на снабдување.

Во насока на имплементација на заложбата за транспарентност на АЛКАЛОИД АД Скопје, во текот на 2023 година на веб страницата на компанијата беа поставени сите нормативни акти од значење за корпоративното управување, со интенција за нивно редовно ажурирање.

Минатата година, друштвото активно и континуирано посвети внимание и работеше на преземање мерки за да обезбеди дека ќе има најмалку 30% жени членови на надзорниот и на управниот одбор до 2025 година. За таа цел органите на друштвото вршеа неколку анализи и истражување со цел на детерминирање на соодветни кандидати. Како резултат на тие активности, од 2023 година, Надзорниот одбор е сочинет од членови од кои 33% се жени. Во моментот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, е сочинет со членови од кои 20% се жени, а ќе се продолжи со заложбите за поголема застапеност на жените во органите на управување и во иднина.

# Собрание на акционери

Собранието на акционери е највисок орган на управување во АЛКАЛОИД АД Скопје. Во согласност со Законот за трговските друштва, на секој акционер запишан во акционерската книга од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас. На собранието на акционери се носат суштинските одлуки за компанијата, во согласност со закон и тука акционерите ги остваруваат своите права во друштвото.

Управниот одбор свикува годишно собрание на акционери најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, но не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите, а материјалите за собранието се достапни за акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Во согласност со финансискиот календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година, годишното собрание на акционери ќе се одржи во првата недела од април 2024. Јавниот повик, како и материјалите за годишното собрание на акционери ќе бидат објавени на системот СЕИ-НЕТ на „Македонска берза“ и на официјалната интернет-страница на АЛКАЛОИД АД Скопје во рубриката „За инвеститорите“.

# Надзорен одбор

Во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и со Статутот на друштвото, Надзорниот одбор врши надзор врз работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје од 1998 година, кога е и за првпат воспоставен.

Членовите на Надзорниот одбор се состануваат на годишно ниво, со цел да ги разгледаат предлог-одлуките изготвени од Управниот одбор во поглед на работењето на друштвото за тековната година и да произнесат свој став дали тие треба да се усвојат или да се одбијат од Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Состав на Надзорниот одбор:



**ПРОФ. Д-Р МИОДРАГ МИЦАЈКОВ**

**Претседател на Надзорниот одбор**

Доктор по право, професор и поранешен декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’“ во Скопје. Претседател на Одборот од 1998 година.



**БОЈАНЧО КРАЛЕВСКИ**

**Член на Надзорниот одбор**

Дипломиран инженер по хемија. Член на Одборот од 1998 година.



**ЛИДИЈА СОФРЕВСКА-АНДОНОВА**

**Член на Надзорниот одбор**

Магистер по економски науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Член на Одборот од 2023 година.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор не членуваат во органи на управување на други друштва.

Во текот на 2023 година Надзорниот одбор ги одржуваше своите седници во полн состав: Претседател Проф. Д-р Миодраг Мицајков и членовите Проф. Д-р Илија Џонов, независен член и Бојанчо Кралевски, а од 26.04.2023 година со изборот на нов мандат на членовите на Надзорен одбор со Одлука на Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје работеше во полн состав: Претседател Проф. Д-р Миодраг Мицајков и членовите Проф. Лидија Софревска - Андонова, независен член и Бојанчо Кралевски. Надзорниот одбор одржа 12 (дванаесет) седници и донесе 27 (дваесет и седум) Одлуки.

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со Законот за трговските друштва.

На одржаните седници особен акцент се стави врз разгледување на неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1 – 31.3.2023 година, 1.1 – 30.6.2023 година, 1.1 – 30.9.2023 година, и тоа по сите структури: биланс на успех, биланс на состојба, известување за паричен тек и известување за промени во капиталот.

На седниците на кои на дневен ред беше разгледувањето на неревидираните единечни финансиски извештаи и на неревидираните консолидирани финансиски извештаи, на покана на претседателот на Надзорниот одбор присуствуваа претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и раководните лица од соодветните стручни служби, со цел подетално да се образложат сите позиции од доставените неревидирани единечни финансиски извештаи и од неревидираните консолидирани финансиски извештаи, за да може Надзорниот одбор соодветно да одлучува.

Претседателот на Управниот одбор, во согласност со своите дефинирани надлежности, даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на седниците, а според принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии во однос на материјалите по точките од дневниот ред, како и за сите значајни прашања од делот на работењето на друштвото.

Од непосредно извршениот увид во доставените финансиски извештаи и од излагањата на претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и од раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор донесе одлуки со кои се усвојуваат неревидираните единечни и неревидираните консолидирани финансиски извештаи на друштвото, како и неревидираниот единечен и неревидираниот консолидиран биланс на успех на друштвото.

Надзорниот одбор, исто така, изврши редовен увид врз управувањето со друштвото, што го врши Управниот одбор, и го разгледа годишниот извештај за работата на друштвото за претходната година (единечен и консолидиран), при што се констатира дека работењето на друштвото, како и водењето на работењето со него е успешно извршено, видно од остварените позитивни финансиски резултати на друштвото во текот на претходната година.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува соработката која, во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на друштвото и со Законот за трговските друштва, ја имаше со претседателот и со членовите на Управниот одбор, со цел изградување заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на друштвото за 2023 година.

Надзорниот одбор изврши увид и во книгите и во документацијата со која располага друштвото, а кои се однесуваат на неговото финансиско работење, на состојбата со имотот, како и на хартиите од вредност, па при нивната проверка констатира дека и во тој дел работењето на друштвото е успешно и во рамките на законската регулатива.

На членовите на Надзорен одбор во 2023 година им престана мандатот поради истекот на времето за коешто се избрани и на Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје од 03.04.2023 година се донесе одлука за избор на членови на Надзорен одбор со мандат од четири години сметано од 26.04.2023 година.

Согласно позитивните законски одредби од Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, Статутот и другите внатрешни акти на Друштвото, Надзорниот одбор донесе Одлука со која се утврдува профилот на Надзорниот одбор. Имено Профилот ги содржи минималните услови кои членовите на Надзорниот одбор треба да ги исполнуваат од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и заедно ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции.

Исто така членовите на Надзорниот одбор го разгледаа предлог за кандидат за член на Надзорен одбор од страна на акционер кој поседува најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас и веднаш пристапија кон потврдување дали кандидатите ги исполнуваат бараните услови утврдени со закон, другите важечки прописи, Статутот и внатрешните акти на Друштвото, како и дали кандидатите се вклопуваат во профилот на Надзорен одбор и за што се донесе Одлука за потврдување на предлогот на кандидати за членови на Надзорен одбор.

Согласно член 379 ст.1 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор од редот на своите членови за Претседател на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје го избра Проф.Д-р Миодраг Мицајков.

Согласно чл.374 ст.3 од Законот за трговските друштва Надзорниот одбор донесе Одлука со која се избира нов член на Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје. На местото на членот на Управен одбор Милкица Глигорова се избра лицето Оливера Панева, со мандат од 11.04.2023 година до истекот на времето за кое е избран претходникот, односно до 20.11.2028 година.

Надзорниот одбор донесе Одлука со која се дава претходна согласност за предлогот на Генералниот директор за повторно назначување на Корпоративен секретар Димитар Ристовски од страна на Управниот одбор на Друштвото.

Исто така, Надзорниот одбор го разгледа Бизнис-планот на друштвото за 2024 година, во кој се содржани: план на продажби, планиран биланс на успех според функција, план на трошоци според видови, план на работна рака, план на капитални издатоци, планиран биланс на состојба и планиран паричен тек.

Надзорниот одбор оцени дека се работи за бизнис-план кој е квалитетно изработен, базиран на реалните очекувања и јасно ги дефинира целите на сите нивоа на раководење во друштвото, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на друштвото.

Бизнис-планот за 2024 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни на друштвото во моментот на изготвување на планот.

Надзорниот одбор, во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото, како независна организациска единица на друштвото, во кој се презентирани активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2023 година.

Надзорниот одбор го усвои и даде оценка дека полугодишниот извештај за 2023 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, во кој се опфатени описот на извршените ревизии на работењето на друштвото, оцената на соодветноста и на ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на Службата.

Во согласност со годишниот план за внатрешна ревизија за 2023 година од Службата за внатрешна ревизија, до Надзорниот одбор, исто така, се доставени и квартални извештаи за периодот јануари – март, април – јуни, јули – септември и октомври - декември 2023 година, во кои се наведени активностите што ги има извршено Службата за внатрешна ревизија во кварталните периоди. Идентификуваните наоди на Службата за внатрешна ревизија се во насока на натамошно подобрување на процесот на ефикасноста на работењето. Наодите се дискутирани со раководните лица во организациските делови, предмет на тестирање, и се во целост прифатени.

Надзорниот одбор, по разгледувањето на кварталните извештаи од Службата за внатрешна ревизија, донесе одлуки за нивно усвојување.

Во согласност со чл. 415-б од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор го разгледа годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година и донесе одлука со која истиот се одобрува.

Во годишниот план за работа наведени се предметот на ревизијата со опис на содржината на планираната ревизија според одделни области, како и распоред на контролите во текот на 2024 година со планирано времетраење за спроведување на контролите.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва Службата за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото поднесе годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија, извршени во претходната година во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија

Надзорниот одбор е на мислење дека годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, со што го одобри горенаведениот извештај и го приложи до Собранието на акционери.

Работењето на Надзорниот одбор во текот на 2023 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, Статутот и другите внатрешни акти на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија претставува независна организациска единица (служба) организирана од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје. Вршењето внатрешна ревизија е во согласност со барањата на Законот за трговските друштва и на усвоената Повелба за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Внатрешната ревизија му помага на АЛКАЛОИД АД Скопје да ги оствари своите цели преку користење систематски, дисциплиниран пристап за проценка и за подобрување на ефективноста на управувањето со ризици, на контролите и на процесите на раководење. Основната цел е зголемување и заштита на вредноста на АЛКАЛОИД АД Скопје преку обезбедување објективни (базирани на ризици) и доверливи ревизорски, консултантски и аналитички услуги.

Службата за внатрешна ревизија цели да биде додадена вредност за АЛКАЛОИД АД Скопје и препознаена како еден од носителите на корпоративната култура и на компаниските вредности, односно ценет партнер и доверлив советник на заинтересираните страни (Надзорниот одбор, Управниот одбор, високиот менаџмент, акционерите). Во нејзини рамки се ангажирани стручни професионалци, соодветно обучени и сертифицирани за извршување ревизорски активности, кои редовно ги исполнуваат барањата за континуирано професионално усовршување.

Своите активности Внатрешна ревизија ги извршува во согласност со стратешкиот и со годишниот план, кои се изготвени врз основа на најзначајните ризици, а се одобрени од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на 2023 година за сите извршени активности беа изготвени и доставени поединечни детални извештаи, квартални извештаи (доставени до Генералниот директор и до Надзорниот одбор), како и годишен и полугодишен извештај на Службата за внатрешна ревизија, кои се предмет на одобрување од Управниот и од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со планот за 2023 година беа спроведени 20 ревизорски и консултантски ангажмани, и тоа во следниве области: производство, продажби, пари и парични средства, кредити, корпоративно управување, клучни индикатори за успех, ESG-известување и др. Покрај овие области, ангажмани за внатрешна ревизија, преку директни посети, беа спроведени и во друштвата на АЛКАЛОИД АД Скопје во странство. За сите спроведени активности, во посебни, детални извештаи, беа претставени утврдените недостатоци и предложените подобрувања.

Раководителот на Службата за внатрешна ревизија има редовна комуникација со Надзорниот одбор и учествува на сите негови состаноци на кои се разгледуваат информации поврзани со работата на Внатрешна ревизија.

# Надворешна ревизија

Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор. Друштвото детално ги уредува сите прашања поврзани со надворешната ревизија, особено критериумите за утврдување и за одржување на независноста и на објективноста на надворешниот ревизор, постапката за избор и критериумите при изборот, планот за работа, фреквенцијата и начинот на известување од надворешниот ревизор, како и други прашања од интерес за ангажманот и за активностите на надворешниот ревизор.

Овластениот ревизор не може да извршува други услуги за друштвото кои може да претставуваат закана за неговата објективност и независност во годината додека врши ревизија, како и најмалку во претходните две години.

Доколку други вработени во ревизорската куќа каде што работи овластениот ревизор извршуваат друга работа за друштвото и за друштвата поврзани со него, која не претставува ревизија, друштвото мора да обезбеди системи за зачувување на независноста и на објективноста на ревизорот.

Друштвото е должно да има ревизорско мислење за финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржување на собранието на акционери. Овластениот ревизор го избира Собранието на акционери пред истекот на деловната година за која што се врши ревизија. Управниот одбор е должен да му овозможи на овластениот ревизор увид во целокупната документација. Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија според меѓународните ревизорски стандарди.

Управниот одбор ги доставува извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка, финансискиот извештај и предлог-одлуката за распределба на добивката до Надзорниот одбор заради нивна проверка.

Надзорниот одбор е должен да ги провери годишните сметки, финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката. На барање на Надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на Надзорниот одбор.

Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 3.4.2023 година за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година го назначи ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).

# Управен одбор

Управниот одбор има најголеми овластувања во управувањето на друштвото, односно во вршењето на сите работи врзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и дејствува во сите околности во име на друштвото во рамките на предметот на работењето.

**Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор управува со друштвото и во тие рамки го води работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје под сопствена одговорност.**

**Состав на Управниот одбор:**



**ЖИВКО МУКАЕТОВ**

**Претседател на Управниот одбор и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје**

По струка е дипломиран машински инженер. Магистрирал на Chartered Institute of Marketing во Лондон, Велика Британија. Член е на Управниот одбор од 2004 година, а за претседател на Управниот одбор е назначен во 2007 година. Одговорен е за севкупното работење на Групацијата АЛКАЛОИД.



**ВИКТОР СТОЈЧЕВСКИ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Финансии**

Дипломиран економист. Член на Одборот од јануари 2013 година. Одговорен е за финансиските операции на компанијата.



**ОЛИВЕРА ПАНЕВА**

**Член на Управниот одбор и одговорна за обезбедување квалитет и за интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД на корпоративно ниво.**

Дипломиран доктор на медицина. Постдипломски студии по фармаковигиланца на University of Hertfordshire, Hatfield, Велика Британија. Член е на Одборот од април 2023 година.
Одговорна за обезбедување квалитет и за интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД на корпоративно ниво.



**ЃОРЃИ ЈОВАНОВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Акционерство и имотни прашања на компанијата.**

Дипломиран економист.
Член на Одборот од 2006 година.
Одговорен е за акционерството и за имотните прашања.



**ЌИРЕ ИЦЕВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Службата за општи работи.**

B. Sc. на Машинскиот факултет.
Член на Одборот од 2007 година.
Одговорен е за целокупното работење на Одделот за општи работи.

Управниот одбор во текот на 2023 година своите активности ги вршеше во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото, носеше одлуки за деловната политика и го водеше работењето на друштвото.

Членовите на Управниот одбор не членуваат во органи на управување на други друштва.

Управниот одбор се состануваше редовно, при што во текот на 2023 година одржа 29 (дваесет и девет) седници и донесе вкупно 150 (сто педесет) одлуки/заклучоци.

Во извештајот за работата на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2023 година се изнесуваат поважните одлуки што ги има донесено Управниот одбор и тоа:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства и усвојување на извештајот за извршен попис во АЛКАЛОИД АД Скопје;
- одлуки за усвојување предлог-годишна сметка на друштвото, предлог-консолидирана годишна сметка на друштвото и предлог-годишен извештај за работата на друштвото (единечен и консолидиран);
- одлуки со кои се усвојуваат годишните сметки на друштвата чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година.

Управниот одбор на своите седници месечно ги разгледуваше билансот на успех на АЛКАЛОИД АД Скопје по трошковни места и извештајот за тековното работење на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

На седниците, на покана на претседателот на Управниот одбор, присуствуваа и раководните лица од Планирање производство Фармација и управителот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

Од Управниот одбор донесени се одлуки/заклучоци со конкретни задолжувања за раководните лица на профитните центри во АЛКАЛОИД АД Скопје и за управителот на АЛКАЛОИД КОНС, а, пред сè, во насока на максимално ангажирање за исполнување на зацртаните плански задачи, интензивирање на наплатата, контрола на залихите, како и за намалување на трошоците.

Исто така, Управниот одбор, во согласност со Законот за трговските друштва, ги разгледа и расправаше за неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1. – 31.3.2023, 1.1. – 30.6.2023 година и 1.1. – 30.9.2023 година, при што оцени дека друштвото има остварено позитивни финансиски резултати.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото, Управниот одбор, во рамките на својата надлежност, донесе предлог-одлуки во согласност со предложениот дневен ред за годишното собрание на акционери на друштвото, што се одржа на ден 3.4.2023 година.

Управниот одбор, имајќи ја во вид подобрата и пофункционална организација на работењето на друштвото, донесе одлуки за измени и за дополнување во внатрешната организација и Правилникот за систематизација на работни места. Воедно донесе измени и дополнување на Аналитичката процена на работни места, согласно донесената одлука за зголемување на бројот на бодовите на дел од работни места.

Воедно ги донесе и следните одлуки со кои се одобрува:

- исплата на регрес за годишен одмор;
- зголемување на нето вредноста на бодот со примена почнувајќи со платата за месец јуни 2023 година;
- исплата на еднократен годишен надомест за лојалност на вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година;
- исплата на новогодишен надоместок.

Во текот на 2023 година Управниот одбор на своите седници ги донесе и следните значајни општи акти на друштвото:

- Код за однесување на добавувачи на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Правилник за претставници на работници за безбедност и здравје при работа на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- ESG стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година;

Во согласност со одредбите од Кодексот за корпоративно управување на АЛКАЛОИД АД Скопје од страна на Управниот одбор е донесена Одлука за повторно назначување на Корпоративниот секретар Димитар Ристовски по претходно добиена согласност од страна на Надзорниот одбор.

Управниот одбор донесе одлука со која се донесуваат основите на Бизнис-планот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година.

Управниот одбор донесе одлука со која го усвои Бизнис-планот на друштвото за 2024 година и даде насоки за негово спроведување.

Во Бизнис-планот се содржани: план на продажби, планиран биланс на успех според функција, план на трошоци по видови, план на работна рака, план на капитални издатоци, планиран биланс на состојба и планиран паричен тек.

Управниот одбор оцени дека се работи за Бизнис-план кој е базиран на реалните очекувања, проекции и можности на тековните и на новите пазари и производи, достапни на друштвото во моментот на изготвување на планот, на политиката на управување со ризик и на зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси. Воедно донесен е и финансиски календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година.

Во согласност со чл. 375 ст. 3 и со чл. 366 ст. 3 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор донесе одлука за назначување лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) во друштвото за 2024 година.

Исто така Управниот одбор во рамки на своите надлежности донесе одлука за основање на друштво со ограничена одговорност ALKALOID SEE DOO Beograd каде единствен сопственик на друштвото со ограничена одговорност е АЛКАЛОИД АД Скопје.

Исто така, Управниот обор го усвои финансискиот извештај на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ – Скопје за претходната година и ја донесе Програмата за работа на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ – Скопје за 2024 година.

Во Програмата се утврдуваат износот, начинот, условите и постапката за користење на средствата на Фондацијата, наменети за стипендирање, донирање и за финансирање талентирани студенти, научни работници и проекти од областа на медицината и на фармацијата.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза Управниот одбор го усвои ESG Извештајот за животна средина, општествени прашања и управување на АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година.

Воедно се донесени и програмите за работа за 2024 година на Шаховскиот клуб АЛКАЛОИД и одобрени се Програмите за работа за 2024 година на РАКОМЕТЕН КЛУБ АЛКАЛОИД РАКОМЕТ Скопје и РАКОМЕТЕН КЛУБ МУЛТИ ЕСЕНС Скопје.

Во однос на работењето на друштвата чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор донесе одлуки за назначување и продолжување на мандатите на директорите/управителите на друштвата во странство чиј основач и единствен сопственик е АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, од Службата за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во друштвото, до Управниот одбор е поднесен годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија извршени во текот на претходната година, во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија.

Управниот одбор, по разгледувањето на годишниот извештај, донесе одлука со која се одобрува годишниот извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје, како независна организациска единица, за претходната година.

Исто така, во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, Управниот одбор го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото, во кој се презентирани активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2023 година.

Управниот одбор, по разгледувањето на полугодишниот извештај, донесе одлука со која го усвои и даде оценка дека полугодишниот извештај за 2023 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, во кој е опфатен описот на извршените ревизии на работењето на друштвото, оцена за соодветноста и за ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наоди и предложени мерки на Службата.

1. АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и како единствен содружник на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на друштвото, и тоа:

- Управен одбор на основачот, како собир на содружници на друштвото;
- Контролор, како орган на надзор на работењето на друштвото.

Собирот на содружници на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје во текот на 2023 година одржа 10 (десет) седници и донесе 24 (дваесет и четири) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, донесени се следните позначајни одлуки:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства;
- Одлука за усвојување на извештајот за извршен попис на основните средства и на изворите на средства;
- Одлуки за усвојување годишна сметка на друштвото, годишен извештај за работата на друштвото и неревидирани финансиски извештаи на друштвото;
- Одлука за распоредување на добивката;

- Одлука за усвојување на извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на друштвото за претходната година од овластен ревизор од ревизорското друштво ДИЛОИТ ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за измени на Аналитичката процена на работни места на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ-Скопје;
- Одлука за повторен избор на Контролор на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за повторен избор на Управителот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- Одлуки за назначување раководни лица;
- Одлука за зголемување на нето-вредноста на бодот со примена почнувајќи со платата за месец јуни 2023 година;
- Одлука за исплата на еднократен годишен надомест за лојалност на вработени во АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ-Скопје
- Одлука за исплата на новогодишен надоместок.

2. АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и како единствен содружник на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на друштвото, и тоа:

- Управен одбор на основачот, како Собир на содружници на друштвото

Собирот на содружници на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје во текот на 2023 година одржа 7 (седум) седници и донесе 7 (седум) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, донесени се следните позначајни одлуки:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис;
- Одлука за усвојување годишна сметка на друштвото;
- Одлука за распоредување на добивката;
- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- Одлука за зголемување на нето-вредноста на бодот со примена почнувајќи со платата за месец јуни 2023 година;
- Одлука за исплата на еднократен годишен надомест за лојалност на вработени во БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за исплата на новогодишен надоместок.

Воедно работењето на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2023 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва, Статутот и другите внатрешни акти на Друштвото.

# Управување со ризици и бизнис-континуитет

## Управување со ризици

Процесот на управување со ризиците непречено се одвиваше во 2023 година на повеќе нивоа во друштвото.

- Вработените и раководителите на организациските единици континуирано ги следеа постојните и новите идентификувани ризици и презедоа мерки за нивно минимизирање и евентуално елиминирање.
- Тимот за ризици продолажи со мониторирање на ризиците и со анализа на потенцијалните ефекти од нивното настанување.
- Одборот за ризик внимателно ги надгледуваше стратешките ризици кои може да имаат потенцијално негативно влијание врз поставените цели на друштвото, но ги анализираше и оние ризици кои претставуваат можност за друштвото.

Поконкретни активности што можат да се издвојат во 2023 година се следните:

- Друштвото изврши редовна преоцена на своите ризици категоризирани на следниов начин: стратешки ризици, оперативни/процесни ризици, ризици за квалитет и специфични ризици. Резултатите од преоценувањето им се презентирани на раководството и на Одборот за ризик.
- Исто така, реализирани се предвидените состаноци со тимот за управување со ризик и за континуитет на работењето.
- Изработена е детална GAP-анализа на потребните промени на документите релевантни за управувањето со ризици.

## Резултати од работењето на процесот на управување со ризици за 2023 година

Во 2023 г. е реализирано годишно преиспитување на стратешките ризици на ниво на „Алкалоид“ АД Скопје и, во согласност со преземените мерки и планови, 30 % од нив преминуваат на оперативно ниво.

Во согласност со реализираното преиспитување на оперативните/процесните ризици и на специфичните ризици за квалитет, добиени се вкупно 173 пријави на ризици. Преиспитани се вкупно 1771 оперативен/процесен ризик во АЛКАЛОИД АД Скопје. Идентификувани се 192 нови оперативни/процесни ризици. Вкупно 73 оперативни/процесни ризици се спуштени од среден на низок приоритет или 28 % од вкупниот број средни ризици идентификувани на ниво на „Алкалоид“ АД Скопје.

## Усогласеност со барањата на новата верзија од ICH Q9

На 26.7.2023 стапи на сила новата верзија на ICH Q9 Quality Risk Management, за која е изработена детална GAP-анализа со цел ажурирање на потребните GMP-релевантни документи и процеси и нивна усогласеност со новите барања на водичот ICH Q9.

Направени се промени во следните документи:

- Политика за управување со ризици QPOL000003/2;
- промени во Процедурата за управување со ризик QGP000076;
- промени во СОП за управување со ризици за квалитет SOP002483;
- водич низ промените на ICH Q9.

## Континуитет во работењето

Во интегрираниот систем за квалитет на АЛКАЛОИД АД Скопје се воспоставени процедури и планови за континуитет на работењето во областа на ИТ-безбедноста, фармаковигиланцата, како и во однос на партнерите, пандемијата на COVID 19, природните катастрофи и друго.

Планирањето и целите што се воспоставени и реализирани во текот на 2023 година од сегментот за континуитет во работењето во „Алкалоид“ се следниве:

1. Идентификување на бизнис-континуитетот (ризици и можности)
   - Идентификувани се 34 стратешки ризици, кои се евалуирани и кои имаат потенцијално влијание врз континуитетот на работењето.
2. Оперативно работење
   - Изработени се бизнис-импакт анализа и план за бизнис-континуитет за најдобрите стратешки производи
3. Примена на барањата на стандардот ISO 22301, систем за управување со континуитетот во работењето
   - Воспоставена е процедура за континуитет во работењето, СОП за изработка на BIA, СОП за изработка на бизнис-стратегија, СОП за изработка на план за бизнис-континуитет и поврзани документи

Посветеноста на раководството и на вработените за ефикасно управување со ризиците и со континуитетот во работењето ѝ дава компетитивна предност на компанијата, како и доверба на заинтересираните страни и на општеството.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Деловна етика

Еден од најважните постулати на кој нашата компанија ги темели своите деловни активности е усогласеноста со локалните и меѓународните прописи, внатрешните акти и доброволната заложба и посветеност на раководната структура и вработените за почитување на етичките принципи и стандарди.

## Код за етичко и деловно однесување

Кодот за етичко и деловно однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје преку промоција на своите клучни вредности, претставува нормативна претпоставка која овозможува секој наш вработен и раководно лице самостојно да носи етички одлуки во секојдневното вршење на своите работни задачи, одговорности и овластувања.

Во текот на 2023, компанијата предводена од највисокото раководство, а со поддршка на Офицерот за корпоративна усогласеност и Комисијата за корпоративна усогласеност, продолжи да го развива овој процес преку институционална поддршка, обука на надлежните лица и подигање на свеста на вработените за етичко однесување и градење корпоративен интегритет и култура.

## Преглед на постапки за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување

Во текот на 2023 година, на AlkaSpeakUp платформата беа извршени основни подесувања на нејзините карактеристики, со цел овозможување насоки на пријавувачите на повреди за поедноставно користење на платформата, а воедно за обезбедување на што повеќе релеватни информации и квалитетни пријави од страна на пријавувачите, кои ќе бидат основа за водење на постапки и донесување одлуки од страна на Комисијата за корпоративна усогласеност, кои ќе бидат доследни на начелата и принципите утврдени со Кодот за етичко и деловно однесување.

## Антикорупциска политика

Антикорупциската политиката ги уредува сите аспекти на превенција и санкција за недозволени исплати и поткуп на јавни службеници и носители на јавни функции, како и било кои други облици на корупција, како основни параметри на нашата интеракција со државната структура и општеството во целина.

## Кодекс за интеракција со здравствени работници и етичка промоција

Промоцијата на нашите фармацевтски производи, комуникацијата и нашите интеракции со здравствените работници, здравствени организации и здравствената заедница во целина се спецификите на индустријата која ја претставуваме. Преку обука на нашите вработени за правилна примена на Кодексот за интеракција со здравствени работници и етичка промоција, ние континуирано обезбедуваме нашите медицински претставници во целост да бидат усогласени со начелата и принципите кои ги предвидува, а кои воедно се предмет на низа законски и регулаторни барања, како и стандарди на индустријата, но од друга страна и наша додадена вредност за деловни можности и соработка со најдобрите и најуспешните компании.

# Заштита на личните податоци

АЛКАЛОИД континуирано продолжува да го одржува воспоставениот систем за заштита на личните податоци. Во 2023 година, имплементиравме систем за информатичка технологија (ИТ) за новите збирки на лични податоци со цел да ги исполниме нашите обврски за заштита и приватност на истите. АЛКАЛОИД постојано посветува внимание и ја истакнува важноста на безбедноста на личните податоци преку редовните упатства и насоки до сите вработени во АЛКАЛОИД на глобално ниво, притоа покажувајќи примена на нашите вредности во пракса при обработката на личните податоци. Нашата главна заложба е да бидеме усогласени со релевантните законски прописи и регулативи за заштита на лични податоци во различни земји каде што работи АЛКАЛОИД преку усогласување на нашите секојдневни работни активности. Продолжуваме да се усогласуваме со Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ (GDPR) и другите прописи за приватност преку имплементација и следење на практиките, политиките и процедурите за заштита на личните пподатоци, поддржани со обуки на вработените, проценки на влијанието и процеси за поддршка на правата на субјектите како и пријавување на инциденти. Корпоративниот Офицер за заштита на личните податоци со својот меѓународен тим на офицери за заштита на личните податоци тесно соработуваше со колегите од општи работи, маркетинг, човечки ресурси, Офицерот за корпоративна усогласеност со цел да обезбеди соодветни известувања за приватност на трети страни во однос на нивната обработката на податоците во АЛКАЛОИД како и во однос на другите области на почитување на приватноста.

Во декември 2023 година беше предложена процедура за одлучување за избор на обработувачи која има за цел да го олесни процесот на длабинска анализа, да обезбеди конзистентност и да врши контрола врз обработувачите кои обработуваат податоци во име на АЛКАЛОИД. Со ова ќе се воспостави поефективен пристап за управување со ризик.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Портфолио и правна интелектуална сопственост

## Глобални Медицински работи и Безбедност на лекови

### Фармација

Правата од интелектуалната сопственост (ИС) се важен и вреден аспект во сопственоста (асетот) на еден бизнис. Во ера на постојани промени и иновации, ИС претставува централен елемент во обезбедувањето сигурност, во поттикнувањето иновативност, во промовирањето напредок и во проширувањето на бизнисот.

Добро воспоставените и заштитени права од ИС им помагаат на потрошувачите да направат паметен и сигурен избор во однос на безбедноста, доверливоста и на ефектноста при нивното купување. Од друга страна, гарантираат дека производите се автентични и со висок квалитет, кој го препознаваат и го очекуваат потрошувачите. Накратко, правата од ИС ги стимулираат сигурноста и удобноста кои ги бараат потрошувачите и на кои се потпираат пазарите.

Знаејќи го ова, ние сме посветени на градењето силни и препознатливи брендови, преку кои можеме да ги гарантираме стандардот и квалитетот на нашите производи, кои се лесно препознатливи од потрошувачите. На овој начин ја зачувуваме репутацијата на компанијата и ја осигуруваме стабилноста на нашиот раст и развој.

Импресивното портфолио на трговски марки на АЛКАЛОИД се состои од приближно 3.700 пријавени или регистрирани трговски марки, во повеќе од 100 земји, покривајќи повеќе од 10 класи на добра и на услуги. Нашата стратегија е да се регистрираат трговски марки за сите производи и услуги од интерес, во сите земји во кои се комерцијализирани.

**ПРЕГЛЕД НА ТРГОВСКИ МАРКИ ПО ЗЕМЈИ**




**Следејќи ја иницираната заштита во чест на јубилејот од 50 – годишнината од заштитата на компаниското лого, во 2023 година стекнавме заштита на компаниското лого како трговска марка во Нов Зеланд, Европска Унија, Сингапур, Колумбија, Сенегал, Монако, Мадагаскар и Израел.**

Во изминатите години забележуваме постојано проширување на портфолиото, со зголемени активности за пребарувања и за утврдување ризик за нови имиња, и подготовки за нови пријави во различни јурисдикции, а притоа, секако, со одржување и со заштита на постојните регистрации и обнови.

**МЕНАЏИРАЊЕ СО ПОРТФОЛИОТО НА ТРГОВСКИ МАРКИ**




Во 2023 година регистриравме прва трговска марка на територија од Обединетите Арапски Емирати, со што го прошируваме портфолиото на трговски марки од АЛКАЛОИД во повеќе нови територии.

Изминатата година регистриравме 9 нови трговски марки пред Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (централизирана канцеларија со чија заштита се опфаќаат териториите на сите земји членки на Европската Унија) со што АЛКАЛОИД е меѓу првите македонски компании носители на повеќе права на ЕУТМ.

Во знак на 45 годишнината од постоење на брендот Becutan, во 2023 година иницираме проширување на заштита на трговската марка во речиси 15 нови земји меѓу кои Австралија, Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Кина и Египет. Целта на ова проширување е да се добие еден глобално препознатлив бренд кој ќе гарантира за безбедноста и квалитетот од производите на повеќе континенти.

Becutan

Нашите umbrella brands заземаат значајно место во рамките на портфолиото и ним им посветуваме посебно внимание во пристапот за одржување и за заштита, како и за планирање нови пазари и производи кои би ги покривале (во табелата се дадени дел од поголемите брендови).

| Umbrella brand | Број на земји | Број на трговски марки |
|---|---|---|
| ALKALOID – Company brand | 108 | 330 |
| BECUTAN | 50 | 600 |
| BECUTAN KIDS VITS | 34 | 57 |
| CAFFETIN | 26 | 143 |
| GATTART & Gastro Guard | 38 | 58 |
| BlokMAX | 14 | 41 |
| Multi Essence | 35 | 32 |
| SATTWA | 9 | 31 |
| GOOD NATURE | 11 | 58 |
| Medical | 1 | 6 |
| GLOSS | 2 | 63 |
| Young Derm | 7 | 16 |
| BLACK UP | 7 | 24 |

Во насока на поддршка од АЛКАЛОИД за македонскиот спорт, преку основање на ракометните клубови АЛКАЛОИД и МУЛТИ ЕСЕНС, стекнавме заштита на логоата кои гордо ги носат овие тимови.

Како дел од нашата посветеност за усогласеност со правата на интелектуалната сопственост и одговорното користење на интелектуалните творби, минатата година одделението Портфолио и Правна интелектуална сопственост ја зацврсти стратегијата за стекнување лиценци за авторски права.

Оваа иницијатива се усогласува со нашите пошироки цели за корпоративна одговорност и ја одразува нашата посветеност на етичките деловни практики.

Менаџирањето на портфолиото на трговски марки, индустриски дизајни и авторски права ни е приоритет, при што нашиот фокус е насочен спрема тоа да осигуриме дека ги имаме најдобрите луѓе, најдобрите алатки и најдобрата стратегија за менаџирање, одржување и за заштита на нашето портфолио. Посветуваме внимание на едуцирањето кадар, следењето на најновите технологии во сферата на правото и на AI, на истражувањето на најдобрите стратегии и сл.

Како примарно софтверско решение, одделението Портфолио и Правна интелектуална сопственост го употребува софтверот за менаџирање на ИС *Патриција*, производ на *Patrix IP helpware*, и постојано го надградува, со цел подобрување на сите процеси и активности поврзани со ИС.

Продолжуваме со употреба на платформата CompuMark како софтверска алатка за детални податоци за TM, со помош на која се утврдува потенцијалниот ризик на постојните брендови и трговски марки, како и степенот на ризик за нови пријави на трговски марки, со што се овозможува побрзо лансирање на нови производи.

Свесни сме дека вредноста на портфолиото на трговски марки ги вклучува довербата и лојалноста на потрошувачите, имиџот на брендот и репутацијата. Поради тоа, продолжуваме со имплементирање на стратегијата за заштита на брендовите преку користење *TM Watch*, континуирано следење на потенцијалните повреди, со што се овозможува навремено преземање активности за заштита на нашите брендови, а со тоа и за зголемување на нивната вредност.

Нашиот фокус продолжува да биде во насока на тоа да ги следиме трендовите на пазарот и да ја развиваме нашата стратегија за ИС, за најдоборо да го следи растењето на бизнисот.

# Акционерство

**Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.**

| ПАЗАРЕН СЕГМЕНТ: | БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА – ОБИЧНИ АКЦИИ |
|---|---|
| ISIN | MKALKA101011 |
| Шифра на ХВ | ALK |

Основната главнина на АЛКАЛОИД се состои од 1.431.353 акции со номинална вредност од 25,56 ЕУР од акција или вкупен износ од 36.585.382,68 ЕУР. Заклучно со 31.12.2023 година АЛКАЛОИД АД Скопје има 5.487 акционери. Акциите се слободно преносливи. За акционери се сметаат сите лица запишани во акционерската книга, која, во согласност со законската регулатива, се води во Централниот депозитар за хартии од вредност. Акционерите под еднакви услови имаат еднаква положба во друштвото. Секој акционер има право на еден глас во Собранието на друштвото – по еден за секоја обична акција, како и право на исплата на дивиденда.

Од акциите 99,7 % (1.428.125) се обични акции, од кои 59 се резервирани за поранешни сопственици, додека, пак, 0,23 % (3.228) се приоритетни акции, исто така, резервирани за поранешни сопственици, кои треба да докажат право на сопственост над имот кој сега е во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Обичните акции им даваат на сопствениците право на:

1. глас во Собранието на друштвото;
2. исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно од стечајната маса на друштвото.

Акциите на АЛКАЛОИД се едни од најтргуваните и најликвидните акции во текот на 2023 година, споредстатистичките извештаи на „Македонска берза“ АД Скопје. Направени се 2.106 трансакции, а истргувани се 28.864 акции во вредност од 513,5 милиони денари.

Како една од водечките акции на Македонската берза, акцијата на АЛКАЛОИД учествуваше со 18,67 % во прометот на официјалниот пазар во 2023 година. Цената на акцијата се движеше од 17.199,00 денари до 18.500,00 денари, со просечна цена од 17.781,93 денари од акција, што претставува раст од 1,8 % во споредба со просечната цена на акцијата во 2022 година.

## Дивиденда

АЛКАЛОИД АД Скопје редовно исплаќа дивиденда на годишно ниво од 1995 година, кога компанијата беше реструктуирана.

Исплатената нето-дивиденда од акција во последните три години:

| 2020 | 2021 | 2022 |
|---:|---:|---:|
| 360.00 денари +11,1 % | 396.00 денари +10,0 % | 441.00 денари +11,4 % |

# Интегриран менаџмент - систем и квалитет

## Квалитет

АЛКАЛОИД АД Скопје има сеопфатно дизајниран и коректно применет интегриран менаџмент-систем (ИМС), кој ги применува барањата на cGxP, ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018, на ISO 13485:2016, ISO 22716:2007, FSSC 22000, HACCP и на HALAL.

Главната цел на ИМС е да потврди дека АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано произведува производи со највисоко ниво на квалитет, безбедност и на ефикасност, кои ги задоволуваат барањата на нашите потрошувачи, релевантните законски барања, како и барањата на применетите интернационални стандарди и водичи.

Високото раководство, преку одговорноста и посветеноста кон исполнувањето на оваа цел, како и преку ефектното лидерство и промоцијата на соодветната култура на квалитет, охрабрува активно учество и правилно однесување на целокупниот персонал на сите нивоа во компанијата, со крајна цел континуирано подобрување на ИМС.

Нашата стратегија за квалитет се фокусира на усогласеноста со принципите на добрите пракси (cGxP) и регулативи кои го дефинираат квалитетот на нашите производи од фармацијата, хемијата, козметиката и од билкарството, предводени од процесниот пристап на циклусот PDCA (планирај–направи–провери–дејствувај), со цел континуирано подобрување на нашите производи, процеси и услуги, ИМС и на задоволството на корисниците.

ИМС континуирано се преиспитува од раководството на годишно ниво, преку КПИ (клучни индикатори на перформансите) и преку состаноците за квалитет, како и преку интерните проверки/самоинспекции со утврдување на можностите за континуирано подобрување на производите, процесите и на системот.

Ефектноста и усогласеноста на ИМС се потврдуваат од екстерни инспекции и преку проверки од регулаторни институции, сертификациски тела, нотификациско тело и од нашите партнери.

Во 2023 г. се извршени 18 аудити/инспекции на АЛКАЛОИД АД Скопје:

- Успешно завршени 2 инспекции за сообразност со начелата на добрата производствена пракса (GMP) за Евроазиската унија за двата локалитети на ПЦ Фармација за АЛКАЛОИД АД Скопје, бул. „Алексанадар Македонски“ бр. 12 и бул. „Партизански одреди“ бр. 98А, од ГИЛС и од НП со што се обновени GMP-сертификатите, кои се со важност до 10.2026 година.
- Успешно завршени 2 инспекции од МАЛМЕД – една за обнова на сертификатот за ДПП за погонот за производство на активни компоненти и за обнова на производствената дозвола за производство на фармацевтски суровини.
- Успешно завршена инспекција од косовската агенција KMA за обнова на сертификатот за GMP.
- Успешно завршени 6 проверки од сертификациски тела – 3 проверки од Quality Austria и една проверка од нотификациското тело DEKRA, Contol Union Certification (C.U.C.), Pro- Cert.
  Во 2023 година АЛКАЛОИД АД Скопје за првпат го доби сертификатот за усогласеност со барањата на стандардот ISO 22716, добра производствена пракса за козметички производи.
- Исто така, капитално поврзаното друштво Alk&Kos Pharmaceuticals за првпат се здоби со сертификатот за усогласеност со квалитет ISO 9001.
- Успешно завршени 6 аудити од партнери: Novartis, Umsebe, Certipharm, Aflofarm, Terapia и Lactalis.
- Успешно завршена една проверка од Bluepharma за GMP во R&D и од Clinical Unit.

Корпоративната функција на Обезбедување квалитет се одвиваше тековно во 2023 година, преку примена на корпоративните ОК-политики, континуирани обуки и преку интерни проверки на системите за квалитет во подружниците/капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД, со цел натамошно усогласување на интегрираниот менаџмент-систем и на процесите за обезбедување квалитет.

# Безбедност и здравје при работа

Грижата за вработените и постојаното унапредување на условите за работа се едни од клучните одржливи стратешки цели на компанијата. За да се постигнат овие цели, фокусот е на изградба на безбедна и здрава работна средина за сите вработени, изведувачи и посетители. Системот за управување со безбедност и здравје при работа, како и примената на највисоките стандарди се вградени во изведувањето на секојдневните операции и активности.

Континуирано вложуваме во унапредување, осовременување и во примена на етаблирани светски практики кои имаат цел превенција, намалување и отстранување на ризиците на секое работно место.

Основата што ги води сите заинтересирани страни кон постигнување на посакуваните резултати е одговорен и посветен пристап. Независно од позицијата во компанијата, сите заинтересирани страни активно учествуваат во овој пристап и заеднички придонесуваат во градењето безбедносна свест и култура, која е основа за безбедна и здрава работна средина.

Доказ за нашата посветеност е и добиената Национална награда за компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа 2023, реализирана во организација на Советот за БЗР, а со поддршка од Министерството за труд и социјална политика.

## Усогласеност со законската регулатива

Воспоставениот систем за управување со безбедност и здравје при работа е целосно усогласен со важечката национална регулатива, како и со барањата на имплементираните стандарди. Резултатите од неговите перформанси, како и реализацијата на поставените годишни цели и на клучните мерни индикатори за 2023 година се претставени во ESG-извештајот во точка IV *Општествени прашања.*

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Животна средина

Климатските промени влијаат врз сите нас и претставуваат најголемиот предизвик со кој ќе се соочи човештвото во иднина. АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална корпоративна општествено одговорна компанија која е посветена на создавањето одржлива иднина преку исполнување на стратегијата која е заснована на целите за одржлив развој на Обединетите нации.

Нашата посветеност за одржлива индустриска практика, одржлив дизајн, еколошка едукација, за циркуларна економија, обновлива енергија и за одржлив развој претставува глобална визија на врвното раководство и стратешко позиционирање на компанијата за создавање одржлива иднина.

Стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставена преку примена и преку негување на воспоставената практика за управување со аспектите на животната средина, тимската работа и на несебичното вложување на секој вработен за градење одржлив систем за управување со животната средина, создавање одржлива еколошка вредност на компанијата и за здрава животна средина за сите нас.

При сите наши активности настојуваме да ги подобриме перформансите за заштита на животната средина првенствено преку:

- производство на сопствена енергија од обновливи извори;
- промовирање на енергетската ефикасност во сите активности и процеси;
- континуирана примена на добрата пракса за управување со отпадот;
- избегнување, намалување, повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- инкорпорирање одржлив пристап во развојот на производите;
- следење и практична примена на најновите иновации во областа на:
  - енергетската ефикасност,
  - управувањето со јаглеродниот отпечаток,
  - управувањето со водните ресурси,
  - управувањето со отпадот,
  - производствените системи,
  - одржливиот транспорт;
- следење и практична примена на најновите иновации за подобро постигнување климатска неутралност.

Деловната стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје е насочена кон создавање поздрава животна средина за заедницата, нешто што го постигнуваме преку одржување на системот за управување со животната средина како дел од интегрираниот менаџмент-систем, преку поставување одржливи цели за животната средина, преку клучни мерни индикатори и преку воспоставување на GRI-стандардите како рамка на ESG-известувањето.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Систем за управување со животната средина

Системот за управување со животната средина е во согласност со меѓународниот стандард ISO 14001:2015 и е воспоставен во сите организациски единици на АЛКАЛОИД АД Скопје: АЛКАЛОИД КОНС, АЛКАЛОИД ДОО Белград и АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград. Системот за управување со животната средина е дел од интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД АД Скопје.
Клучните елементи на системот за управување со животната средина се прикажани на сликата.




## Законски и други барања

Законските и подзаконските акти што се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина континуирано се следат, во согласност со Процедурата за законски и други барања, за следење и за усогласеност – животна средина и БЗР QGP000078/в.в.

Засегнатите организациски единици во рамките на компанијата континуирано се известуваат за промените и за последните барања на законската регулатива.

Одговорните лица од Обезбедување квалитет – Екологија го следат и го проверуваат спроведувањето на законските барања и им даваат поддршка на засегнатите организациски единици, со цел исполнување на законските барања.

## Аспекти врз животната средина

Аспектите претставуваат елементи на активностите на компанијата или на производите или услугите кои се или кои може да бидат во интеракција со животната средина.

**Еколошкиот мастер план** претставува документирана информација во која е пропишан процесот на идентификација, оценување, контрола и на дефинирање соодветни мерки за намалување на негативното влијание врз животната средина.

# Мониторинг на влијанијата врз животната средина

**Мониторинг** врз животната средина вклучува систематизирани мерења, следења и контрола на состојбите, квалитетот и на промените на медиумите или на областите на животната средина.

**Влијанието** на животната средина е промена на животната средина, без разлика дали е негативна или позитивна, која целосно или делумно потекнува од аспектите на животната средина на компанијата.

**Медиуми** на животната средина се водата, воздухот и почвата.

**Области** на животната средина се природата, отпадот, бучавата, вибрациите, јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење, климата, миризбата и сите други елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Повеќе може да прочитате во
ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Инциденти во животната средина

**Инцидентот** претставува настан кој е причина за појава на ризик, потенцијално загадување, хаварија и на штета во животната средина.

Во случај на појава на вонредни ситуации, хаварии и на инциденти со потенцијално влијание врз животната средина, се постапува во согласност со Процедурата за реагирање и за постапување со аспектите на животната средина при хаварии или при вонредни ситуации QG-P00000081/в.в. и со СОП за истрага на инциденти со потенцијално влијание врз животната средина SOP002608/в.в.

Изработени се планови за постапување со аспектите на животната средина во случај на појава на хаварија или на вонредна состојба FORM003199/в.в., како и список на клучен персонал за реагирање и за постапување со аспектите на животната средина FORM003200/в.в., кои засегнатите ОЕ го изложуваат како јавно достапна информација за да може сите лица да имаат лесен пристап до овие информации, како насочување за тоа како да постапат доколку се појави каква било вонредна ситуација, хаварија или инцидент со потенцијално влијание врз животната средина.

# Управување со отпадот

Отпад е секоја материја или предмет што создавачот/поседувачот го отфрла, има намера да го отфрли или од него се бара да го отфрли.

Со отпадот што се создава во текот на работата во сите организациски единици, тимот на Обезбедување квалитет – Екологија постапува во согласност со Процедурата за управување со отпад QGP00000038/в.в., како и со дополнителните постапки за отпад.

Управителот за отпад изготвува програма за управување со отпадот за период од три години FORM003754/в.в на ниво на АЛКАЛОИД АД Скопје. Програмата за управување со отпадот ја одобрува раководното лице на Обезбедување квалитет и се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање.

При управувањето со отпадот постојано се соработува со надворешни компании кои имаат овластување, т. е. дозвола за транспорт, складирање и за постапување со отпад издадена од стручниот орган од МЖСПП.

## Интерни и екстерни засегнати страни

Со цел исполнување на барањата пропишани со законската регулатива, тимот на Обезбедување квалитет – Екологија има обврска и задача да пополни одредени обрасци, кои се дефинирани со законските и со подзаконските акти, како што се:

- дневник на емисии во воздухот, кој се доставува до МЖСПП;
- годишен извештај за отпадот, кој се доставува до МЖСПП;
- катастер на емисии во животната средина, кој се доставува до МЖСПП;
- инвестиции во заштитата на животната средина, што се доставува до Државниот завод за статистика;
- статистика на отпадот, која се доставува до Државниот завод за статистика;
- катастер на загадувачи на територијата на општина Гази Баба, кој се доставува до Општина Гази Баба;
- квартални извештаи за посебните текови на отпадот (пакување, батерии, акумулатори, електрична и електронска опрема, отпадни масла), кои се доставуваат до соодветниот колективен постапувач.

## Обврска во согласност со интегрираните еколошки дозволи А и со елаборатите за заштита на животната средина

Тимот на Обезбедување квалитет – Екологија ги следи пропишаните барања во интегрираните еколошки дозволи А (кои се однесуваат на ПЦ Фармација Автокоманда, ПЦ Фармација Ѓорче Петров и на ПЦ ХКБ програма Хемија) и во елаборатите за заштита на животната средина (ПЦ ХКБ програма Билка, програма Козметика и одморалиште во Стар Дојран), според кои постапува. За секоја измината година тимот на Обезбедување квалитет – Екологија изготвува годишен извештај, кој го доставува до надлежниот орган, односно МЖСПП најдоцна до 31.3., во согласност со барањата на законската регулатива.
Годишниот извештај содржи детални информации за извршените активности кои ги спровела компанијата во областа на животната средина.

## Континуирани подобрувања и развојни проекти

Врз основа на дефинираните цели и КПИ за животна средина се поставува стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје во однос на животната средина. Одговорните лица од засегнатите служби/оддели ги каскадираат целите за животната средина во процесите. Врз основа на стратешкото планирање, исполнувањето на поставените цели и на КПИ на сите организациски единици од областа на заштитата на животната средина се иницираат проекти, при што се вклучува мултидисциплинарен тим од сите засегнати страни.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Бизнис-опкружување и иден развој

# Фармација

## Свет на постојани промени

По кризата со COVID 19, која имаше огромно влијание во 2020 и во 2021 година, се појавија глобални безбедносни ризици кои не нè поштедија од непријатности и имаа влијание врз глобалната економија во 2022 и 2023 година. Светот и натаму се соочуваше со голема инфлација, а во последниот квартал започна уште еден голем конфликт на Блискиот Исток, кој донесе дополнителна несигурност поради сите можни натамошни сценарија, но и глобално ги дозатегна веќе напрегнатите односи меѓу големите сили. Тоа, несомнено, влијае врз глобалниот бизнис, а ние како компанија со операции во повеќе од 15 земји и со продажба на производите во повеќе од 50 пазари во светот успеавме да испорачаме раст и да докажеме дека, и покрај сите кризи, „Алкалоид“ има капацитет да се фокусира онаму каде што е најјак и да испорача резултат.

„Алкалоид“ успеа да постигне двоцифрен раст на продажбите во 2023 година од пет клучни причини:

i. раст на нашиот бизнис во најголемите пазари поради конкурентноста на нашите локални бизнис-операции;
ii. раст на нашиот брендиран антибиотски бизнис, со тоа што станавме еден од најголемите производители на цефалоспорини во Европа;
iii. капацитетот на компанијата да отвора свои подружници на нови територии и успешно да гради квалитетни тимови кои испорачуваат резултати, како што беше случајот со Романија во 2023 г., каде што се удвоија продажбите во однос на 2022 г. кога работевме со локални партнери;
iv. капацитетот да го растеме нашето портфолио и да ги пополнуваме сегментите во кои не сме присутни преку лиценцирање, но и капацитетот на компанијата да продолжи да расте и во сегментот business-to-business и да биде партнер од избор на голем број компании низ светот;
v. инвестирањето во сопствениот развој на генерички производи, но и на производи со додадена вредност, како и инвестирањето во нашите производствени капацитети за да можеме да ги задоволиме растечките обеми.

За сите горенаведени активности се потребни луѓе. Сите наши потрошувачи се луѓе, сите медицински соработници се луѓе, па оттука највжна инвестиција за „Алкалоид“ е инвестицијата во човечкиот капитал. Како порано така и сега, а и во иднина „Алкалоид“ ќе се стреми да го има најдобриот кадар во Република Северна Македонија и во регионот, за да биде работодавец од избор за најспособниот кадар, затоа што луѓето ја прават компанијата.

# Нашиот развој во иднина

Заради што побрза утилизација на новите производствени капацитети на компанијата и заради поддршка на идниот деловен раст, нашето истражување и развој мора да го максимизира креирањето на нови генерички производи. Постојано инвестираме во нови знаења и во најдобрите практики од врвните експерти за истражување и развој и за зголемување на техничките и на процесните знаење на нашите експерти за истражување и развој. Постојано ги подобруваме процесите, вклучително и со користење на концептот QbD (Quality by Design) за развој на нови формулации и за воведување нови софтвери и алатки за пократки временски рокови при реализација на проектите, вклучувајќи ги иницијативата и чекорите за воведување на пристапот на процесна аналитичка технологија (Process Analytical Technology PAT).

Со задоволство можеме да заклучиме дека порастот на нашето генеричко производство од истражување и развој го следи растот на компанијата во последните пет години. Стапката на нашето идно петгодишно (2023 – 2027) генеричко производство од истражување и развој треба да се удвои во споредба со претходните пет години (2017 – 2022). Овие очекувања се реални и се засноваат на постојаниот раст на кадарот и на воведувањето нови ресурси од типот на опрема и технологија, како што се инвестицијата во нова опрема за истражувачки цели и пилот-опремата за производство.

Добиени се првата маркетинг-авторизација и првиот европски патент на нашиот прв лек со додадена вредност (VAM) и остварено е неговото лансирање кон крајот на минатата година во Обединетото Кралство. Исто така, развиваме и нови производи со додадена вредност, покрај вообичаените генерички производи. Последнава година активно се работи на развој на дозирани фармацевтски форми кои за првпат се воведуваат во портфолиото на „Алкалоид“ АД, двослојни таблети (bilayer) и на ородисперзибилни таблети (ODTs).

# Нашите инвестиции во истражување и развој



# Хемија, козметика, билка

2023 година ја одбележа инфлаторниот пат кој започна во 2022 година и во текот на целата година бевме сведоци на нестабилни цени на суровините и амбалажата, како и на другите трошоци.

Растот во одделот Козметика го одбележаа претежно зголемените нивоа на производство во одделот за влажни марамчиња, иако речиси сите други производи имаа доминантно зголемување на продажбата и ги исполнија очекувањата.

Becutan, водечкиот бренд во овој сегмент, и еден од лидерите на пазарот за детска нега на пазарите во поранешна Југославија, ја прослави својата 45-годишнина и покажа извонредно ниво на раст и издржливост и покрај зголемената регионална и глобална конкуренција и падот на наталитетот на сите пазари.

Одделот Хемија имаше пад на продажбата во однос на 2022 година, одбележан со пониски влезни цени на некои суровини во 2023 година во споредба со 2022 година, како и намалени нарачки од традиционалните извозни партнери во текот на годината.

Одделот Билка, забележа стабилна продажба на домашниот пазар, на исто ниво со претходната година, но 2023 година ја одбележа помала продажба на извозните пазари поради помалите нарачки од традиционалните извозни партнери.

Евидентниот пад на продажбата во Одделите Хемија и Билка, го надомести зголемената продажбата во одделот Козметика. И покрај таквата состојба на пазарот, Алкалоид ја задржа стабилната позиција и ги повтори минатогодишните бројки на продажба во Хемија, Козметика и Билка.

# Снабдување

Годината 2023 започна со очекувања за закрепнување и за нормализација на светската економија и на синџирот за снабдување од последиците од неколкугодишната пандемија и од кризните ситуации на глобално ниво.

Периодот се карактеризираше со стабилизирање на цените на енергенсите, со намалување на периодот на испорака на материјалите, како и со трендот на намалување на нивните набавни цени. Овој позитивен тренд продолжи заклучно со почетокот на третиот квартал.

Следењето и анализата на тековната состојба, како и оперативните ризици за испорака и за движење на цените се одвиваше континуирано во текот на годината. Континуирано се преземаа мерки соодветни на настанатите промени од аспект на намалување на цените на материјалите, на роковите на испорака и на елиминирање на потенцијалните ризици.

Во текот на сиот кризен период немаше последици врз нашиот производствен процес благодарение на преземените активности, искуството на вработените и на брзото приспособување на новонастанатите глобални услови на светските пазари. Искуството добиено во овој исклучително тежок период во деловното работење го согледавме како предизвик и го искористивме во насока на подобрување на работниот процес и на вештините на секој од вработените.

Одредени сигнали за зголемување на цените на материјалите се појавија како резултат на инфлацијата и на недостигот од работна сила во текот на третиот квартал, со тенденција за продолжување и во 2024 год. Тоа придонесе за зголемување на трошокот за плати на вработените, повеќе забележително кај странските компании, што предизвика одредено зголемување на цената на материјалите.

За издвојување е континуираната заложба на компанијата за подобрување на клучните перформансни индикатори, поголема инклузивност во реализацијата на компаниската ESG-стратегија, пронаоѓање алтернативни добавувачи, како и за контрола и за подобро менаџирање со залихите на материјалите.

Во текот на 2023 г. во четирите погонски целини и во нивните магацини беа извршени приближно 17.500 операции за прием на репроматеријали од сите типови и групи на материјали или нешто помалку од 730 мил. единици влезен производ.

Од нив приближно 330 мил. од типот суровини за производство, 370 мил. амбалажни единици, 17 мил. готов производ и приближно 4,5 мил. единици резервни делови, машини и друга опрема.

## Магацинско работење

Во годината која измина во магацините на „Алкалоид“ АД Скопје се преземаа сериозни мерки за реорганизација на капацитетите, усовршување на условите за магацинско работење и за примена на светските стандарди на управување со залихи.

Во моментов „Алкалоид“ АД Скопје располага со нешто повеќе од 30.000 палетни места на сите локалитети во Скопје, од кои 80 % се со контролирани услови на складирање, со потенцијал за зголемување на бројот на палетни места за потребите на компанијата за извозот за уште 10.000 во текот на 2024 година, следејќи ги капацитетите на производството.

Во поглед на исполнувањето на клучните индикатори на перформансите, главниот фокус и предизвик на магацинското работење се обезбедувањето точни и навремени испораки за нашите купувачи, со 99,9 % точност; беспрекорното одржување на залихите и нивно менаџирање; обезбедувањето модерни и безбедни услови за работа, како и континуираното оптимизирање на капацитетите и на процесите преку воведување современи техники и опрема, во согласност со потребите на стандардите за безбедност и здравје при работа, ЕСГ-стратегијата на компанијата и на барањата на меѓународните стандарди во таа област.

# Транспорт

Во 2023 година порастот на трошоците за транспорт, најавите за подолги рокови на испорака, одложените рокови, доцнењето на испораките, воените кризи, блокадите и промените во транспортните рути како предизвици бараа значително вложување и посветеност за оптимизирање на ризиците. Компанијата, и покрај сите тековни предизвици, и во изминатата 2023 година, благодарение на тимскиот напор, како и на поддршката од своите надворешни соработници, успеа во пресретнувањето и во избегнувањето поголеми негативни ефекти врз тековното оперативно работење.

За овие потреби биле ангажирани 12.778 возила од различни транспортни типови, од кои 61 % од сите користени возила за таа цел се возила во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје. Од вкупниот број на ангажирани возила само 3 % се нецелосно искористени според својот волумен/капацитет. Од сите ангажирани возила (во сопственост на АЛКАЛОИД АД и возила од посредници) 97 % биле навремени товарења, а 94 % од нив биле навремени истовари или испораки.

# Сервис

Во согласност со годишниот план за одржување во текот на 2023 година, покрај редовните активности, превентивното и тековното одржување на производствената опрема и на опремата за поддршка на производството, инфраструктурата и обезбедувањето квалитет на мерната опрема, се реализираа и бројни проекти за зголемување на производствените капацитети на АЛКАЛОИД.

Нашите вработени учествуваа во избор на планираната опрема како и во реализација на голем број проекти, во соработка со бројни странски партнери како Glatt Maschinen & Apparatebau AG, CH, Gebrüder Lödige, GmbH, DE, GEA Pharma Systems Ltd. UK, Alexanderwerk GmbH, DE, DeLama Spa, Italy, Romaco Group и други, стекнувајќи значајни искуства.

Како една од најважните заложби на компанијата, безбедноста и заштитата на животната средина, како и зачувувањето на енергетските ресурси, се имплементирани со конкретни активности на сите локалитети на компанијата.

# Инвестиции

Изминатата 2023 година беше исполнета со многу предизвици: нестабилни цени на суровините, пад на индустриското производство во регионот, раст на инфлацијата и покачување на каматните стапки. Сепак, АЛКАЛОИД АД продолжи истрајно да инвестира и заокружи еден започнат инвестициски циклус. Потврда за тоа е и признанието кое го доби АЛКАЛОИД АД за најголем инвеститор во земјите на Западен Балкан за изминатите пет години од регионалниот Коморски форум.

Големите инвестициски проекти не се ограничени со календарскиот крај на годините, туку имаат својата динамика на реализација, која трае повеќе години. Притоа, инвестициските активности многу често се одвиваат во непосредна близина на постојните производствени одделенија, водејќи сметка да не се нарушат континуитетот и безбедноста на квалитетот на работењето.

Накратко е даден осврт на инвестициите во изминатата година, поделени тематски.

## Унапредување на технолошките процеси, зголемување на капацитетите, нови производствени погони и лаборатории

За да се обезбедат услови за континуиран раст на продажбите и за пласман на пазарите, во 2023 година се заврши изведбата на два големи инвестициски проекти. Првиот, **ново одделение за производство на цврсти форми 2**, претставува исклучително значаен, капитален инвестициски проект. Со ова одделение се овозможи значајна диверзификација на производите и се овозможија услови за неколкукратно зголемување на капацитетот на производството на цврсти форми. Во текот на 2021 година се работеше на подготовка на проектната документација со надворешна проектантска куќа, а во 2022 г. започна реализацијата на 2.100 м2 чисти простории, во целост според највисоките стандарди и барања за фармацевтско производство и според законските регулативи на ЕУ, како и во согласност со GMP-прописите (Good Manufacturing Practice). Опремувањето на просторот со технолошка опрема се одвива постепено. Во текот на 2023 г., со очекувани доиспораки на производствената опрема во првиот квартал од 2024 година, ќе се комплетира една технолошка целина составена од две технолошки линии за влажна гранулација, три опреми за мешање и за хомогенизирање, од две машина за таблетирање, една машина за обложување и од машина за перење на процесните садови и буриња. Потоа ќе се изврши целосно опремување на меѓулабораторијата за процесна контрола, на просториите за складирање и на другите простории со друга ситна опрема.

Со надградбата на објектот и со внатрешното оформување и опремување на новите производствени погони за производство и за пакување цврсти фармацевтски форми, кои се реализира во последните пет години, се заокружи една од најзначајните производствени целини во компанијата. На тој начин се обезбедува неопходниот предуслов за раст на обемот на вкупните продажби на компанијата.

Паралелно е завршен и вториот голем проект, изградба на **нов објект во Производство фармација со намена за централни гардероби**, решение со кое се обезбедуваат повеќе од 900 гардеробни места за вработените во делот за производство на фармацевтски производи.

Централните гардероби ја претставуваат првата алка во синџирот на усогласување на производствените услови со GMP-прописите. Првиот чекор при влез на вработените и на посетителите во одделенијата за производство на лекови започнува во централните гардероби. Комплексноста на овој објект произлегува од концептот тој да биде во функционална поврзаност со производствените одделенија, организирани на различни катови во двата соседни производствени објекти. Притоа, треба да се води сметка и да се избегне контаминација при движење на вработените, а индиректно и на секој сегмент на производството, што е основа на стандардите за фармацевтско производство. Покрај подобрените работни услови, вработените во Производство добија и свој мини простор за одмор и за пауза.

Објектот се протега на подрум, приземје и на 4 ката со технички катови над секој кат и ги обезбедува неопходните придружни содржини целосно усогласени со барањата на растечките производствени капацитети.

Континуираното зголемување на производствените капацитети неминовно ја наметнува потребата од зголемување на магацинските простории. Во изминатиот период тимот на Инвестиции учествуваше во изработката на идејни решенија и во реализацијата на сите потребни активности за избор на опрема и на изведувачи на работата за потребите на новиот outsourcing магацин за готов призвод, со што се обезбедени дополнителни 11.000 палетни места. Новиот магацин претставува современо и безбедно решение и е изведен во согласност со препораките на добрата производствена пракса за магацинско работење, законските прописи за чување фармацевтски производи и со директивите на системот за обезбедување квалитет.

АЛКАЛОИД АД во 2023 година го заврши започнатиот циклус на осовременување на постојните лабораториски капацитети во ПЦ ХКБ. За таа цел, почнувајќи од 2021, па сè до крајот на 2023 година се одвиваше целосна **реконструкција и опремување на Институтот за контрола на квалитет и за развој – ПЦ Хемија**, како и изведба на нова **микробиолошка лабораторија за потребите на ПЦ ХКБ во рамките на истиот објект.** Притоа, извршена е градежна, термотехничка и електрореконструкција на просторот, со површина од околу 1000 м² и снабдени се нов лабораториски мебел и опрема, инвестиција која значи напредок во работењето за целата организациска групација ПЦ Хемија, козметика и билка. Со завршувањето на делот наменет за контролна лабораторија – хемија во 2023 година сиот објект добива осовременета содржина комплетирана со нова опрема.

Минатата година се изврши и внатрешна реорганизација и реновирање на објектот за производство **на фармацевтски суровини**, објект кој опстојува од 1984 година. Притоа се оформи и простор наменет за нова лабораторија за **процесна контрола и за технолошки развој**. Во лабораторијата се вршат активности за контрола на квалитетот на суровините и на производите, како и активности за развој на нови производи и за оптимизација на постојните процеси.

Во објектот за **производство на козметика** се реализираа повеќе активности потребни за исполнување на GMP-прописите и за добивање сертификат ISO 22716 за исполнување на упатствата на добрата производствена пракса за козметичка индустрија. Со тоа се потврди посветеноста на компанијата за заштита на квалитетот и на безбедноста на нашите козметички производи и влажни марамчиња.

Се заврши изведбата на нова **лабораторија за стабилност**, која е дел од лабораторијата за контрола на квалитетот.

Покрај наведените проекти, во текот на 2023 година беа спроведени голем број интервенции од помал обем, во насока на обезбедување нови производствени и работни простории, како и на подобрување на постојните работни услови.

## Инвестиции во задоволството на вработените како дел од компаниското начело „Луѓето пред сè“

Човечкиот капитал и задоволството на вработените, како приоритети за нашата компанија, беа предводник за реализација на повеќе инвестициски проекти од оваа сфера.

Колективниот успех, покрај континуитетот во работата, подразбира и квалитетно искористување на времето за одмор. На локалитетот во Автокоманда успешно се користи и новиот простор наменет за одмор и за пауза. На површина од 150 m2 е оформено и декорирано катче во кое секој вработен, во пријатна атмосфера, одговорно ќе може да го помине времето наменето за пауза. Во 2023 година реализирана е инвестициска активност со која и вработените во Производство козметика добија свој соодветен простор за исхрана и за одмор при користење на паузата.

Во 2023 г. се продолжи со реновирање на ресторантскиот простор на локалитетот во Автокоманда. Во согласност со деловните потреби за целосна, соодветна комуникација со надворешните посетители, завршени се редизајнирањето и реновирањето на ресторанот за гости, со посебен акцент врз соодветната климатизација и вентилација на просторот.

Континуирано се преземаат активности во насока на подобрување на постојните работни услови не само во производствениот дел, туку и во другите служби – реновирање и осовременување на канцеларискиот простор, сали за работа и за состаноци.

Паралелно со зголемувањето на бројот на вработени и на нивото на животниот стандард и на здравите животни навики постојано се зголемува и потребата од нови паркирни места за автомобили, велосипеди и за тротинети. Во 2023 година се изврши проширување, уредување и поплочување со бехатон-плочи на паркирниот простор за вработените на локалитетот во Ѓорче Петров, кој е дополнет и со нови паркирни места за електрични тротинети.

Вработените во АЛКАЛОИД АД континуирано добиваат подобри услови за безбедна работа, а компанијата покажува дека во сите сфери од функционирањето го остварува основното мото што се следи последните години – *Луѓето пред сè*.

## Животна средина, енергија и енергетска ефикасност

**Инвестициските активности во АЛКАЛОИД АД сè повеќе се фокусираат на прашањата поврзани со компаниската ESG-стратегија и со компаниските цели.** Еден од најголемите приоритети во деловната стратегија на компанијата е подигнување на општествената свест за заштита на животната средина. Во текот на 2023 година особено внимание им се посвети на инвестициските активности во насока на **грижа за водните ресурси**.

На локалитетот во Автокоманда се изведе нова **пречистителна станица наменета за објектот на Контрола на квалитет фармација**. Пречистителната станица е изведена на најсовремен начин за третирање на индустриски отпадни води, со целосен мониторинг на прочистената вода.

На локалитетот во Ѓорче Петров се започна со активност за поставување инструменти за континуирано набљудување на отпадната вода, што ќе послужи за преземање соодветни активности во идниот период. Активноста ќе продолжи и во наредните години поради обемноста на проектот, разновидноста на индустриите и поради големината на локалитетот.

Со цел рационализација на трошењето на водата за пиење, продолжуваат активностите за користење на бунарската вода за технолошки потреби. На два објекта се поставија преттретмани на бунарска вода со континуиран третман, која натаму се користи за технолошки потреби. Во согласност со дозволата за користење бунарска вода за технолошки потреби, бунарската вода ќе се користи и повторно ќе се враќа во почвата на сметка на заштедата на санитарната градска вода.

Континуираната грижа за енергијата како фундаментален аспект во секој процес, проект, производ и капацитет, особено нагласена во инвестициите во 2022 година, продолжи во иста насока и во 2023 година. Во рамките на инвестициските активности на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2023 година, во насока на **зголемување на сопственото производство на „зелена енергија“**, се продолжи со инсталирање фотонапонски панели. Откако во 2022 година беа набавени и инсталирани 2.697 фотонапонски панели, секој со моќност од 460 Wp, распоредени во 12 објекти на локалитетите во Ѓорче Петров и во Автокоманда, во 2023 година се комплетирани уште три нови фотонапонски централи со вкупна инсталирана моќност од 323 kWp, со што очекуваното годишно производство на електрична енергија би достигнало приближно 2.000 MWh, односно со потенцијална заштеда од 1.200 тони на годишното испуштање на $CO_2$ во атмосферата.

Инвестирањето во нови производствени капацитети, современа опрема, во изработка на квалитетни проекти, грижа за животната средина и во енергетска ефикасност останува примарна стратешка определба на АЛКАЛОИД АД и во периодот што следува.

Следењето на најновите трендови во индустријата и во производството на ценовно достапни, квалитетни, ефикасни и безбедни производи, кај кои заштитниот знак на АЛКАЛОИД АД е синоним за високото ниво на квалитет и на сигурност, е принцип кој е цврсто втемелен во корпоративната политика на компанијата. **Развојот на АЛКАЛОИД АД, почнувајќи од 2017 година, е осмислен со долгорочен, дваесетгодишен план за инвестициски активности, кој чекор по чекор се реализира секоја година со несмален ентузијазам и со посветеност.**

# Човечки ресурси

Нашата цврста посветеност за развој и за задржување на талентираните вработени, како и секоја година така и оваа беше клучна за унапредување на стратешките цели на компанијата.

Оваа година алкалоидовото семејство го збогативме со нови 230 члена во рамките на „Алкалоид“ АД Скопје. Во согласност со трендот на проширување на „Алкалоид“, интеграцијата на вработените во компанијата беше олесната со нова процедура за ориентација на нововработените, како и со претставување на Кодот на етичко и деловно однесување во сите наши претставништва и друштва.

Преку програмите за млади таленти (дуалното образование и практикантството) на „Алкалоид“ АД Скопје се оствариja одлични резултати. Од вкупниот број вработувања 20 % беа реализирани преку овие програми, од кои рекордно најголем број вработувања беа од Програмата за практикантство (29), а од првата генерација на парцијално дуалната паралелка се вработија 16 ученици. Дополнително, во 2023 година 53 практиканти беа дел од летното практикантство, а се отвори и нова (трета) парцијално дуална паралелка, која има најголем број запишани ученици (27). Исто така, како дел од Програмата за млади таленти, 447 студенти беа дел од развојните активности организирани од „Алкалоид“ АД Скопје, со цел поголема интеграција на студентите во реалните практични активности во компанијата. Преку овие проекти ние како компанија не само што ја зајакнуваме соработката со образовните институции туку и придонесуваме за постручна работна сила за фармацевтскиот сектор.

Системот за управување со таленти го проширивме во однос на бројот на вработени кои поставија цели во рамките на веќе вклучените оддели, додека, пак, процесот на оценување 180/360 беше делумно дигитализиран. Во 2023 година овој процес по вторпат се спроведе и во „Алкалоид“ ДОО Белград.

Во текот на 2023 година Одделот за човечки ресурси спроведе две истражувања за задоволството – едното во „Алкалоид“ АД Скопје, а другото во „Алкалоид“ ДОО Сараево. Двете истражувања беа спроведени по вторпат на овие пазари.

Од активностите што се презедоа во насока на грижа за нашите вработени континуирано се спроведуваше и Проектот за бенефиции за децата на вработените, преку кој 664 деца на вработени се пријавени во учебната 2023/2024 година.

За да се привлечат врвни таленти, нашиот оддел за човечки ресурси играше клучна улога во осмислувањето месечни маркетинг-објави, а дополнително учествувавме на три саеми за кариера, на кои на стратешки начин успешно го промовиравме брендот „Алкалоид“, поставувајќи го како најпосакуван работодавец.

# Обука и развој на вработените

Во 2023 година беа реализирани голем број интерни и екстерни обуки во насока на надградуваање и на унапредување на знаењата, вештините и на компетенциите на вработените. Просечно секој вработен поминал 116 часа обука, а просечниот износ на трошоците за обука од вработен изнесувал 9.167,89 денари. За нововработените колеги продолживме да ги организираме обуките во согласност со менторските и со развојните програми, кои ги следевме и ги ажурираврме во согласност со тековните потреби на компанијата.

# Програма за млади таленти – практикантство 2023 година

За 2023 година беа избрани 53 (педесет и тројца) практиканти, од кои 13 се со ССС, а 40 се со ВСС.




Во Програмата за практикантство во „Алкалоид“ АД Скопје за 2023 година беа вклучени следните образовни институции:

- Фармацевтски факултет, УКИМ
- Институт за хемија при ПМФ, УКИМ
- Институт за биологија при ПМФ, УКИМ
- Технолошко-металуршки факултет, УКИМ
- Медицински факултет, УКИМ
- ФЕИТ, УКИМ – КСИАР
- Машински факултет, УКИМ
- Факултет за медицински науки, УГД – Фармација
- СМУГС „д-р Панче Караѓозов“
- СУГС „Марија Кири Склодовска“
- СУГС „Владо Тасевски“

## Парцијално дуално образование

Преку Проектот за парцијално дуално образование на 71 талентиран  и амбициозен ученик од Средното медицинско училиште СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ му овозможуваме стекнување и практикување нови вештини во реални процеси во рамките на компанијата.

Вкупно 22 ученика од првата генерација (2021/2022) на парцијално дуалното образование успешно го завршија своето образование, а 16 од нив или 72,7 % одлучија да го продолжат својот кариерен пат во нашата компанија. Ова достигнување ја истакнува нашата посветеност за негување на младите таленти преку внимателно и структурирано нивно обучување и оспособување да ја почнат својата кариера со знаење и со самодоверба.

## Развојни активности во соработка со образовни институции

Преку Програмата за млади таленти во 2023 година инциравме соработка со образовни институции, но пред сè најголем акцент беше ставен врз соработката со Фармацевтскиот факултет. Дополнително, на одредени активности беа поканети студенти од Институтот за хемија при ПМФ, како и од Технолошко-металуршкиот факултет. Вкупно 447 студенти беа дел од развојните активности организирани од „Алкалоид“ АД Скопје. Најголем дел од развојните активности беа:

- реализација на вежби во Тренинг-лабораторијата на „Алкалоид“ АД Скопје за 159 студенти;
- реализација на посети во погони и во лаборатории, како и практична примена на секојдневните активности за 207 студенти;
- реализација на теоретски предавања со практични вежби и со примери за 81 студент.

## Спорт, здравје и добросостојба

Вкупно 552 наши вработени се натпреваруваа на Скопскиот маратон – на трката на 5 км 498 тркачи, на полумаратонската трка 52 натпреварувачи, а на маратонската трка 2 натпреварувачи.

Нашиот женски тим на трката од 5 км се пласираше на петтото место од вкупно 187 екипи, додека, пак, машкиот тим се пласираше на дваесеттото место од вкупно 180 екипи.

На полумаратонот женската екипа се пласираше на дваесеттото место, додека, пак, машкиот тим на осумнаесеттото место.
Оваа година „Алкалоид“ го доби  и пехарот за најбројна екипа на Маратонот.

# Грижа за вработените

Како општествено одговорна компанија која во континуитет се стреми кон воведување новитети во работењето и во делот на грижата за вработените, и оваа година, покрај Проектот за добредојде на нововработените, кој како пакет вклучува Прирачник за нововработени и Код за етичко и деловно однесување, како и брендирани производи, на пример мини нотес, пенкало, USB, врвка за легитимација, приврзок за клучеви и чаша за кафе/чај, кои се во духот на заживувањето на нашите клучни компаниски вредности, продолжува и Проектот за бенефиции за децата на вработените преку финансиска партиципација во износ од 1.150 денари од дете на вработен на месечно ниво, наменети за доедукација од областите на странските јазици, курсевите за компјутери и на спортските и рекреативните активности, како и на активностите од областа на науката и на културата, во текот на целата учебна година.

Позитивниот повратен одговор од вработените, вклучувајќи го и бројот на реализирани пријави, е доказ за успешниот тек на Проектот, преку кој уште еднаш ја претставуваме грижата за вработените и за идните генерации, за чиј развој и едукација се заложуваме.

Во првиот квартал од 2023 година, во март, компанијата на своите вработени им исплати регрес за годишен одмор во нето-износ од 36.500 денари и го продолжи доброволното приватно здравствено осигурување.

Во декември 2023 Управниот одбор по повод новогодишните и божиќни празници, одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во нето-износ од 34.000 денари.

# Регрутација и селекција

Процесот на регрутација и на селекција оваа година беше целосно дигитализиран преку успешна примена на новиот софтвер, почнувајќи од годишното планирање кадар, па сè до реализацијата на потребите од вработување и активното користење на новата интернет-апликација поставена на корпоративната веб-страница на „Алкалоид“.

Акцентот беше ставен врз привлекувањето таленти преку најразлични стратегии, како и врз зајакнувањето на брендот „Алкалоид“ со активно присуство на настани за кариера и за соработки со голем број образовни институции. Особено значајно е што оваа година „Алкалоид“ ја доби Наградата за најпосакувана македонска компанија за вработување по спроведената анкета од сајтот Vrabotuvanje.com.mk. Оваа награда е од големо значење за привлекување и за задржување на сè поголемиот одлив на работна сила надвор од нашата држава.

Изминатата 2023 година ја завршивме со следнава состојба на бројот на вработени:

**Состојба на бројот на вработени (31.12.2023 година)**

| ПЦ/ОЕ | Број на вработени |
|---|---|
| Фармација | 1157 |
| Хемија, Козметика, Билка | 283 |
| Корпоративни служби | 663 |
| **Вкупно АЛКАЛОИД АД Скопје** | **2103** |

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која континуирано вложува во унапредување на квалификациската структура на вработените. Убедени сме дека само образован и обучен кадар може да одговори на реализацијата на стратешките цели и определби на компанијата.

## Квалификациска структура на вработените во Алкалоид АД




Во однос на половата структура во АЛКАЛОИД АД Скопје состојбата е следна:

## Полова структура на вработени во Алкалоид АД




## Полова структура на раководни позиции во Алкалоид АД




Просечна возраст во структурата на нашите вработени

| | |
|---|---|
| **Просечна возраст во АЛКАЛОИД АД Скопје** | **38 години** |

Бројот на вработени во изминатите години бележи постојан раст.




Изминатата 2023 година ја завршуваме со 230 нови вработувања во „Алкалоид“ АД и во „Конс“ ДООЕЛ.

| **Нововработени во „Алкалоид“ АД по ПЦ/ОЕ** | **Број** |
|---|---|
| Фармација | 142 |
| Хемија, Козметика, Билка | 24 |
| Корпоративни служби | 64 |
| **Вкупно** | **230** |

Програмите за млади таленти се покажаа како ефикасен модул за привлекување и за вработување таленти. Вкупно 20 % од вработувањата за 2023 година се реализираа преку програмите за млади таленти, практикантство и за парцијално дуално образование.

**Вкупно 62 вработени заминале од компанијата на свое барање, со што процентот на одлив е даден подолу.**

| **Одлив на вработени (%)** | **3,05 %** |
|---|---|

# Одржлив развој

## Животна средина, општествени прашања и управување (Environmental Social Governance - ESG)

АЛКАЛОИД АД Скопје, како глобална компанија, секогаш работи во насока на следење и на примена на светските трендови за унапредување на доброто корпоративно управување и слободно можеме да истакнеме дека АЛКАЛОИД АД Скопје е пионер во промоцијата и во примената на светските трендови и стандарди за добро корпоративно управување во Република Северна Македонија.

Во 2022 година, водејќи се од императивот за подобрување на целокупните перформанси на компанијата, беше поставен стратешкиот императив и приоритет – примената на стандардите Environmental, Social and Governance (ESG) за интеграција и за известување. Целта успешно се реализираше. Како резултат на сите внатрешнокомпаниски активности кои беа преземени, на оформувањето ESG-одбор кој ја презеде одговорноста за воспоставување и за примена на ESG во компанијата, на носењето голем број внатрешни акти што го систематизираат работењето на сите сектори во согласност со ESG-барањата, на спроведувањето неколку истражувања преку кои се добија повратни информации од заинтересираните страни на компанијата (акционери, вработени, потрошувачи), во март 2023 се промовираше првиот компаниски ESG-извештај за 2022 година.

Како компанија, свесни за потребата од наше натамошно подобрување и од зајакнување на релациите со нашите партнери, регулаторните промени во ЕУ што следуваат во наредниот период беа причина во изминатата 2023 година да работиме на воведување нови процеси и нови аспекти во делот на ESG-известувањето. Меѓу другото, започнавме со процес на консолидација на ESG-извештајот преку започнување со собирање и со претставување на ESG-податоците од нашите претставништва и од капитално поврзаните друштва низ светот и преку воведување нови GRI-стандарди. Во јуни 2023 се реализираше активноста „Месец на ESG“ во АЛКАЛОИД АД Скопје, кампања преку која на сите вработени им беа претставени придобивките од примената на ESG-принципите во компанијата, а како дополнителна сатисфакција беше и унапредувањето на резултатот на групата АЛКАЛОИД на платформата за нефинансиско известување EcoVadis.

Ние како АЛКАЛОИД АД Скопје целосно ја прифаќаме нашата одговорност за креирање одржлива иднина. Преку примената на ESG во нашето работење и преку несебичната посветеност за преземање нови активности и инвестиции ќе овозможиме и натамошно задржување на нашите вработени и натамошно привлекување други таленти, ќе ја зголемиме нашата ефикасност во работењето и ќе продолжиме со зајакнување на довербата со нашите заинтересирани страни.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Единечен финансиски извештај за работењето

## КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Во 000 МКД | Износ 2023 | Износ 2022 | Индекс 23/22 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 12.765.496 | 11.564.455 | 110 |
| Продажби | 12.261.902 | 10.538.230 | 116 |
| Бруто-профит | 4.639.748 | 4.116.074 | 113 |
| Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (**ЕБИТДА**) | 2.572.486 | 2.381.036 | 108 |
| Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (**ЕБИТДА** маржа) (во %) | 21,0 | 22,6% | 93 |
| Оперативен профит | 1.684.062 | 1.549.398 | 109 |
| Профит пред оданочување | 1.651.839 | 1.533.128 | 108 |
| Нето-профит | 1.520.547 | 1.411.543 | 108 |
| Вкупно средства | 18.351.222 | 16.224.977 | 113 |
| Капитал | 13.510.179 | 12.230.770 | 110 |
| Нето паричен тек | 55.602 | - 205.093 | - |
| Вложувања во основни средства | 1.700.395 | 1.451.558 | 117 |
| Број на вработени | 2.103 | 1.975 | 106 |
| Продажби по вработен | 5.831 | 5.336 | 109 |
| | | | |
| Тековен коефициент | 1,88 | 1,96 | 96 |
| Долгорочна задолженост | 5,1% | 4,6% | 110 |
| **РОЕ** – враќање на капиталот | 11,81 | 11,93 | 99 |
| **ЕПС** – заработка по акција (во денари) | 1.081,9 | 1.004,3 | 108 |
| Вкупен број на акции | 1.431.353 | 1.431.353 | 100 |
| | | | |
| **1 ЕУР/1 МКД (просек)** | **61,5570** | **61,6219** | **100** |

## СЕЛЕКТИРАНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| | Износ 2023 | Износ 2022 | (Во 000 ЕУР) Индекс 23/22 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 207.377 | 187.668 | 111 |
| Продажби | 199.196 | 171.014 | 116 |
| **ЕБИТДА** | 41.790 | 38.639 | 108 |
| **ЕБИТ** – заработка пред камати и даноци | 27.358 | 25.144 | 109 |
| Нето-профит | 24.701 | 22.907 | 108 |
| **ЕПС** – заработка по акција | 17,57 | 16,30 | 108 |

## 1. Општи податоци

АЛКАЛОИД АД Скопје е акционерско друштво основано и со седиште во Република Северна Македонија. Адресата на друштвото е бул. „Александар Македонски" бр. 12 Скопје

**Основната дејност** на АЛКАЛОИД АД Скопје е производство на фармацевтски, хемиски и на козметички производи, како и на производи од билно потекло. Покрај основната дејност, АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со уписот во надлежниот регистар, може да извршува и трговија на големо и надворешно-трговски промет со прехранбени и со непрехранбени производи.

**Претежна дејност** е производството на фармацевтски производи.

Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Годишниот извештај на АЛКАЛОИД АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 290/2020 и 215/2021) и со Правилникот за водење сметководство (Сл. весник бр. 159/09, 164/10 и 107/11). Годишниот извештај е изготвен во согласност со концептот за набавна цена, со исклучок на земјиштето, градежните објекти и вложувањата расположливи за продажба, кои се искажани според нивната пазарна цена.

Изготвувањето на годишен извештај, во согласност со Законот за трговски друштва и со Правилникот за водење на сметководство, бара примена на проценки и на претпоставки од менаџментот на друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во консолидираниот извештај. Иако проценките на раководството се базираат врз разумни информации и врз познавања за настаните и за активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите.

## 2. Управување со финансиски ризик

**Видови финансиски ризик**

Во своето работење друштвото е изложено на повеќе видови финансиски ризици, како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви, на пазарните вредности и на цените), кредитниот ризик, ризикот од неликвидност и каматниот ризик. Пристапот на друштвото во управувањето со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот одбор.

**Пазарен ризик**

**а) Ризик од промена на девизниот курс**

Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.

За да се намали изложеноста на девизниот ризик, друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел тие да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

**б) Ризик од промена на цените**

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположливи за продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број салда. На тој начин управувањето со кредитниот ризик вклучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување доволни количини на готовина, како и преку можност за обезбедување средства за кредитирање на операциите на друштвото.

**Каматен ризик**

Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и за краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, а го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се помали од краткорочните и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се зголемени во однос на минатата година.

**Објективна вредност**

Објективната вредност на вложените средства расположливи за продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на билансот на состојба.

За вреднување на вложувањата кои не котираат на официјалниот пазар се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност, во иста или во слична групација во која дејствува субјектот.

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиските средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Проценките на друштвото се базираат на искуството и на други фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 3. Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци, софтвер).

Инвестициите по сегменти (Профитни центри) на 31 декември се:

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Фармација | 1.550.921 | 91 | 1.263.054 | 87 | 123 |
| Хемија Козметика Билкарство | 149.474 | 9 | 188.504 | 13 | 79 |
| **Вкупно:** | **1.700.395** | **100** | **1.451.558** | **100** | **117** |

## 4. Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденди сé додека истата не се ратификува на Годишно собрание на акционерите.

На 3 април 2023 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2022 година во износ од 701.363 илјади денари. Пресметаната дивиденда е прикажана како намалување од задржаната добивка. Исплатената нето дивиденда за една акција за 2022 година изнесува 441,00 денари (2021: 396,00 денари) што претставува пораст од 11,36%.

## 5. Финансирање – кредити

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Кредит** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Нетековни кредити | 690.834 | 42 | 568.194 | 47 | 122 |
| Тековни кредити | 972.627 | 58 | 649.803 | 53 | 150 |
| **Вкупно:** | **1.663.461** | **100** | **1.217.997** | **100** | **137** |

Доспевањето на кредитите е:

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Доспевање** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| До 1 година | 972.627 | 58 | 649.803 | 53 | 150 |
| Од 1 до 3 години | 690.834 | 42 | 568.194 | 47 | 122 |
| **Вкупно:** | **1.663.461** | **100** | **1.217.997** | **100** | **137** |

## 6. Големи зделки

Според Законот за трговски друштва, АЛКАЛОИД АД Скопје во 2023 година нема склучено големи зделки.

## 7. Односи со поврзаните субјекти

АЛКАЛОИД АД Скопје нема краен единствен сопственик. Акциите на друштвото се поседувани од голем број на правни и физички лица.

АЛКАЛОИД АД Скопје поседува дваесет и две подружници, две спортски друштва и една фондација во С.Македонија и странство. Продажбата на, и набавката од поврзаните субјекти се одвива на принцип на нормални продажни услови и пазарни цени.

**Вложувања во поврзани субјекти**

(Во 000 ден.)

| Подружница | 2023 Износ | % | 2022 Износ | % | Инд. 23/22 |
|---|---|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 173.256 | 31 | 173.256 | 31 | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 15.439 | 3 | 15.439 | 3 | 100 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 866 | - | 866 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 39 | - | 39 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 2.748 | - | 2.748 | - | 100 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 307 | - | 307 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД фарм СА Фрибург, Швајцарија | 5.429 | 1 | 5.429 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД | 3.873 | 1 | 3.873 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 161.154 | 29 | 161.154 | 29 | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | - | - | - | - | - |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, Македонија | 3.000 | 1 | 3.000 | 1 | 100 |
| ООО АЛКАЛОИД Рус Москва, Русија | 119.359 | 22 | 119.359 | 22 | 100 |
| АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 461 | - | 461 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 7.720 | 1 | 7.720 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД Иљач ТЛС Истанбул, Турција | 2.616 | - | 2.616 | - | 100 |
| БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 43.081 | 8 | 43.081 | 8 | 100 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| ТОВ АЛКАЛОИД Киев, Украина | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД УК ЛИМИТЕД | - | - | - | - | - |
| РК АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | 1.542 | - | 1.542 | - | 100 |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 1.542 | - | 1.542 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД Букурешт С.Р.Л. Романија | 6.150 | 1 | 6.150 | 1 | 100 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Београд | 1.231 | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **554.743** | **100** | **553.512** | **100** | **100** |

Сите поврзани субјекти се 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје, освен вложувањето во АЛКАЛОИД УСА каде учеството изнесува 49%. Иако вложувањето на АЛКАЛОИД АД Скопје во АЛКАЛОИД УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД изнесува 49 %, Друштвото поседува контрола.

Во 2023 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво во Србија, со назив АЛКАЛОИД СЕЕ ДОО Београд.

Во 2022 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво во Романија, со назив АЛКАЛОИД Букурешт С.Р.Л. Друштвата се во 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Друштвото има претставништва во Русија и Украина. Резултатите од работењето на претставништвата се вклучени во финансискиот извештај на матичното друштво.

.

### Продажби на производи и услуги

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| Подружница | Износ | % | Износ | % | 23/22 |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 250.009 | 4 | 176.101 | 4 | 142 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | - | - | 1.631 | - | - |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 1.808.261 | 31 | 1.392.164 | 30 | 130 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 300.216 | 5 | 282.072 | 6 | 106 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | - | - | 59 | - | - |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 163.653 | 3 | 137.577 | 3 | 119 |
| ООО АЛКАЛОИД Рус, Москва, Русија | 1.983.059 | 34 | 1.507.493 | 33 | 132 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 1.324.897 | 23 | 1.072.149 | 23 | 124 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 6.156 | - | 6.084 | - | 101 |
| **Вкупно:** | **5.836.251** | **100** | **4.575.330** | **100** | **128** |

### Набавка на производи и услуги

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| Подружница | Износ | % | Износ | % | 23/22 |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 20.139 | 2 | 15.296 | 2 | 132 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 11.895 | 1 | 6.008 | 1 | 198 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 13.426 | 2 | 7.087 | 1 | 189 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 180.884 | 22 | 128.248 | 14 | 141 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 1.148 | - | 1.231 | - | 93 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 5.318 | 1 | 5.684 | 1 | 94 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 223.688 | 27 | 328.041 | 35 | 68 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 438 | - | 2.334 | - | 19 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | 51.735 | 6 | 47.841 | 5 | 108 |
| Фондација „Трајче Мукаетов” Скопје, С.Македонија | 10.287 | 1 | 10.237 | 1 | 100 |
| ООО АЛКАЛОИД Рус Москва, Русија | - | - | 153.733 | 16 | - |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 1.199 | - | 2.009 | - | 60 |
| АЛКАЛОИД ДОО Веледрогерија Белград, Србија | - | - | 729 | - | - |
| АЛКАЛОИД Иљач Т. Л. С. Истанбул, Турција | 6.750 | 1 | 6.788 | 1 | 99 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 3.353 | - | 3.155 | - | 106 |
| АЛКАЛОИД АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 7.005 | 1 | 3.280 | - | 214 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 20.837 | 3 | 19.818 | 2 | 105 |
| АЛКАЛОИД ТОВ Киев, Украина | 172.422 | 21 | 156.335 | 17 | 110 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 9.970 | 1 | 9.352 | 1 | 107 |
| РК АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | 85.800 | 10 | 21.700 | 2 | 395 |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 9.950 | 1 | 5.300 | 1 | 188 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Белград, Србија | 1.174 | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **837.418** | **100** | **934.206** | **100** | **90** |

**Побарувања од продажби на производи и услуги**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **(Во 000 ден.)** |
| | **2023** | | **2022** | | **Инд.** |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 159.922 | 8 | 14.803 | 1 | 1.080 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 654.048 | 32 | 311.780 | 23 | 210 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 85.446 | 4 | 76.381 | 6 | 112 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | - | - | 92 | - | - |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | - | - | 9.871 | 1 | - |
| ООО АЛКАЛОИД Рус Москва, Русија | 489.908 | 24 | 366.335 | 27 | 134 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 660.232 | 32 | 571.043 | 42 | 116 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 2.078 | - | 1.547 | - | 134 |
| **Вкупно:** | **2.051.634** | **100** | **1.351.852** | **100** | **152** |

**Обврски за набавка на производи и услуги**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 1.144 | - | 1.551 | 1 | 74 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 2.381 | 1 | 3.787 | 1 | 63 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 26.939 | 11 | 43.530 | 16 | 62 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 27.442 | 11 | 21.905 | 8 | 125 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 257 | - | 49 | - | 524 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 1.420 | 1 | 2.148 | 1 | 66 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 111.285 | 47 | 140.749 | 52 | 79 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 605 | - | 64 | - | 945 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | 12.810 | 5 | 10.145 | 4 | 126 |
| ООО Алкалоид РУС Москва, Русија | 8.996 | 4 | - | - | - |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 645 | - | 504 | - | 128 |
| АЛКАЛОИД Иљач ТЛС Истанбул, Турција | - | - | 1.476 | 1 | - |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 1.130 | - | 1.062 | - | 106 |
| АЛКАЛОИД АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 2.314 | 1 | 248 | - | 933 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 307 | - | 91 | - | 337 |
| АЛКАЛОИД ТОВ Киев, Украина | 39.395 | 16 | 39.347 | 15 | 100 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 1.156 | - | 1.148 | - | 101 |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | - | - | 2.050 | 1 | - |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Београд | 559 | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **238.785** | **100** | **269.854** | **100** | **88** |

**Побарувања за дадени аванси, позајмици и кредити**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 1.323 | 100 | 1.845 | 100 | 72 |
| **Вкупно:** | **1.323** | **100** | **1.845** | **100** | **72** |

## 8. Акционерски капитал

| | Обични акции | Сопствени акции | Вкупно | Премии од акции |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2022** | **2.220.127** | **-35.007** | **2.185.120** | **-74.278** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2022** | **2.220.127** | **-35.007** | **2.185.120** | **-74.278** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2023** | **2.220.127** | **-35.007** | **2.185.120** | **-74.278** |

Вкупниот број на одобрени и издадени акции е 1.431.353 со номинална вредност од ЕУР 25,56 по акција. Издадените акции се платени во целост. На 31 декември 2023 година, бројот на акции со право на глас е 1.405.509 акции.

**Заработка по акција**

| | 2023<br>Износ | 2022<br>Износ | Инд.<br>23/22 |
|---|---|---|---|
| | | | (Во 000 ден.) |
| Расположива Нето добивка (Денари) | 1.520.546.813 | 1.411.542.911 | 108 |
| Број на акции | 1.405.509 | 1.405.509 | 100 |
| **Основна заработка по акција (Денари):** | **1.081,85** | **1.004,29** | **108** |

## 9. Надоместоци на раководството

Менаџерскиот тим на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година брои вкупно 125 лица меѓу кои се и членовите на Управниот одбор. Надоместоците за бруто плати и награди, регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок, менаџерско осигурување, отпремнина, јубилејни награди и приватно здравствено осигурување на менаџерскиот тим во извештајната година на бруто-основа изнесуваат вкупно 580,4 милиони денари, од кои 463,4 милиони денари претставуваат фиксен и 117 милиони денари претставуваат варијабилен надоместок. На членовите на Управниот одбор на друштвото не се исплатени надоместоци за учество во одборот. На членовите на Надзорниот одбор на друштвото во 2023 година вкупно на бруто основа им се исплатени 4.799 илјади денари (2022: 4.438 илјади денари).

## 10. Приходи

**Вкупни продажби на готови производи и услуги**

| Пазар | 2023<br>Износ | % | 2022<br>Износ | % | Инд.<br>23/22 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Домашен пазар | 3.370.337 | 27 | 3.142.726 | 30 | 107 |
| Странски пазар | 8.891.565 | 73 | 7.395.504 | 70 | 120 |
| **Вкупно:** | **12.261.902** | **100** | **10.538.230** | **100** | **116** |

Остварените вкупни продажби во 2023 година изнесуваат 12.261.902 илјади денари и во споредба со остварените продажби во 2022 година (10.538.230 илјади денари) бележат пораст за 16%. Вкупниот пораст на продажбите е резултат од порастот на продажбите остварени на странски пазар од 20% и порастот на продажбите на домашен пазар за 7%. Според структурата по пазари, најголем обем на продажби, 73% е остварен на странски пазари.

**Вкупни продажби по Профитни центри**

| | 2023 | | 2022 | | (Во 000 ден.) Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Фармација | 10.566.351 | 86 | 8.852.973 | 84 | 119 |
| Хемија Козметика Билка | 1.695.551 | 14 | 1.685.257 | 16 | 101 |
| **Вкупно:** | **12.261.902** | **100** | **10.538.230** | **100** | **116** |

Најголеми вкупни продажби во износ од 10.566.351 илјади денари, или 86%, се остварени од продажбите на фармацевтски производи. Тие во споредба со остварените продажби во 2022 година (8.852.973 илјади денари) бележат пораст за 19%.

**Продажби на домашен пазар по Профитни центри**

| | 2023 | | 2022 | | (Во 000 ден.) Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Фармација | 2.529.563 | 75 | 2.342.310 | 75 | 108 |
| Хемија Козметика Билка | 840.774 | 25 | 800.416 | 25 | 105 |
| **Вкупно:** | **3.370.337** | **100** | **3.142.726** | **100** | **107** |

Вкупните продажби на домашен пазар изнесуваат 3.370.337 илјади денари и во споредба со 2022 година (3.142.726 илјади денари) бележат пораст од 7%. Најголем обем на продажби во износ од 2.529.563 илјади денари, или 75%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по Профитни центри**

| | 2023 | | 2022 | | (Во 000 ден.) Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Фармација | 8.036.789 | 90 | 6.510.663 | 88 | 123 |
| Хемија Козметика Билка | 854.776 | 10 | 884.841 | 12 | 97 |
| **Вкупно:** | **8.891.565** | **100** | **7.395.504** | **100** | **120** |

Вкупните продажби на странски пазар изнесуваат 8.891.565 илјади денари и во споредба со 2022 година (7.395.504 илјади денари) бележат пораст од 20%. Најголем обем на продажби од извоз во износ од 8.036.789 илјади денари, или 90%, се остварени во ПЦ Фармација.

### Продажби по региони

| Регион / Земја | 2023 Износ | % | 2022 Износ | % | Инд. 23/22 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Северна Македонија | 3.370.337 | 27 | 3.142.726 | 30 | 107 |
| Југоисточна Европа | 3.906.542 | 32 | 3.390.886 | 32 | 115 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 2.516.470 | 21 | 1.979.333 | 19 | 127 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 2.302.667 | 19 | 1.856.623 | 18 | 124 |
| Други земји | 165.886 | 1 | 168.662 | 2 | 98 |
| **Вкупно:** | **12.261.902** | **100** | **10.538.230** | **100** | **116** |

Најголем обем од продажбите, 32%, се остварени во земјите од Југоисточна Европа.

### Вкупни приходи

| Приходи | 2023 Износ | % | 2022 Износ | % | Инд. 23/22 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **1. Приходи од продажба на производи и услуги** | **12.261.902** | **96** | **10.538.230** | **91** | **116** |
| **- Домашен пазар** | **3.370.337** | **26** | **3.142.726** | **27** | **107** |
| Продажба на готови производи | 2.435.737 | 19 | 2.304.730 | 20 | 106 |
| Продажба на трговски стоки | 863.777 | 7 | 762.247 | 7 | 113 |
| Останата продажба | 70.823 | 1 | 75.749 | 1 | 93 |
| **-Странски пазар** | **8.891.565** | **69** | **7.395.504** | **64** | **120** |
| Продажба на готови производи | 7.727.031 | 60 | 6.498.387 | 56 | 119 |
| Продажба на трговски стоки | 1.038.428 | 8 | 809.847 | 7 | 128 |
| Останата продажба | 126.106 | 1 | 87.270 | 1 | 145 |
| **2. Останати деловни приходи** | **503.594** | **4** | **1.026.225** | **9** | **49** |
| Наплатени отпишани побарувања | 143 | - | - | - | - |
| Приходи од поранешни години | 4.615 | - | 2.524 | - | 183 |
| Приходи од дивиденда | 181.809 | 1 | 119.606 | 1 | 152 |
| Приходи од камати од тековно работење | 2.213 | - | 843 | - | 263 |
| ПКР од тековно работење | 192.144 | 1 | 756.735 | 7 | 25 |
| Останати приходи | 122.670 | 1 | 146.517 | 1 | 84 |
| **3. Финансиски приходи** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Позитивни курсни разлики од кредити | - | - | - | - | - |
| Приход од камата на кредити | - | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **12.765.496** | **100** | **11.564.455** | **100** | **110** |

Остварените вкупни приходи во 2023 година изнесуваат 12.765.496 илјади денари што во споредба со остварените во 2022 година (11.564.455 илјади денари) претставува пораст од 10%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи. Тие бележат пораст од 16% во споредба со остварените приходи во 2022 година.

Останатите деловни приходи учествуваат со 4%. Во споредба со остварените во 2022 година бележат намалување од 51%.

Финансиските приходи ги опфаќаат само приходите по основ на кредити. Учеството на овие приходи во вкупните приходи е незначително.

**Видови на вкупни продажби**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Приходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| Продажба на готови производи | 10.162.768 | 83 | 8.803.117 | 84 | 115 |
| Продажба на трговски стоки | 1.902.205 | 16 | 1.572.094 | 15 | 121 |
| Други приходи од продажби | 196.929 | 2 | 163.019 | 2 | 121 |
| **Вкупно:** | **12.261.902** | **100** | **10.538.230** | **100** | **116** |

## 11. Расходи

**Вкупни расходи по природа на трошоци**

| Расходи | 2023 Износ | % | 2022 Износ | % | Инд. 23/22 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **1. Промена на залихите** | **-143.165** | **-1** | **-394.105** | **-4** | **36** |
| **2. Суровини и други материјали** | **4.305.336** | **39** | **3.855.715** | **38** | **112** |
| Потрошени суровини и материјали | 4.017.571 | 36 | 3.463.059 | 35 | 116 |
| Потршена енергија | 274.618 | 2 | 376.815 | 4 | 73 |
| Потршени резервни делови | 10.758 | - | 13.848 | - | 78 |
| Отпис на ситен инвентар | 2.389 | - | 1.993 | - | 120 |
| **3. Набавна вредност на трговски стоки** | **1.207.163** | **11** | **985.780** | **10** | **122** |
| **4. Услуги** | **565.760** | **5** | **485.720** | **5** | **116** |
| Транспортни трошоци | 176.858 | 2 | 156.373 | 2 | 113 |
| Услуги за одржување | 120.506 | 1 | 106.879 | 1 | 113 |
| Закупнина | 42.150 | - | 41.051 | - | 103 |
| Други материјални улуги | 226.246 | 2 | 181.417 | 2 | 125 |
| **5. Амортизација** | **888.424** | **8** | **831.638** | **8** | **107** |
| **6. Вредносно усогласување на средствата** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **7. Трошоци на вработените** | **2.448.538** | **22** | **2.116.749** | **21** | **116** |
| Бруто плати | 2.066.818 | 19 | 1.764.602 | 18 | 117 |
| Трошоци за исхрана на вработените | 73.511 | 1 | 62.746 | 1 | 117 |
| Надомест за годишни одмори | 158.141 | 1 | 132.233 | 1 | 120 |
| Надомест за престанок на работен однос по основ на деловни причини | 5.667 | - | 10.864 | - | 52 |
| Краткорочни користи за вработените | 130.000 | 1 | 130.000 | - | 100 |
| Надомест за отпремнини на вработените | 12.318 | - | 14.534 | - | 85 |
| Други лични примања | 2.083 | - | 1.770 | - | 118 |
| **8. Останати расходи од работењето** | **1.809.379** | **16** | **2.133.560** | **21** | **85** |
| Дневници и трошоци за службено патување | 48.077 | - | 29.637 | - | 162 |
| Реклама и пропаганда | 991.042 | 8 | 919.562 | 9 | 108 |
| Премии за осигурување | 108.989 | 1 | 84.219 | 1 | 129 |
| Даноци и придонеси | 69.523 | 1 | 31.709 | - | 219 |
| Банкарски услуги и членарини | 21.012 | - | 18.484 | - | 114 |
| Затезни камати и пенали од тековно работење | 36 | - | 38 | - | - |
| Негативни курсни разлики од тековно работење | 277.279 | 2 | 758.072 | 8 | 37 |
| Расходи од минати години | 19.995 | - | 23 | - | 86.935 |
| Останати трошоци | 273.426 | 4 | 291.816 | 3 | 94 |
| **9. Трошоци на финансирање (Кредити)** | **32.223** | **-** | **16.270** | **-** | **198** |
| Негативни курсни разлики од кредити | - | - | - | - | - |
| Камати на кредити | 32.223 | - | 16.270 | - | 198 |
| **Вкупно:** | **11.113.657** | **100** | **10.031.327** | **100** | **111** |

Остварените вкупни расходи во 2023 година изнесуваат 11.113.657 иљјади денари и во споредба со остварените во 2022 година (10.031.327 илјади денари) се зголемени за 11%.

Во структурата на вкупните расходи најголемо учество од 39% имаат Суровините и другите материјали; Трошоците за вработените учествуваат со 22%; Останатите расходи од работењето учествуваат со 17%; Трошоците на финансирање, кои ги опфаќаат само трошоците по основ на кредити, немаат значително учество во вкупните трошоци.

**Биланс на успех по природа на трошоци**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Позиција** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| **Вкупен приход** | **12.765.496** | **100** | **11.564.455** | **100** | **110** |
| Домашен пазар | 3.370.337 | 26 | 3.142.726 | 27 | 107 |
| Странски пазар | 8.891.565 | 69 | 7.395.504 | 64 | 120 |
| Останати деловни приходи | 557.854 | 4 | 1.026.225 | 9 | 54 |
| Приходи од финансирање | - | - | - | - | - |
| **Вкупни расходи** | **-11.113.657** | **-87** | **-10.031.327** | **-87** | **111** |
| Залихи | 143.165 | 1 | 394.105 | 3 | 36 |
| Суровини и материјали | -4.305.336 | -34 | -3.855.715 | -33 | 112 |
| Набавна вредност на стоки и материјали | -1.207.163 | -9 | -985.780 | -9 | 122 |
| Трошоци за услуги | -565.760 | -4 | -485.720 | -4 | 116 |
| Бруто плати | -2.066.818 | -16 | -1.764.602 | -15 | 117 |
| Амортизација | -888.424 | -7 | -831.638 | -7 | 107 |
| Вредносно усогласување на средствата | 0 | - | - | - | - |
| Останати трошоци од работењето | -2.191.098 | -17 | -2.485.707 | -21 | 88 |
| Финансиски расходи | -32.223 | - | -16.270 | - | 198 |
| **Добивка пред оданочување** | **1.651.839** | **13** | **1.533.128** | **13** | **108** |
| Данок на добивка | -131.292 | -1 | -121.585 | -1 | 108 |
| **Нето добивка** | **1.520.547** | **12** | **1.411.543** | **12** | **108** |

Остварената Добивка пред оданочување во 2023 година изнесува 1.651.839 илјади денари и во споредба со остварената во 2022 година (1.533.128 илјади денари) бележи зголемување за 8%. Учеството на Добивка пред оданочување во 2023 година во вкупниот приход изнесува 13%.

Пресметаниот Данок на добивка за 2023 година изнесува 131.292 илјади денари и во споредба со 2022 година (121.585 илјади денари) бележи зголемување за 8%.

Остварената Нето добивка во 2023 година изнесува 1.520.547 илјади денари. Во споредба со остварената во 2022 година (1.411.543 илјади денари) бележи зголемување за 8%. Учеството на Нето добивка во 2023 година во вкупниот приход изнесува 12%.

**Биланс на успех по функција**

| Позиција | 2023 Износ | 2023 % | 2022 Износ | 2022 % | Инд. 23/22 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **Продажби** | **12.261.902** | **96** | **10.538.230** | **91** | **116** |
| Трошоци содржани во продадени производи и услуги | -7.622.154 | -60 | -6.422.156 | -56 | 119 |
| **Бруто-добивка** | **4.639.748** | **36** | **4.116.074** | **36** | **113** |
| Трошоци за истражување и развој | -189.147 | -1 | -163.070 | -1 | 116 |
| Трошоци за продажба и маркетинг | -2.068.924 | -16 | -1.991.523 | -17 | 104 |
| Административни трошоци | -805.911 | -6 | -660.666 | -6 | 122 |
| Останати приходи од работењето | 503.594 | 4 | 1.026.225 | 9 | 49 |
| Останати расходи од работењето | -395.298 | -3 | -777.642 | -7 | 51 |
| **Добивка од работењето** | **1.684.062** | **13** | **1.549.398** | **13** | **109** |
| Курсни разлики (Нето) | - | - | - | - | - |
| Камати (Нето) | -32.223 | - | -16.270 | - | 198 |
| **Добивка пред оданочување** | **1.651.839** | **13** | **1.533.128** | **13** | **108** |
| Данок на добивка | -131.292 | -1 | -121.585 | -1 | 108 |
| **Нето-добивка** | **1.520.547** | **12** | **1.411.543** | **12** | **108** |

Билансот на успех по функција ги прикажува трошоците остварени во поoделните деловни сегменти од сéвкупното работење како: Производни трошоци, Трошоци за истражување и развој, Трошоци на продажба и маркетинг и Административни. Трошоците на финансирање се прикажани на нето основа, т.е. приходите и расходите по основ на кредити се пребиени, така што овие позиции можат да бидат приход или расход.

Во структурата на Вкупните приходи најголемо учество, 60%, имаат Трошоци содржани во продадени производи и услуги. Тие во споредба со остварените во 2022 година бележат пораст од 19%.

Трошоците за продажба и маркетинг во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 16%. Тие во споредба со остварените во 2022 година бележат пораст од 4%.

Административните трошоци во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 6%. Тие во споредба со остварените во 2022 година бележат зголемување од 22%.

**Биланс на состојба**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2022 | | Инд. |
| **Позиција** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **23/22** |
| **Средства** | | | | | |
| **Постојани средства** | | | | | |
| Материјални средства | 7.881.992 | 43 | 6.800.331 | 42 | 116 |
| Нематеријални средства | 2.145.556 | 12 | 1.973.544 | 12 | 109 |
| Вложувања во подружници | 554.743 | 3 | 553.512 | 3 | 100 |
| Вложувања во хартии од вредност | 9.231 | - | 8.551 | - | 108 |
| Останати долгорочни побарувања | 78.909 | - | 290.835 | 2 | 27 |
| Одложено даночно средство | - | - | - | - | - |
| **Вкупно постојани средства:** | **10.670.431** | **58** | **9.626.773** | **59** | **111** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 4.135.399 | 23 | 3.906.358 | 24 | 106 |
| Побарувања од купувачите | 2.965.897 | 16 | 2.299.036 | 14 | 129 |
| Останати побарувања | 461.816 | 3 | 330.733 | 2 | 140 |
| Пари и парични еквиваленти | 117.679 | 1 | 62.077 | - | 190 |
| **Вкупно тековни средства:** | **7.680.791** | **42** | **6.598.204** | **41** | **116** |
| **Вкупно средства:** | **18.351.222** | **100** | **16.224.977** | **100** | **113** |
| **Капитал и обврски** | | | | | |
| **Капитал** | | | | | |
| Акционерски капитал | 2.185.120 | 12 | 2.185.120 | 13 | 100 |
| Премии од акции | -74.278 | - | -74.278 | - | 100 |
| Законски резерви | 596.146 | 3 | 596.146 | 4 | 100 |
| Останати резерви | 2.135.482 | 12 | 1.687.920 | 10 | 127 |
| Задржана добивка | 8.667.709 | 47 | 7.835.862 | 48 | 111 |
| **Вкупно капитал:** | **13.510.179** | **74** | **12.230.770** | **75** | **110** |
| **Обврски** | | | | | |
| **Тековни обрски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 3.096.008 | 17 | 2.696.884 | 17 | 115 |
| Обврски за краткорочни кредити | 972.627 | 5 | 649.803 | 4 | 150 |
| Обврски кон државата | 24.231 | - | 22.835 | - | 106 |
| **Вкупно тековни обрски:** | **4.092.866** | **22** | **3.369.522** | **21** | **121** |
| **Долгорочни обврски** | | | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | 690.834 | 4 | 568.194 | 4 | 122 |
| Одложени даночни обврски | - | - | | - | - |
| Долгорочни резервирања | 57.343 | - | 56.491 | - | 102 |
| Вкупно долгорочни обврски | 748.177 | 4 | 624.685 | 4 | 120 |
| **Вкупно обврски:** | **4.841.043** | **26** | **3.994.207** | **25** | **121** |
| **Вкупно капитал и обврски:** | **18.351.222** | **100** | **16.224.977** | **100** | **113** |

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè ...*

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА

# Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членови на Управниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, изјавуваме дека АЛКАЛОИД АД Скопје во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

АЛКАЛОИД АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил" преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на АЛКАЛОИД АД Скопје и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на АЛКАЛОИД АД Скопје пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум: 29.02.2024 год.

Изјавиле:
Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

Живко Мукаетов
Претседател на Управен одбор

Виктор Стојчевски
Член на Управен одбор

Оливера Панева
Член на Управен одбор

Ѓорѓи Јованов
Член на Управен одбор

Ќире Ицев
Член на Управен одбор

**адреса:**
АЛКАЛОИД АД Скопје, бул. Александар Македонски 12,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

**контакт:**
www.alkaloid.com.mk; alkaloid@alkaloid.com.mk
тел: +389 2 3104 000; факс: +389 2 3104 014

**ЕДБ:** 4030946257762
**ЕМБС:** 4053575

IQNet
quality austria SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 NR.01035/1
ISO 14001:2015 NR.00114/1

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

бул. „А. Македонски“ бр. 12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ



# ESG

ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УПРАВУВАЊЕ

20
ИЗВЕШТАЈ
23

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# Содржина на **ESG** извештај

**I. ВОВЕД**

1. Обраќање на Генералниот директор/Претседател на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје ... 6
2. Кои сме ние ... 8
3. За ESG-извештајот ... 16
4. ESG во АЛКАЛОИД ... 17
5. ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД ... 24

**II. НАШИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА ... 28**

1. Најзначајни ESG-моменти во 2023 ... 30
2. Краткорочните цели за 2023 година и преземените активности за нивно остварување ... 32
3. Остварените резултати во 2023 година - ESG-индикатори ... 33
4. Општествената одговорност во нашата компанија ... 40

ESG

**III. ЖИВОТНА СРЕДИНА ... 64**

**IV. ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА ... 96**

**V. УПРАВУВАЊЕ ... 118**

**VI. ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИ ДРУШТВА И ПРЕТСТАВНИШТВА ... 132**

**VII. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ... 184**

**VIII. ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ... 188**



# Обраќање на Генералниот директор / Претседател на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД Скопје

**Почитувани акционери и сите засегнати страни во „Алкалоид“ АД Скопје,**

ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје претставува рамка чија цел е на разбирлив начин да им се претстави на сите засегнати страни како управува организацијата со принципите за заштита на животната околина и со принципите за општествена одговорност и за одговорно управување, кои се трите основни столба на одржлива и одговорна деловна пракса.

ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје опфаќа квалитативни информации за нашите клучни активности насочени кон заштита на животната средина, нашиот придонес кон заедниците во кои живееме и работиме, нашите политики на корпоративно управување, како и квантитативни параметри, со кои се мерат перформансите на компанијата во однос на ризиците, можностите и на остварувањето на клучните цели од ESG-стратегијата на компанијата. При изготвувањето на овој извештај повторно ги користевме стандардите на „Глобалната иницијатива за известување“ (Global Reporting Initiative Standards/GRI-стандардите) поради нивната глобална препознатливост, сеопфатност и флексибилност.

ESG

Заштитата на животната околина е еден од врвните приоритети во деловната стратегија на „Алкалоид“ АД Скопје. Компанијата има сеопфатно дизајниран и коректно применет интегриран менаџмент-систем (ИМС), кој ги задоволува барањата на добрата производствена пракса и референтните меѓународни стандарди, кои потврдуваат дека компанијата произведува производи со ниво на квалитет, безбедност и на ефикасност кои ги задоволуваат барањата на потрошувачите, релевантните законски барања, како и барањата на применетите интернационални стандарди и водичи. Нашите долгорочни цели, насочени кон подобрена заштита на животната околина, вклучуваат намалување на емисиите на јаглероден диоксид, зголемување на отпадот што се рециклира, зголемено користење на рециклирана амбалажа, воспоставување процес на одобрување на добавувачи согласно критериумите на животната средина (GRI 308 на новите добавувачи до 2025 година) и подобрувања во однос на енергетскиот менаџмент воопшто.

Концептот на нашето сеопфатно влијание врз заедниците во кои живееме и функционираме е високо позициониран приоритет во корпоративната стратегија на „Алкалоид“. И во текот на 2023 година компанијата продолжи со реализација на бројни конкретни проекти и активности приспособени на локалните потреби, преку кои постојано и интензивно вложуваме во подобрување и унапредување на сите услови и сфери од општественото опкружување.

Човечкиот капитал е еден од клучните ресурси во компанијата, чии знаења, искуства и вештини се од непроценливо значење. Со нашето транспарентно и етичко однесување постојано ја искажуваме нашата заложба за одржлив развој, водејќи се според една од нашите клучни вредности, а тоа е дека луѓето се пред сè. Од вкупно 2843 вработени во групацијата „Алкалоид“ на 31 декември 2023 година 58 % се жени, а 42 % се мажи, додека, во раководните тела 48 % се жени, а 52 % се мажи. „Алкалоид“ спроведува политика на еднакви можности и на еднаков третман за сите вработени, создавајќи атмосфера во која секој вработен има шанса да ги покаже своите потенцијали, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех. При секојдневното функционирање и управување со процесите посебно место зазема примената на Кодот за етичко и деловно однесување на „Алкалоид“ АД Скопје, кој претставува клучен елемент во градењето на етичката и корпоративната култура на компанијата, промовирајќи интегритет, чесност, лидерство базирано на вредности и тимско креирање на најдобрите резултати.

ESG-извештајот за 2023 година е изготвен од ESG-одборот на „Алкалоид“ АД Скопје, а е одобрен од највисокиот менаџмент на компанијата. Тој го опфаќа работењето на „Алкалоид“ АД Скопје за периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година и истиот ќе биде транспарентно и целосно објавен на сите компаниски канали за јавна комуникација. ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје за 2023 година за првпат вклучува и информации за остварувањето на ESG-индикаторите кај капитално поврзаните друштва на „Алкалоид“ АД Скопје.

**Живко Мукаетов**
Генерален директор / Претседател на Управен одбор на
„Алкалоид“ АД Скопје

# Кои сме ние

Здравото човеково тело понекогаш буди повеќе од искрена восхит. За нас во АЛКАЛОИД АД постојана инспирација и стремеж е да го заштитиме и да го зачуваме овој скапоцен подарок на природата. Со неуморна страст создаваме производи кои се синоним за врвен квалитет. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ**.

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која речиси девет децении работи на производство на лекови и на козметички и хемиски производи, како и на преработка на билни суровини.

АЛКАЛОИД АД е акционерско друштво во чии рамки работат два профитни центри: Фармација и Хемија, козметика и билкарство. Акциите на АЛКАЛОИД АД се во сопственост на 5.487 акционери, физички и правни лица.

Денес АЛКАЛОИД АД има речиси 80.000 м2 производствени капацитети и брои 2.103 вработени во АЛКАЛОИД АД и 740 вработени во капитално поврзаните друштва, во 24 капитално поврзани друштва и во 2 претставништва во земјава и во странство (Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Бугарија, Турција, Украина, Руската Федерација, САД, Велика Британија и Романија). Компанијата пласира 69 % од својот асортиман во повеќе од 40 земји во светот.

Во изминатите 15 години АЛКАЛОИД АД инвестираше над 220 милиони евра во производствени капацитети, лаборатории, капацитети за истражување и развој, во врвна технологија, континуирана едукација на вработените и во софтвер од новата генерација, кои му овозможуваат пласман на производи со супериорен квалитет, преку придржување до најстрогите стандарди за добра производствена пракса, за што добива потврда од реномирани тела.

Главен приоритет за АЛКАЛОИД АД и натаму останува грижата за вработените, акционерите, човековата околина, за деловните партнери, здравствениот систем и, пред сè, за здравјето на луѓето.




**2103** вработени во АЛКАЛОИД АД

**740** вработени во капитално поврзаните друштва

**5487** акционерски ентитети

# Дејност на компанијата



**Фармација**

Луѓето градат високо за да можат да гледаат подалеку.Луѓето градат заедно за да можат да бидат поблиски.Луѓето градат цврсто за да можат да се чувствуваат побезбедно. Ние градиме за луѓето да имаат подобро здравје бидејќи

... ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!

**Билкарство**

Одделот Билкарство произведува спектар на чаеви под брендот GOOD NATURE, како и зачини и сушени зеленчуци GRINI, додатоци за јадењата Зачинал, јодирана сол и други производи.





## Козметика

Долгогодишното искуство и традицијата од речиси 90 години се темелат врз квалитетот на богатата палета производи на АЛКАЛОИД – Козметика, која опфаќа производи за нега на секаков тип кожа, вклучувајќи ја и детската, производи за нега на косата, парфемска колекција за жени и за мажи, како и козметика за домаќинството.

## Хемија

Денес Хемија има развиена програма за производство на чисти хемикалии и на реагенси од органско и од неорганско потекло, со pro analysi, reagent grade, purum и со фармакопејски квалитети за лабораториски цели, за индустриски цели и за широка потрошувачка, а има и производи за земјоделско производство, медицински средства и средства за чистење и за дезинфекција.



# Економски показатели

**Вкупни приходи**

Вкупните остварени единечни приходи во 2023 година изнесуваат 12.765.496 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 10 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество (96 %) имаат приходите остварени преку продажба на производи и преку услуги, кои во споредба со остварените во 2022 година бележат раст од 16 %. Вкупните остварени консолидирани приходи во 2023 година изнесуваат 16.957.698 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 10 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество (97 %) имаат приходите остварени преку продажба на производи и преку услуги, кои во споредба со остварените во 2022 година бележат раст од 16 %.

**Приходи од продажби**

Според единечниот биланс на успех, во 2023 година продажбите достигнуваат 12.261.902 илјади денари, што е за 16 % повеќе во споредба со истиот период од минатата година. Вкупните консолидирани продажби, пак, достигнуваат 16.512.978 илјади денари, што е за 16 % повеќе во споредба со истиот период од минатата година.

**Вкупни расходи**

Вкупните остварени единечни расходи во 2023 година изнесуваат 11.113.657 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 11 %.

Вкупните остварени консолидирани расходи во 2023 година изнесуваат 15.172.038 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2022 година бележат раст од 11 %.

**Вработени**

Трошоците за вработените на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2023 година изнесуваат 2.448.537 илјади денари и претставуваат 22 % од вкупните расходи на компанијата, додека, пак, на ниво на групацијата изнесуваат 3.795.651 илјади денари и претставуваат една четвртина од вкупните расходи. Овие трошоци се состојат од бруто-плати, хранарина, од надомест за годишни одмори, надомест за отпремнини и од надомест за технолошки вишок, како и други трошоци. Трошоците за вработените бележат зголемување за 16 % во споредба со 2022 година.

ESG

**Дивиденда**

На 3 април 2023 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2022 година во износ од 701.363 илјади денари, односно 441 денар нето за една акција, што во однос на исплатената дивиденда по акција за 2021 година, во износ од 396 денари нето, е поголема за 11,36 %.

**Инвестиции**

Вкупните консолидирани инвестиции во основни средства во 2023 година изнесуваат 1.741.562 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период од 2022 година бележат раст од 18 %. Ваквото зголемување на инвестициите се должи на најголемиот инвестициски проект на АЛКАЛОИД во последните 20 години – новото производствено одделение за производство на цврсти форми 2 – со кој се зголемуваат капацитетите за производство на цврсти форми за повеќе од двапати.

**Даноци и други давачки спрема државата**

Во 2023 година АЛКАЛОИД АД Скопје има исплатено даноци и други давачки спрема државата во износ од 1.499.060 илјади денари.

**Резултати од работењето**

Единечната добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (ЕБИТДА), која изнесува 2.572.486 илјади денари, бележи зголемување од околу 8 %, додека, пак, единечната нето-добивка изнесува 1.520.547 илјади денари и е зголемена за 8 %.

Консолидираната добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (ЕБИТДА) достигна 2.750.021 илјади денари и бележи раст од 8 %, додека, пак, консолидираната нето-добивка во износ од 1.576.864 илјади денари е зголемена за 8 %.

За повеќе информации погледнете го Годишниот извештај за работењето

**Обврски за пензии**

Компанијата има обврска за исплата на надоместоци за вработените, кои се категоризирани како дефинирани придобивки и дефинирани придонеси. Обврските се дефинирани на следниов начин:

• дефинирани придобивки за вработените претставува обврска за исплата на надоместоци во моментот на пензионирање и, вообичаено, зависи од еден или од повеќе фактори како што се старосните години, работниот стаж и надоместоците;

• дефинирани придонеси за вработените претставува обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и во приватни фондови. Компанијата нема обврска за исплата на дополнителни износи доколку државните и приватните пензиски фондови немаат доволно средства за исплата на пензиите.

Обврската дефинирана во Извештајот за финансиската состојба за придобивките на вработените е прикажана според сегашната вредност на идните готовински одливи. Износот на дефинираните придобивки се пресметува на годишно ниво од независен актуар, со примена на кредитниот метод на проектираните единици. Сегашната вредност на дефинираните придобивки се пресметува со дисконтирање на идните проценети готовински одливи, со примена на каматната стапка на високо ликвидни корпоративни обврзници деноминирани во валутата во која дефинираните придобивки ќе бидат платени и кои имаат приближно еднаков период на доспевање со периодот на доспевање на дефинираните придобивки.

Компанијата има законска обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и во приватни фондови. По исплатата на придонесите за пензиско осигурување компанијата нема идна обврска по овој основ. Придонесите се евидентираат како придобивки на вработените во билансот на успех во моментот на нивно доспевање. Однапред платените придонеси се евидентираат како побарувања само доколку се осигури идно враќање на платените средства или идно намалување на обврската.

Износот на отпремнини евидентиран во единечните извештаи на компанијата за 2023 година изнесува 57.343 илјади денари, додека во консолидираните извештаи изнесува 59.698 илјади денари.

За повеќе информации погледнете го Годишниот извештај за работењето

**Државна поддршка и даночни олеснувања**

Државната поддршка не се признава сè додека не постои разумно уверување дека компанијата ќе се усогласи со условите поврзани со неа и дека поддршката ќе биде примена. Државната поддршка се признава во добивката или во загубата на систематска основа во периодите во кои компанијата ги признава како расходи поврзаните трошоци за кои е наменета поддршката за да ги надомести.

Конкретно, државната поддршка чиј основен услов за добивање е компанијата да набави, изгради или на некој друг начин да се здобие со нетековни средства се признава како одложени приходи во билансот на состојбата и се пренесува во добивката или во загубата на систематска и на рационална основа за време на животниот век на стекнатото средство.

Државната поддршка која се добива како компензација за веќе настанатите трошоци или која се добива како непосредна финансиска поддршка на компанијата, без обврска за идни поврзани трошоци со неа, се признава во добивката или во загубата за периодот во кој настанува како побарување.

Во 2023 година компанијата има добиено државна поддршка, во согласност со Законот за финансиска поддршка на инвестициите, во износ од 122.987 илјади денари.

Во согласност со даночните закони во државата, компанијата во 2023 година има 92.562 илјади денари како даночни олеснувања и ослободувања.

# За ESG-извештајот

ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година претставува продолжување на корпоративната заложба за одржување на транспарентноста и за редовно информирање на засегнатите страни околу активностите преземени во согласност со дефинираните значајни теми од областа на ESG, како и околу остварувањето на ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД преку клучните ESG-индикатори.

Како општествено одговорна компанија сметаме дека одвоеното известување (преку посебен ESG-извештај) на сите засегнати страни ќе им овозможи подетална и прецизна слика за начинот на кој се справуваме со ризиците и за грижата која ја посветуваме на овие сегменти од работењето. Нашиот ESG-извештај опфаќа квалитативни информации за нашите клучни активности за унапредување на животната средина и за придонесот спрема општеството, како и квантитативни параметри, со кои се мерат перформансите на компанијата во однос на ризиците, можностите и на остварувањето на клучните цели од ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје. ESG-индикаторите, како специфични барања на GRI-стандардите, продолжуваме да ги следиме и да известуваме за нив и во 2023 година, во согласност со воспоставената пракса од претходниот ESG-извештај од 2022 година.

ESG-извештајот за 2023 година е изготвен од ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а е одобрен од највисокиот менаџмент на компанијата. Тој го опфаќа работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје за периодот од **јануари до декември 2023** г. и ќе биде транспарентно и целосно објавен на сите компаниски канали за јавна комуникација.

ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година за прв пат вклучува и информации за остварувањето на ESG-индикаторите кај капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со воспоставената пракса, при изготвувањето на овој извештај повторно ги искористивме GRI-стандардите за изготвување на ESG-извештајот, поради нивната широка распространетост/глобална препознатливост, сеопфатност и флексибилност. Покрај тоа, АЛКАЛОИД АД останува да ги следи сите регулативи што го регулираат нефинансиското известување, како и другите глобално признати рамки и стандарди за ESG-известување (ESRS, IFRS, SASB и др.)

Во рамките на овој ESG-извештај вклучивме и **GRI-референтна табела** за да им помогне на читателите полесно да ги лоцираат релевантните информации.

# ESG во АЛКАЛОИД

**ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје**

ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје опфаќа членови од различни сегменти/служби во рамките на компанијата, кои придонесуваат со своите знаења, експертиза и искуство од својот сегмент во ESG-управувањето и известувањето. ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје одговара директно пред највисокото раководство и за своите активности редовно праќа извештаи до Генералниот директор и до високиот менаџмент, по потреба и до Надзорниот и до Управниот одбор, а на барање и до засегнатите страни и до надворешните аудитори. ESG-одборот одржува редовни месечни состаноци и е одговорен за примена на ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје, за дефинирање предлози за долгорочни и за краткорочни ESG-цели, за поставување и за одржување ефикасен систематски пристап за мерење на најзначајните ESG-индикатори, за дефинирање на ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и за комуницирање на ESG-податоците со засегнатите страни. Покрај овие активности, ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје придонесува за доближување на ESG-темите до вработените, развој на ESG-културата во целата компанија, како и за откривање нови решенија и можности за подобрувања во рамките на ESG-сегментот од работењето.

Во 2023 година ESG-одборот, преку своите редовни активности, детално го следеше реализирањето на ESG-стратегијата, ги доближи ESG-културата и начинот на размислување до вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје и до засегнатите страни во непосредната околина, го рашири опсегот на ESG-сегментот во капитално поврзаните друштва, детално и навремено одговори на барањата на нашите деловни партнери и институции и го збогати известувањето за остварувањето на поставените цели со дополнителни ESG-индикатори.

**Политика за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика)**

Политиката за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика) на АЛКАЛОИД АД Скопје ја рефлектира нашата заложба за континуирано унапредување на сите ESG-сегменти, како основа за етичко работење и за професионален успех. Таа во целост се вклопува во нашата мисија и визија како компанија чиј императив е заштитата на интересите на сите засегнати страни, а е комплементарна и со клучните компаниски вредности дефинирани во нашиот Код на етичко и деловно однесување.

повеќе инфо

**Процедура за ESG-известување**

Со процедурата за ESG-известување на АЛКАЛОИД АД Скопје се опишуваат концептот и стратегијата за управување и за известување за прашањата поврзани со животната средина, за општествените прашања и за управувањето во АЛКАЛОИД АД Скопје. Преку неа детално ги дефинираме сите чекори неопходни за да добиеме навремени, точни и релевантни податоци околу начинот на кој се управува со ESG-ризиците во нашата компанија.

**ESG-индикатори**

Остварувањето и напредокот на компанијата во однос на дефинираните компаниски ESG-цели ги следиме преку ESG-индикатори и преку податоци кои се системски поставени и применети во клучните процеси поврзани со овој сегмент од работењето на компанијата.

**Односи со засегнатите страни (Stakeholder Communication)**

АЛКАЛОИД АД Скопје е целосно посветен на градењето доверба со засегнатите страни и меѓу нив, со цел одржување долгорочни и стабилни односи. Политиката за односи со засегнатите страни на АЛКАЛОИД АД Скопје ги идентификува засегнатите страни и ги пропишува основните принципи и модалитети на односите со нив.

повеќе инфо

ESG



# Најзначајни ESG теми за АЛКАЛОИД АД

**Материјалност/значајност**

Проценката на материјалноста/значајноста на ESG-темите за нашата компанија ја спроведовме во 2022 година со комбинирана методологија преку интервјуа и преку анкети/истражувања со надворешни и со внатрешни заинтересирани страни, односно преку разговори со високиот менаџмент на АЛКАЛОИД АД Скопје, преку истражување на задоволството на вработените, преку анкета меѓу нашите купувачи, корисниците на нашите производи, преку истражувања на Македонската берза и др. Токму овие активности ни помогнаа да ги идентификуваме темите кои се значајни за нашите засегнати страни и за нашата компанија. Издвоени се вкупно 21 значајна ESG-тема, врз кои ние како компанија сметаме дека можеме да имаме најголемо влијание, но и кои имаат најголемо влијание врз нашето работење. За сите овие значајни теми поставуваме конкретни краткорочни и долгорочни цели, како и соодветни индикатори преку кои ќе се следат напредокот и нивното исполнување. Имајте предвид дека и покрај градацијата според важноста, сите идентификувани теми се значајни и меѓусебно поврзани, што значи дека не би требало да се разгледуваат изолирано.

| Значајност за заинтересирани страни / Значајност за АЛКАЛОИД АД Скопје | Значајно | Многу значајно | Најзначајно |
| --- | --- | --- | --- |
| Најзначајно | | Зголемување на отпадот кој се рециклира | Намалување на штетните емисии во воздухот (carbon footprint)<br>Намалување на влијание на водите (water footprint)<br>Поддршка на здравствените системи |
| Многу значајно | Зголемување на користење на рециклирана амбалажа<br>Зголемување на користење на амбалажа за пакување која може да се рециклира | Интегрирање на сите ESG ризици во постоечките процеси на управување со ризици<br>Поддршка на културата и спортот<br>Организирање редовни хуманитарни настани | Поддршка на образованието<br>Зголемување на производство на сопствена обновлива енергија<br>Високопрофесионален и етички пристап во работењето<br>Едукација на вработените<br>Усогласеност со стандарди |
| Значајно | | Градење на силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето<br>Родова еднаквост | Грижа за безбедност и здравје при работа<br>Бенефиции за вработените<br>Унапредување на транспарентноста за работењето<br>Почитување на клучните корпоративни вредности<br>Еднакви можности за кариерен развој |

Значајност за заинтересирани страни (вертикална оска)

Значајност за АЛКАЛОИД АД Скопје (хоризонтална оска)



**Моменталната ситуација**

И покрај континуираниот мултикризен период во кој се наоѓаат денешното општество и непосредното опкружување, АЛКАЛОИД АД Скопје останува посветен на исполнувањето на својата ESG-стратегија преку своите краткорочни и долгорочни ESG-цели. Сметаме дека единствен начин за да се надминат новонастанатите предизвици е преку континуирано враќање кон непосредната околина, заедницата и кон луѓето кои нè опкружуваат.


ESG

# ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД

Нашата ESG-стратегија го одразува начинот на кој ние управуваме и ги решаваме прашањата поврзани со животната средина и со општествената одговорност, но, исто така, и носи една нова додадена вредност за нашата компанија. При изработката на ESG-стратегијата и на ESG-целите на АЛКАЛОИД АД Скопје беа земени предвид целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals – SDGs) на Обединетите нации. Ги идентификувавме приоритетните цели каде што имаме можност да направиме позитивни промени и со нашите активности да придонесеме за подобра иднина. Целите за одржлив развој на Обединетите нации претставуваат глобална визија за создавање одржлива иднина во која сите имаме удел. Со Глобалниот договор на Обединетите нации овие цели се претворени во двигатели за одржлив бизнис, со економски и со социјални придобивки за животната средина и за луѓето во сиот свет. Важно ни е да учествуваме и да дејствуваме во остварувањето на овие цели преку нашите секојдневни операции и активности.

# Цели за одржлив развој на Обединетите нации (SDG)



# СТРАТЕГИЈА

## Имплементирање и развој на ESG сегментот

Грижа за животната средина

Поддршка на заедницата во која што работиме и живееме

Луѓето пред сè!

Транспарентно, етичко работење и ефикасно управување со ризиците

# ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

- Намалување на емисиите на carbon footprint
- Зголемување на отпадот кој се рециклира
- Зголемување на користењето на рециклирана амбалажа
- Воспоставување процес на одобрување на добавувачи согласно критериуми на животна средина и GRI 308 на новите добавувачи до 2025 година
- Подобрувања во Енергетскиот менаџмент

- Наша основна цел е да враќаме на заедницата во која живееме и во која работиме
- Препознатливост на АЛКАЛОИД АД Скопје како безбедно место за работа

- Грижа за здравјето, безбедноста и благосостојбата на вработените, луѓето кои имаат интеракција со компанијата како и за сите луѓе во непосредна околина каде што АЛКАЛОИД има свои активности

- Зголемување на транспарентноста во информирањето кон засегнатите страни
- Постигнување и одржување на целосна корпоративна усогласеност со внатрешните акти поврзани со етичкото работење и компаниските вредности како и со стандардите за животна средина
- Градење силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето преку целосно интегрирање на ризици поврзани со ESG фактори
- Добро корпоративно управување





# II.
# Нашите резултати за 2023 година

# Најзначајни ESG моменти во 2023 г. во АЛКАЛОИД АД Скопје

Намалување на стакленички гасови од Scope 1 за **13%** и Scope 2 емисиите за **62 %**

Произведени **2385 MWh** електрична енергија од сопствени фотоволтаични централи

**20%** од вработувањата реализирани преку **Програмата за млади таленти**

**230 нови вработувања**

Зголемен процент на **учество на жени** во органите на управување

Изведени проекти со годишна заштеда од **350 MWh енергија**

**„Јуни – месец на ESG во АЛКАЛОИД“** Информативно-едукативна кампања

**ECOVADIS** - Commitment Badge in recognition of your sustainability achievement

**ESG**

**„Ви благодариме за нашето денес!“** – проект за грижа за нашите пензионери

**13,34%** од електричната енергија и **5,49%** од вкупната искористена енергија е произведена од сопствени фотоволтаични централи

**119 час** - просечен број тренинг по вработен

Енергетскиот Интензитет е намален за **9%**

**AlkaTVInfo** - дигитална алатка за интерна комуникација

**62%** од искористената електрична енергија од обновливи извори

**Најтранспарентно котирано акционерско друштво** за 2023 г. - по избор на медиуми

**447 студенти** - дел од развојни активности организирани од компанијата

Национална награда за компанија со **најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа**

# Краткорочни цели за 2023 година и превземени активности за остварување на истите



# Животна средина

Завршено | Во тек

| Краткорочни цели за 2023 година | Статус | Спроведени активности |
|---|---|---|
| **Грижа за животната средина** | | |
| Поставување на мерки за намалување на carbon footprint за 2023 година, 1% намалување на carbon footprint во однос на 2022 година | Завршено | 1. Организирање работни средби со Општини со цел договарање идни проекти за пошумување, формирање на зелени катчиња и работилници со најмладите.<br>2. Организирање работни средби со колективен постапувач за отпад од пакување со цел договарање идни проекти во однос на проектите за промоција на добрата пракса за управување со отпадот<br>3. Изработка на прашалник за собирање податоци за моменталниот транспорт на вработените и за организирање на транспортот<br>4. Обезбедување поволности (попусти и рати) за алтернативни средства за превоз<br>5. Обезбедување три возила со хибриден погон |
| Мапирање на процесите за создавање отпад, според типот на отпадот, производствени активности, (100% мапирање на процесите на трите локалитети, 3 мапи Лок. Автокоманда, 4 мапи Лок. Ѓорче Петров, 1 мапа Лок. Аеродром) - 2023 (годишно мерење) | Завршено | Изработени се 8 мапирања на процесите за создавање отпад |
| Анализа на одрживо пакување за да можеме да дојдеме до податоци за:<br>1. користење на амбалажа за пакување, која може да се рециклира;<br>2. користење на амбалажа која е произведена од рециклиран материјал. | Во тек | Активноста 1 е реализирана.<br>Активноста 2 е во тек на реализација, а проектот е дополнет со нови дефинирани цели за 2024 година. |
| Зголемување на производство на сопствена обновлива енергија. Проектирање и изведување фотоволтаични централи. Реализација на 3 инвестициски активности (проекти) за зголемување на производство на сопствена енергија. | Завршено | Реализирани се 3 нови фотоволтаични централи во 2023 г. |
| Годишно намалување за 1% на специфичната потрошувачка на вода | Во тек | Реализирани и во тек се неколку проекти за постигнување на оваа цел во 2024 г. |
| Годишно намалување за минимум 1% на специфичната потрошувачка на енергија | Завршено | Реализирано (остварено намалување од 9-10%) |
| Годишно намалување за минимум 1% на енергенсите емисии | Во тек | Преку реализација на проекти за заштеда на енергенси и намалување на емисии |

# Општествени прашања

✓ Завршено ⇒ Во тек

| Краткорочни цели за 2023 година | Статус | Спроведени активности |
|---|---|---|
| **Поддршка на заедницата во која работиме и живееме** | | |
| Подигнување на свеста кај општата јавност преку информативна и едукативна содржина за теми од општествената одговорност | ✓ | - „60 секунди здравје“ дигитална кампања<br>- Интегрирана маркетинг-кампања „Како си?“ - проект на Becutan за поддршка на родителите |
| Поддршка на спортот и спортските активности | ✓ | - Промовирање на ракометот и ракометните клубови РК Алкалоид и РК Мултиесенс<br>- Промовирање и поддршка на шахот, шаховскиот клуб, активности, шаховска школа и сл. |
| Организирање редовни хуманитарни и донаторски настани и активности | ✓ | Хуманитарни активности на АЛКАЛОИД АД Скопје и Црвен крст на Град Скопје:<br>- реализирани 2 крводарителски акции, повеќе од 240 пријавени, дарувани 192 крвни единици<br>- реализирана акција за донација на облека, дониран речиси 1 тон облека<br>- реализирана акција за донација на храна, дониран речиси 1 тон храна |
| Организирање активности за подигнување на свеста и за заштита на животната средина | ⇒ | - Акцијата за пошумување е преместена за следната 2024 година. |
| Постојано охрабрување на вработените да се вклучат во нашите корпоративни иницијативи за општествена одговорност | ✓ | Постојано известување на вработените преку ефикасни алатки за интерна комуникација (електронски пораки, вибер пораки, постери, АлкаТВИнфо информативен систем и сл.) со цел запознавање со сите проекти што се спроведуваат, споделување детални информации за начинот на реализација и учество, постојано мотивирање и охрабрување за доброволно пријавување и нивно вклучување во активностите, во кои ќе го дадат својот придонес. |
| **Луѓето пред сè!** | | |
| Обезбедување пакет здравствени придобивки (дополнително здравствено осигурување) што ги надминува националните стандарди од оваа област за сите вработени, како и дополнителни бенефиции за членовите на нивните семејства | ✓ | Во текот на 2023 година продложи со реализација проектот за дополнително здравствено осигурување за сите вработени, а воедно и делот за дополнителни бенефиции за членовите на нивните семејства. |
| Континуирано одржување на проектот Бенефиции за децата на вработените со цел грижа за вработените и нивните семејства | ✓ | Заклучно со 31.12.2023 година 664 деца беа активно вкучени во оваа програма. |
| Одржување на просечната стапка на задоволство на вработените од најмалку 70% | ✓ | Во истражувањето што го спроведовме во 2023 година учествуваа 1492, а индексот на задоволство на вработените изнесува 71,94%. |
| Еднакви можности за кариерен развој – процес на управување со таленти / нова систематизација на работни позиции | ✓ | Систематизацијата на работните места е во тек на реализација. Во текот на 2023 година континуирано се спроведуваа активности во системот за управување со таленти преку програмите за млади таленти, реализација на развојни планови на вработените и преку системот за управување со учинок. |
| Обезбедување тренинг и едукација за вработените во согласност со кариерните и развојните планови, како и со годишните планови за обуки | ✓ | Просечниот број на тренинг-часови по вработен за 2023 година изнесува 119,36 часа. |
| Одржување обрт (turn over) на вработени под 4% за 2023 година | ✓ | Обртот на вработените за 2023 година изнесува 3,05% |
| Градење и одржување инклузивна, позитивна и почитувана работна средина за сите | ✓ | Корпоративен весник „Здравјето пред сè", AlkaSpeakUp платформа за анонимно пријавување непочитување на Кодот за етичко и деловно однесување и на компаниските вредности, кампања „Еден работен ден“ во АЛКАЛОИД и др. |

| Краткорочни цели за 2023 година | Статус | Спроведени активности |
|---|---|---|
| Еднакви можности и еднаков третман за сите вработени | ✓ | Создаваме атмосфера во која секој вработен има можност да ги покаже своите вредности, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех. |
| Иницирање програми за благосостојбата на вработените | ✓ | Договор за користење на демо-верзија на апликацијата Challenger во 2023 година. Во план е во 2024 година да се имплементира самата апликација. |
| Стипендирање на најдобрите студенти од Фондацијата „Трајче Мукаетов“ | ✓ | Фондацијата „Трајче Мукаетов“ додели 40 нови стипендии за учебната 2023/2024 |
| Програма за млади таленти – практикантство во АЛКАЛОИД АД Скопје | ✓ | Програмата за млади таленти секоја година континуирано се одржува и се подобрува. Вкупната вработливост од програмите за млади таленти во 2023 година изнесува 20% од вкупниот број вработувања. |
| Зголемување на искористеноста на Центарот за едукација на АЛКАЛОИД АД Скопје - преку едукација на ученици и студенти во програмите за млади таленти како и тренинг и едукација на вработените | ✓ | Преку Програмата за млади таленти во 2023 година инициравме соработка со образовни институции, со најголем фокус на соработката со Фармацевтскиот факултет. Како дел од развојните активности кои придонесоа за зголемување на искористеноста на Центарот за едукација на АЛКАЛОИД АД Скопје беа:<br>• реализација на вежби во Тренинг-лабораторијата на АЛКАЛОИД АД Скопје за 159 студенти;<br>• реализација на теоретски предавања со практични вежби и примери за 81 студент. |
| **Препознатливост на АЛКАЛОИД АД Скопје како безбедно место за работа** | | |
| Намалување на стапките на повреди за вработените на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2023 за 10% во однос на 2022 година (LTIFR и LTISR) | ✓ | Во 2023 - 33 повреди, во 2022 г. - 44 повреди<br>LTIFR - таргетот е остварен, намалување за 29%<br>LTISR - таргетот е остварен, намалување за 33% |
| Нула стапка на повреди и професионални заболувања на вработени на надворешни изведувачи | X | Таргетот не е остварен - евидентирана 1 повреда на вработен на изведувач. Стапката на повреди/стапката на повреди со потешки последици е зголемена за 100% во однос на 2022 г. и изнесува 5,0. |
| Зголемување на бројот на пријавени избегнати несреќи на работно место, зголемување на пријавите за 10% во однос на 2022 година | ✓ | Таргетот е остварен, зголемување за 82% - 17 пријавени во 2022 г., 31 пријавени во 2023 г. |
| Зголемување на бројот на обучени вработени со специфични обуки од аспект на безбедноста и здравјето при работа и на заштитата од пожари и експлозии | ✓ | 1. Обуки по законска регулатива. Таргет: Просечен процент на успешност/ефективност на тестови за обука по БЗР > 85% - Таргетот е остварен - 94,73%<br>2. Обуки за прва помош. Таргет: Зголемување на процент на обучени вработени во однос на вкупен број на вработени за 100% во однос на 2022 година - Таргетот е остварен за 280%<br>3. Обука за заштита и спасување во случај на несреќи/инциденти. Таргет: Евакуација на вработени за време на оперативно тактичка вежба <5 минути - Таргетот е остварен - 4 минути и 47 секунди<br>4. Практична обука за заштита од пожари и експлозии. Таргет: обука на минимум 300 вработени вклучувајќи 100% од нововработените во тековната година - Таргетот е остварен - 258% и 100% нововработени |
| Анализа на работни места за кои е потребна лична заштитна опрема (ЛЗО) | ✓ | Таргетот е остварен, извршена е анализа на работните места |
| Имплементација на 5S (Lean методологија) | ✓ | Планот за имплементација на 5S за 2023 година е реализиран.<br>Во однос на планирањето на следни активности, ќе се направи ревидирање на планот за имплементација на 5S методата за 2024, бидејќи се зголеми свеста на одговорните лица и вработените за имплементирање на 5S методата порано од нивната временска рамка. |

# Управување

✓ Завршено → Во тек

| Краткорочни цели за 2023 година | Статус | Спроведени активности |
|---|---|---|
| **Транспарентно, етичко работење и ефикасно управување со ризиците** | | |
| Редовна комуникација со клучните засегнати страни и годишно известување на релевантни ESG информации во согласност со водечките стандарди за обелоденување. | ✓ | Усвојување на Политика за односи со засегнати страни<br>Усвојување и објавување на ESG-извештај |
| Подигнување на свеста на вработените за: ESG-темите, целите, стратегијата; културата на квалитет; важноста на секој вработен за постигнување на нашите цели. | ✓ | Јуни 2023 година беше прогласен за месец на ESG во рамките на АЛКАЛОИД АД Скопје, при што се спроведоа повеќе активности за подигнување на свеста за ESG-темите како и директна и индиректна комуникација со сите вработени преку информативни електронски пораки до вработените, постери поставени низ сите локалитети, објава на информации на информативните екрани АлкаТВИнфо, преку делење летоци и брошури и сл. |
| Компаниските етички стандарди и стандарди за усогласеност да бидат целосно интегрирани во операциите на нашите капитално поврзани друштва во светот | ✓ | Презентација на Кодот за етичко и деловно однесување на вработените и раководните лица во капитално поврзаните друштва |
| Одржување на етичка, правна и фармацевтска усогласеност | → | Континуиран ангажман на Офицерот за корпоративна усогласеност во одржување на етичка и фармацевтска усогласеност<br>Континуиран ангажман на Корпоративната правна служба во одржување на правна и фармацевтска усогласеност |
| Техничка надградба и подобрување на AlkaSpeakUp веб платформата, во насока на поедноставување на пристапот и употребата од страна на пријавувачите, како и добивање поквалитетни пријави за потребите на постапките за одлучување по пријави за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување | ✓ | Основни подесувања на AlkaSpeakUp платформата за обезбедување повеќе и релевантни информации од пријавувачи<br>Подобрувања на AlkaSpeakUp платформата |
| Воведување на AlkaSpeakUp пристапи на веб-страниците на капитално поврзаните друштва каде сеуште не е воведена платформата | → | Воведување пристап до AlkaSpeakUp веб-страници на капитално поврзани друштва |
| Заштита на лични податоци<br>Имплементација на ИТ безбедносни мерки поврзани со енкрипција на лични податоци<br>Воспоставување на Процедура за избор на обработувачи на лични податоци | → | Формирана работна група за почнување со активностите за енкрипција на збирките на податоци. Формирана работна група за изработка на Процедурата. Таа е во финална фаза на доработка |
| Зајакнување на улогата и активностите на Корпоративниот секретар | ✓ | Учество на Корпоративниот секретар во работата на органите на управување на друштвото<br>Координација на работата на ESG-одборот<br>Координација на учеството на платформата Eco Vadis |
| Реализација на кампањи за подигнување на свеста на вработените и раководните лица за значењето на актите од областа на Корпоративна усогласеност, преку спроведување на работилници и други начини на непосредна обука | ✓ | Реализација на обука за Политика за управување со судир на интереси и Политика за односи со засегнати страни наменета за раководни лица<br>Непосредна комуникација со вработените од страна на Офицерот за корпоративна усогласеност |
| Континуирани заложби за родова застапеност во управните органи | ✓ | Зголемување на процентот на учество на жени во составот на Надзорен одбор |
| Воспоставување Supplier code of conduct | ✓ | Документот е донесен и одобрен од УО во октомври 2023 г, акцискиот план поврзан со него е динамички. |
| Интегрирање на сите ESG-ризици во постојните процеси на управување со ризици / бази на оперативни и стратешки ризици | ✓ | ESG-ризиците се интегрираат во процесот на управување со стратешките ризици преку зацртаните стратешки цели на АЛКАЛОИД. |



# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| Индикатор | 2022 година | 2023 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно создаден отпад | 815,62 | 775,20 | t | GRI: 306-3-a |
| Опасен отпад | 115,73 | 118,73 | t | GRI: 306-3-a |
| Неопасен отпад | 699,89 | 656,47 | t | GRI: 306-3-a |
| Рециклиран отпад | 697,39 | 670,33 | t | GRI: 306-4-a |
| Депониран отпад | 118,32 | 104,87 | t | GRI: 306-5-a |
| Комунален отпад | 4.550,00 | 8.640,00 | m3 | GRI: 306-5-a |
| Површинска вода | 0,00 | 0 | ML | GRI: 303-3 |
| Подземна вода | 143,99 | 154,77 | ML | GRI: 303-3 |
| Вода добиена од трета страна | 190,92 | 189,37 | ML | GRI: 303-3 |
| Површинска вода + Подземна вода + Вода добиена од трета страна | 334,90 | 344,14 | ML | GRI: 303-3 |
| Електрична енергија | 13.778,00 | 12.801,55 | MWh | GRI-302-1 |
| Нафта | 196.250,00 | 126.490,00 | L | GRI-302-1 |
| Природен гас | 2.235.058,00 | 2.046.652,00 | Nm3 | GRI-302-1 |
| Емисии од стационарни извори - Опсег 1 | 5.161,37* | 4.362,17 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од мобилни извори - Опсег 1 | 395,88 | 437,61 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од опрема за ладење - Опсег 1 | 26,54 | 57,46 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од откупена електрична енергија - Опсег 2 | 9.811,20 | 3.693,10 | t CO2 eq | GRI-305-2 |
| Деловно патување - Опсег 3 | 61,40 | 112,98 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Транспорт на вработени (организиран транспорт) до работно место - Опсег 3 | 14,96 | 14,17 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| "Upstream" транспорт** | / | 1.628,26 | | |
| Отпад - Опсег 3 | / | 1.360,34 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Третирање на отпад од готов производ - Опсег 3 | / | 122,32 | t CO2 eq | GRI-305-3 |

Забелешка:
*Оваа вредност е корегирана поради добивање нов релевантен податок за 2022 од страна на ОЕ Енергетски менаџмент
** Транспорт на наши производи/материјали, преку трета компанија, за кој плаќа АЛКАЛОИД АД Скопје.

ESG

# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| Индикатор | 2022 година | 2023 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во компанијата | 2.617 | 2.843 | број на вработени | останати ESG индикатори |
| Вкупен број на вработени во компанијата во Македонија | 1.975 | 2.155 | број на вработени | останати ESG индикатори |
| Процент  на вработени, жени | 59% | 58% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Процент на жени на раководни позиции | 46% | 48% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Стапка на нововработени | 9,37% | 10,94% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Стапка на заминати од компанијата (turnover) | 2,72% | 3,05% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Просечен број на тренинг часови по вработен на годишно ниво | 121 | 119,36 | часови | GRI-404-1 |
| Процент на задоволство на вработени | 71,74% | 71,94% | процент на задоволство | останати ESG индикатори |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 17 | 28 | број на пријавени избегнати несреќи | GRI-403-2 |
| Смртни случаи | 0 | 0 | број и стапка на смртни случаи | GRI-403-9 |
| Повреди со тешки последици | 0 | 0 | број и стапка на повреди со тешки последици | GRI-403-9 |
| Евидентирани повреди | 44 | 33 | број на евидентирани повреди | GRI-403-9 |
| Стапка на фреквенција на евидентирани повреди | 11,36 | 8,07 | стапка на евидентирани повреди на 1.000.000 | GRI-403-9 |
| Стапка на тежина на повреди | 21,44 | 14,3 | стапка на тежина на повреди | останати ESG индикатори |
| Стапка на повреди / 1000 вработени | 19,66 | 13,01 | број на повреди на 1000 вработени | останати ESG индикатори |
| Евидентирани повреди на вработени на добавувачи | 0 | 1 | број на повреди/број на повреди со потешки последици на вработени на добавувачи | GRI-403-9 |
| Стапка на фреквенција на повреди на вработени на добавувачи | 0 | 5 | стапка на евидентирани повреди на 1.000.000 | GRI-403-9 |
| Евидентирани професионални заболувања на вработени на АЛКАЛОИД АД Скопје | 0 | 0 | број на евидентирани вработени со професионални заболувања | GRI-403-10 |
| Евидентирани професионални заболувања на вработени на добавувачи | 0 | 0 | број на евидентирани вработени со професионални заболувања | GRI-403-10 |
| Набавки од локални добавувачи | / | 30% | учество на локалните добавувачи во вкупните набавки на компанијата | GRI-204-1 |

# Општествената одговорност во нашата компанија

Концепт на влијание врз општеството и врз животната средина, високо позиционирани приоритет во корпоративната стратегија на АЛКАЛОИД.

Свесни за влијанието што го имаме, реализираме конкретни проекти и активности, приспособени на локалните потреби, преку кои постојано и интензивно вложуваме во подобрување и унапредување на сите услови и сфери од општественото опкружување.

Со транспарентно и етичко однесување постојано ја искажуваме нашата заложба за одржлив развој и поддршка на сите засегнати страни.



# Донации и спонзорства

**Една година стратешко партнерство на АЛКАЛОИД и СОС Детско село**

„Децата се нашата иднина! Секое дете има право на топол дом, грижа и на љубов! Секое дете е и наша грижа!“ – моќни пораки спрема заедницата и силни причини за синергија, кои во целост ги препознаваат и ги почитуваат обете организации.

Во духот на нашата посветеност на принципите на ESG и на општествената одговорност, АЛКАЛОИД гордо го одбележа едногодишното партнерство со СОС Детско село. Оваа соработка беше иницирана за време на 45-годишнината од нашиот реномиран бренд Becutan, нагласувајќи го нашето суштинско верување дека секое дете заслужува топол дом исполнет со грижа и со љубов. Покрај финансиската поддршка, соработката опфаќа и холистички пристап, кој се однесува на образовните и на развојните потреби на речиси 500 деца и млади лица без родителска грижа.

Изминатата година АЛКАЛОИД посвети значителни средства, кои надминуваат 2 милиони денари, за поддршка на „Becutan куќа“ во рамките на СОС Детско село, наменети за секојдневно непречено функционирање на Куќата и на активностите поврзани со работењето на организацијата и на негувателите. Преку ова партнерство ја прифативме улогата на кумови на пет деца на возраст од пет до тринаесет години, покажувајќи ја нашата посветеност за создавање трајни позитивни промени.
„Во декември минатата година, во пресрет на нашиот јубилеј – 45 години од постоењето на детскиот бренд Becutan – започнавме со таканареченото кумство, т. е., во соработка со СОС Детско село, водиме грижа за пет дечиња на возраст од пет до тринаесет години и за сето она што е потребно околу нивното живеење таму. Во текот на годината се издвојуваше одреден процент од продажбите на нашата детска колекција и беа собрани над 2 милиони денари, кои ќе му бидат донирани на СОС Детско село. Нашата соработка ќе продолжи и во текот на претстојната календарска година”, изјави Живко Мукаетов, Генерален директор и Претседател на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во СОС Детско село ја прославивме првата годишнина од оваа значајна хумана соработка со изложба на цртежи нацртани специјално за пригодата од дечињата од СОС Детско село, на тема „Љубов е...“. Секој цртеж ќе биде награден од Becutan затоа што секое од децата е победник во мисијата наречена љубов! Сите прекрасни цртежи на дечињата ќе бидат претставени во еден дел од идните кампањи на компанијата АЛКАЛОИД поврзани со детската колекција Becutan.

Во наредните години АЛКАЛОИД останува посветен на унапредување на своите цели за ESG, користејќи ги своите ресурси и своето влијание за да придонесе во заедницата во која работи и дејствува. И ова партнерство е уште еден пример за нашата цврста одлучност за позитивно влијание во општеството.

# Хуманитарни активности

**Заедно можеме повеќе – хуманитарни активности на АЛКАЛОИД АД Скопје и Црвен крст на Град Скопје**

Придонесот во сите сфери на општествениот живот, давањето поддршка на луѓето и грижата за животната средина и за околината се само дел од целите поставени во проектите и во практиките за општествена одговорност кои ги реализираме како компанија.

Размислувајќи глобално, а дејствувајќи локално, продолжуваме со реализација на конкретни проекти и активности, соодветно приспособени на потребите на заедницата. Хуманата мисија за давање помош и за разбирање кога е потребно е длабоко втемелена во долгорочната соработка на АЛКАЛОИД АД Скопје со Црвен крст на Македонија – Црвен крст на Град Скопје, па затоа дејствуваме со заедничка цел – заложба за спроведување хуманитарни активности за доброто на заедницата.

Нашата одлучност и подготвеноста на сите вработени да им се помогне на оние на кои им е најпотребно се најголемата потврда за улогата на АЛКАЛОИД како општествено одговорна компанија. Во изминатиот период реализиравме повеќе проекти организирани заедно со Црвен крст, и тоа донација на облека, донација на храна и крводарителска акција.

И оваа година, во соработка со социјалното претпријатие „Копче“, АЛКАЛОИД спроведе уште една успешна акција за донација на облека. Нашите вработени безрезервно се вклучија во акцијата донирајќи ја облеката која не им е потребна, но која е зачувана и која сè уште може да се користи, при што беше собран речиси 1 тон облека на наменски поставените пунктови на сите локалитети на компанијата.

Искажувајќи ја хуманоста на дело, а со цел да им се помогне на ранливите и на социјално загрозените категории, реализиравме и нова хуманитарна акција за донирање храна, во која алкалоидовци несебично донираа речиси 1 тон храна, со цел подготовка на пакети со храна за социјално загрозените семејства.

ESG




Продолжувајќи ја традицијата долга повеќе од 50 години, под мотото „Дарувај крв, спаси живот“ и оваа година организиравме две масовни крводарителски акции во соработка со Црвен крст и со Институтот за трансфузиона медицина, кои резултираа со собрани 340 единици крв во двете акции, бројка која зборува за големата мотивираност на вработените, но и за индивидуалната и за колективната општествена одговорност, кои беа манифестирани преку чинот на крводарување.
Сите проекти и спроведени активности цврсто го потврдуваат имиџот на АЛКАЛОИД како партнер на општеството за да се поттикнат промени и за да се оствари значаен придонес спрема заедницата. Горди на реализираното, нашите вработени, како главни амбасадори на доброто дело, несебично се вклучија во сите хуманитарни акции, доследно претставувајќи ги компаниската култура и посветеноста за доброто на сите.

Но не застануваме тука. И натаму ќе продолжиме да ги остваруваме нашите заложби за општествено одговорно влијание спрема заедницата, но и со активна поддршка на проекти и на заеднички иницијативи кои имаат цел да ги поттикнат хуманоста и човековата солидарност, но и да ја унапредат колективната одговорност.




# Поддршка за општата јавност со информативна и едукативна содржина

**Дигитална кампања „60 секунди здравје“**

Општествената одговорност е неразделен дел од нашата корпоративна култура, длабок вкоренет во сите аспекти на работењето на компанијата. Со секое наше однесување и со секоја активност сме длабоко посветени на правењето дела за доброто на компанијата, за нашите вработени, за нивните семејства, за околината, за заедницата и за луѓето пред сè. Како општествено одговорна компанија имаме обврска позитивно и едуктивно да влијаеме врз заедницата во која дејствуваме, а тоа го докажуваме со конкретни проекти реализирани за поддршка на општата јавност. Водени од таа идеја, минатата година ја промовиравме дигиталната кампања „60 секунди здравје!“. И оваа година продолживме со изработка на нови видеозаписи со информативна и со едукативна содржина, кои имаат цел едукација на јавноста и подигнување на свеста кај публиката за важни теми од широк интерес.

Главни носители на оваа кампања беа најмалите, децата на вработените во нашата компанија, кои зборуваа на разни теми и кои ги пренесоа главните пораки. Низ повеќе настани во Спортската сала „Автокоманда“, малите алкалоидовци се дружеа, играа и се забавуваа преку активностите организирани само за нив.

Низ игра и смеа, малите гости имаа можност пред камерата на „60 секунди здравје“ да ги споделат своите мислења, избори и коментари на повеќе теми посветени на Светскиот ден на здравјето, Светскиот ден на аутизмот, Денот на планетата Земја, на спортот и спортското уживање, познавањето на празниците, дали се пие чај само во зима, на Меѓународниот ден на семејството и др.

Во годината кога нашиот најпознат детски бренд Becutan го прослави својот 45-годишен јубилеј, посебен настан беше организиран во знак на Becutan, а нашите малечки повторно искрено, весело и по малку срамежливо зборуваа што претставува Becutan за нив. Многуте нови искуства, дружењето меѓу децата и детскиот тимски дух му дадоа посебен печат на значајниот јубилеј, низ симболиката на детската искреност и на ненаметливото градење силни меѓусебни врски.



# Проект на Becutan за поддршка на родителите – интегрирана маркетинг - кампања „Како си?“

Во насока на поддршка на родителите, со главен фокус на мајките, преку брендот Becutan започнавме проект под името „Како си?“. Целта на овој проект е да го доближи самиот бренд до родителите, да им помогне да се почувствуваат разбрано и слушнато, но и да поттикне натамошна свест за поддршка на младите родители од околината.

Носечки столб на проектот е блогот со исто име „Како си?“, во кој се обработуваат теми од зачнувањето на бебето, преку целата бременост, раѓањето и првите моменти, па сè до израснувањето на детето. Преку фиктивни приказни напишани под псевдонимот „Мама Нина“, опфатени се ситуации во кои би се пронашле најразлични категории на родители во најразлични животни ситуации, правејќи го овој проект инклузивен и сеопфатен.

Покрај блогот „Како си?“ и неговата аудиопоткаст-верзија, кои беа промовирани преку повеќе канали, се реализираа и БТЛ-промоции на повеќе фреквентни локации, преку кои младите родители можеа да го искажат своето мислење, односно да споделат со нас што е она што најмногу им треба. Сите резултати што ги добивме од промоциите ги споделивме преку комуникациските канали на Becutan, повторно поттикнувајќи го опкружувањето да им придаде повеќе значење и внимание на младите родители.




Овој проект ќе продолжи да се развива и во 2024 година, давајќи му дополнителна вредност на Becutan како бренд кој, покрај тоа што 45 години се грижи за најмалите, се грижи и за нивните родители, знаејќи дека само среќни и задоволни родители може да одгледаат среќни и задоволни деца.

# Поддршка на стручната јавност



**АЛКАЛОИД АД Скопје преку доедукација на акушерките за нежна кожа уште од првиот допир**

АЛКАЛОИД АД Скопје како фармацевтска компанија која постојано се грижи за доедукација на здравствените работници, споделувајќи со нив најнови сознанија од медицинско-фармацевтската сфера, се погрижи и за акушерките, кои се здравствени работници во директен контакт со бебињата уште од самото раѓање. Затоа е многу важно тие постојано да бидат информирани и едуцирани за негата на бебешката кожа преку производи кои се клинички тестирани и безбедни за новороденчињата. Поради тоа, во мај 2023 година беше одржан едукативен собир за акушерките во нашата земја, со цел нивно едуцирање во делот за нега на бебешката кожа.

Предавач на оваа едукативна средба беше проф. д-р Николина Здравевска од Универзитетската клиника за детски болести, која ја претстави клиничката студија за маслената купка, SOS детскиот крем и за млекото за тело Becutan Sensitive, во која беа вклучени деца родени во термин, како и предвремено родени деца. Ова испитување беше спроведено во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, Универзитетската клиника за педијатрија, во ЈЗУ Гинеколошко-акушерска болница „Мајка Тереза“ – Чаир, болницата „Аџибадем систина“ и во болницата „Ремедика“, за период од 6 месеци.
Преку ваквите едукативни средби целиме да ја одржиме нашата блиска врска со здравствените работници, да ја пренесеме сопствената експертиза и да го слушнеме нивното искуство од користењето на производите на Becutan.

Преку постојана соработка со стручната фела продолжуваме да го градиме нашиот корпоративен имиџ, како и имиџот на нашиот бренд Becutan.



**Becutan Sensitive, во соработка со неонатолозите, главен поддржувач на Светскиот ден на предвремено родените деца**

АЛКАЛОИД АД Скопје како општествено одговорна компанија, преку конкретни проекти и активности, постојано се залага за поддршка на заедницата на здравствени професионалци при секојдневната грижа за пациентите, преку разни едукативни и информативни проекти и содржини.

Во таа насока, АЛКАЛОИД и Здружението на неонатолози, по повод Светскиот ден на предвремено родените деца, под мотото „Мали чекори, големи придобивки“ на 17 ноември 2023 година во хотелот „DoubleTree by Hilton“ организираа стручен собир на кој учествуваа педијатри од целата држава и на кој беа опфатени различни теми од големо значење за прематурните деца.

Прим. д-р Марина Поп-Лазаров, педијатар и шеф на Педијатрија и неонатологија во болницата „Ремедика“ Скопје, имаше свое излагање, на кое беа претставени резултатите од спроведеното клиничко испитување на колекцијата Becutan Sensitive, наменета за чувствителна кожа, во кое беа вклучени повеќе од 300 новороденчиња, меѓу кои и прематурни деца.

На овој настан присуствуваа повеќе од 150 учесници, меѓу кои голем број членови на Здружението на неонатолози, членови на Здружението на педијатри, матични лекари кои работат со деца, како и лекари кои работат во вакциналните пунктови.

Со поддршката на овој стручен собир, како компанија уште еднаш докажавме дека ние секогаш се стремиме да го обезбедиме најдоброто за сите деца и да одговориме на сите нивни потреби.

# Поддршка на спортот, културата и на образованието



**Фондацијата „Трајче Мукаетов“ доделил 40 нови стипендии за учебната 2023/2024**

Шеснаесетта година по ред Фондацијата „Трајче Мукаетов“ доделува 40 стипендии за студенти на Фармацевтскиот и на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Изборот на стипендисти за учебната 2023/2024 година, кој е во согласност со објавениот јавен конкурс, е одобрен од Управниот одбор на Фондацијата по предлог-прелиминарната листа од комисиите за распределба на стипендии, составени од претставници на Фондацијата и на двата факултета, како и од претставници од редовите на студентите.

За новата академска година се доделуваат 40 нови стипендии, од кои 20 за студенти на Фармацевтскиот и 20 за студенти на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. И оваа година Фондацијата ќе додели еднократна парична награда од 1.200 евра во денарска противвредност за првенците на генерација на двата факултета.

Во шеснаесетте години постоење, Фондацијата „Трајче Мукаетов“ стипендирала вкупно 659 студенти по фармација и по медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје и инвестирала близу 130 милиони денари по основ на стипендии и на еднократни парични награди за првенците на генерација.

Од ноември 2022 година износот на стипендијата изнесува 7.000 денари во текот на 12 месеци и се засметува линеарно на постојните и на новите стипендисти, сè до нивното формално завршување на студиите.

# АЛКАЛОИД АД Скопје – главен поддржувач на спортот и на спортските тимови

Како општествено одговорна компанија со силно изразена стратешка определба за поддршка во сите сфери од општествениот, спортскиот, од образовниот, здравствениот и од културниот живот во Македонија, преку нашите активности и конкретни проекти иницираме и постојано се трудиме да придонесеме за подобрување на условите во сите сфери на општественото опкружување и дејствување.

Спортот во АЛКАЛОИД има долга историја и богата традиција. Компанијата со децении наназад помагала и помага разни ентитети на клупско, репрезентативно и на индивидуално ниво во голем број спортови како што се фудбалот, кошарката, ракометот, одбојката, пливањето и други. Поддршката на спортот, тимовите и на спортистите е важен фактор кој дава мотивација и сигурност со цел развој и вложување во иднината.

Спорт во кој сме најуспешни е, секако, ракометот, на кој сме особено горди. АЛКАЛОИД АД Скопје е долгогодишен поддржувач и главен спонзор на Ракометната федерација на Македонија. Од оваа година станавме и генерален спонзор на Македонската таеквондо федерација, обезбедувајќи поддршка за македонските таеквондисти за нивните подготовки и успешни идни настапи на домашната и на меѓународната сцена.

Секој успех се темели на јасно дефинирана визија и поставени цели, на одлучност и целосна посветеност, како и на тимска работа и натпреварувачки дух. Горди на секој постигнат успех на нашите спортисти, посветено ја изразуваме нашата поддршка на патот кон успехот, со верба и со желба да помогнеме во остварувањето на целите и на амбициите во спортот и во иднина.



**Алкалоидовци со пехар за најбројна спортска екипа на Скопскиот маратон Wizz Air 2023**

Рекорден број на пријавени и најбројна екипа на овогодишниот Скопски маратон Wizz Air 2023 – 552 вработени алкалоидовци трчаа низ скопските улици.

Мотивирани од тимскиот и од рекреативен дух, нашите вработени уште еднаш ја докажаа својата мисија за подигнување на свеста за важноста на грижата за здравјето и на спортскиот дух на луѓето, притоа остварувајќи ја максимата на компанијата Здравјето пред сè.

На трката на 5 км беа пријавени 498 тркачи, на полумаратонската трка 52 натпреварувачи, а на маратонската трка 2 натпреварувачи. Нашиот женски тим на трката од 5 км се пласираше на 5. место од вкупно 187 екипи, додека, пак, машкиот тим се пласираше на 20. место од вкупно 180 екипи. На полумаратонот женската екипа се пласираше на 20. место, додека, пак, машкиот тим на 18. место. На маратонската трка најдобро пласираниот алкалоидовец беше на 20. место од вкупно 211 маратонци.

Горди на своите маратонци, ја поздравуваме големата заинтересираност која ја искажаа нашите вработени за учество на Маратонот, честитајќи им за успесите и за покажаната тимска сплотеност.






**Вицешампионски статус за РК Алкалоид и премиерен настап во Европа; суперлигашко деби за РК Мулти Есенс**

РК Алкалоид изминатата година продолжи со забрзани чекори да се развива и да се движи во нагорна линија. Со истиот систем како и претходната година – македонски ракометари во екипата, стручна работа и тренинзи – клубот дојде до статусот на вицешампион во македонската ракометна Суперлига. Под водство на македонската ракометна легенда Кирил Лазаров, РК Алкалоид ги имаше и првите настапи во Европа, каде што преку домашното првенство обезбеди место во групната фаза од Европската лига на ЕНF.

Во својата премиерна сезона во европските купови, РК Алкалоид на шест одиграни натпревари успеа двапати да остане непоразен против шпанскиот тим Логроњо Ла Риоха. Забележани се една победа (28 : 27) и едно реми (29 : 29) против реномираниот противник, кој е редовен учесник во натпреварувањата на ЕХФ. Против екипите на РК Војводина и на РК Бјерингбро Силкеборг одигравме одлични 4 натпревари во кои нашите млади ракометари дадоа силен отпор и покажаа квалитет. Желбата и целите за новата година се да се оди скалило погоре, а за тоа зборува добриот почеток на сезоната во македонскиот шампионат, во кој РК Алкалоид забележа 14 победи на 14 натпревари во првиот дел од сезоната 2023/24.

РК Мулти Есенс за првпат по формирањето обезбеди место во машката ракометна Суперлига на Македонија. Играчите со младински репрезентативен статус и потенцијал како дебитанти добија шанса да играат со најдобрите екипи од домашната сцена и да растат на спортски план.

Клубовите кои се под закрила на „Алкалоид“ во младинските категории веќе се промовираа како носители на македонскиот младински ракомет.

Минатата сезона РК Мулти Есенс беше кадетски првак на Македонија, а во тековната сезона РК Мулти Есенс е лидер во младинската категорија со максимални 11 победи на единствената табела, додека, пак, РК Алкалоид е лидер со максимални шест победи во групата Б во кадетското првенство.

Забележан е раст и во бројката на ракометари во младинските школи, при што во трите возрасни категории – У14, У16 и У18 – учествуваат повеќе од 100 деца, кои ги добиваат најдобрите услови за развој како добри спортисти и како здрави лица.



**ШК Алкалоид заокружи уште една успешна година**

Вложените напори да се продолжи триумфалната низа, која му дава за право на ШК Алкалоид да се нарече еден од најуспешните спортски колективи во Македонија, беа целосно реализирани преку освојувањето нови трофеи во 2023 година.

На поединечните државни првенства беа освоени двете титули – и во машка и во женска конкуренција. Во екипна конкуренција ШК Алкалоид, исто така, ја освои двојната круна, триумфирајќи со максимален ефект на двата турнира. За машката екипа на ШК Алкалоид ова е 11-та последователна титула, а вкупно 25-та (од вкупно одржани 31 екипен шампионат во сениорска конкуренција).

На меѓународен план шахистите на ШК Алкалоид настапија на Светското екипно првенство за сениори, кое се одржа во Струга. Во конкуренција на играчи над 50 години, тимот на ШК Алкалоид го освои петтото место меѓу 22 репрезентации.

Членови на ШК Алкалоид настапија и за македонската репрезентација на Европското екипно првенство што се одржа во Црна Гора.

Следејќи ја својата долгорочна стратегија за развој на јуниорскиот шах, ШК Алкалоид организира шаховски школи за деца. Наставата ја водат врвни лиценцирани шаховски тренери, велемајстори и интермајстори од најуспешните генерации шахисти во Македонија. Со работата се опфатени стотина деца од целата држава преку настава во Скопје, Неготино, Прилеп и во Струга, како и онлајн-настава за другите градови.
На поединечните државни првенства во младинска конкуренција беа освоени 3 златни, како и повеќе сребрени и бронзени медали. На Екипното младинско првенство јуниорите на ШК Алкалоид освоија медал во сите конкуренции, при што генерацијата до 18 години го освои првото место. Дел од најуспешните јуниори, со поддршка на клубот, учествуваа на Европското и на Светското младинско поединечно првенство.

Како организатор клубот ја продолжи традицијата на организација на турнирот „Алкалоид Рапид опен“, на кој учествуваа 227 играчи од седум земји.

# Унапредување на условите за работа и важноста на задоволството на вработените




**„Ви благодариме за нашето денес!" – проект за грижа за нашите пензионери**

Нашата успешна приказна, која трае речиси девет децении, се темели на квалитетот на кадарот кој работи во нашата компанија, на брендот АЛКАЛОИД, на сите поединечни брендови што ги имаме и на квалитетот на производите, кои ги граделе многу генерации алкалоидовци низ годините наназад.

Големите нешта никогаш не доаѓаат лесно и одеднаш – тие се плод на напорната работа и на вложениот труд на многу генерации алкалоидовци, кои безрезервно ја изразиле својата силна намера и цврста волја да придонесат во работењето и во развојот на компанијата. Некои тоа го правеле со години и со децении, дочекувајќи ги своите пензионерски денови во нашите производствени погони или во административните единици, а денес им раскажуваат на своите потомци за својот придонес во градењето на компанијата која важи за една од најдобрите фармацевтски индустрии во Југоисточна Европа.

Токму нив АЛКАЛОИД сака да ги потсети дека не заборавил на нивниот влог во секој еден проект, во секој еден производ и во секој еден наш капацитет. Водени од стремежот за постојана грижа и за одржување силна врска со нашите пензионери, од минатата година го започнавме проектот „Ви благодариме за нашето денес!". На почетокот на годината упативме апел до сите поранешни пензионирани колеги да се пријават со цел обновување на базата на пензионирани алкалоидови вработени, а подоцна со мал гест на внимание и во знак на благодарост пријавените пензионери ги изненадивме со брендирано пакетче со производи доставено на нивните домашни адреси.



## AlkaTVInfo – дигитална алатка за интерна комуникација

Внатрешната комуникација е клучен аспект на нашата корпоративна култура и на корпоративната комуникациска стратегија. Ефектната интерна комуникација има суштинско значење за навремено и за целосно информирање на сите вработени, за промовирање на транспарентноста, за усогласување на работните единици и процеси со организациските цели и за подобрување на целокупниот ангажман на вработените.

Редовните известувања преку електронската пошта, информативните постери, билтените и преку соопштенијата се дел од ефектните алатки што ги користиме за навремено пренесување на информациите до вработените.

Во насока на континуирано подобрување и на приспособување на динамиката која ја наметнува развојот на технологијата, во АЛКАЛОИД постојано ги применуваме најновите трендови и иновации преку воведување нови дигитални алатки и платформи, а сè со цел олеснување и правилно насочување на комуникациските канали до вработените и на пристапот до информации. Водени од тоа, минатата година беше инсталиран нов систем за информирање AlkaTVInfo, составен од преку 40 телевизори поставени како информативни екрани на најфреквентни локации низ сите локалитети на компанијата, кој се раководи од централна софтверска програма, преку која се обработува, се раководи и се пласира содржината за прикажување на екраните. Оваа информативна алатка овозможува сите во организацијата да бидат навремено информирани за главните случувања, за целите на компанијата, за политиките и процедурите, како и за сите други сегменти од голема важност за нашите вработени.

### „Еден работен ден“

Човечкиот капитал е еден од клучните фактори врз кои се темели успехот на компанијата. Токму затоа нашите вработени се пред сè. Грижата за човечкиот капитал и за задоволството на вработените е еден од врвните приоритети во АЛКАЛОИД и во секојдневното функционирање на нашата компанија.

Во делот на корпоративната комуникациска стратегија една од целите е претставување и промовирање на нашите вработени. Преку кампањата „Еден работен ден“ секој месец во годината се претставува по еден вработен, и тоа со слика и со краток текст за него, за неговата работна позиција, за тоа како му поминува еден работен ден и за што е задолжен. Во текот на годината се претставуваат различни работни места од различни оддели и служби во компанијата, со што сите вработени имаат еднаква можност и прилика да бидат претставени.



# Јуни - Месец на ESG

**Информативно-едукативна кампања Јуни – месец на ESG во АЛКАЛОИД**

Како компанија која се залага за одржлив развој, во АЛКАЛОИД сме целосно посветени на подигнување на свеста и на градење на компаниската култура на добро еколошко, општествено и корпоративно управување (ESG). За таа цел, во 2023 година јуни беше прогласен за месец на ESG во АЛКАЛОИД.

Во текот на информативно-едукативната кампања ги едуциравме вработените за ESG-стратегијата на нашата компанија, за активностите што се реализираат и за начинот на кој секој вработен може да придонесе за остварување на поставените долгорочни и краткорочни ESG-цели. Кампањата се реализираше преку информативни електронски пораки до вработените, постери поставени низ сите локалитети, објава на информации на информативните екрани АлкаТВИнфо, преку делење летоци и брошури и сл.

Како дел од кампањата, а со цел подобрување на квалитетот на воздухот и на здравјето на луѓето, компанијата обезбеди финансиски поволности за вработените за набавка на електрични мотоцикли, електрични велосипеди и на електрични тротинети и велосипеди. Во согласност со заложбите за унапредување на работните услови и за намалување на јаглеродниот отпечаток на секој вработен, на локалитетите во Автокоманда и во Ѓорче Петров дополнително беа обезбедени места за паркирање тротинети, како и полначи за нивно полнење. Оваа кампања поттикна и активно учество на вработените со нивни предлози и сугестии. Целта на кампањата беше остварена – да ја пренесеме главната порака дека ESG е континуиран процес и дека неговата примена носи многу предизвици, кои сите заедно ќе ги совладаме со цел градење одржлива и чиста животна и работна средина.

Да бидеме свесни за ESG-концептот и со нашето секојдневно однесување и со нашите дела да се вклучиме во остварувањето на поставените цели во нашата ESG-стратегија.

# Електрични возила и полначи за електрични возила

Во 2023 година со конкретни дела ги поткрепивме нашата јасна мисија и визија и цврстата определба за зачувување на животната средина преку електрично редефинирање на нашата секојдневна мобилност.

На наше огромно задоволство, алкалоидовата флота се збогати со целосно електрични службени возила и со станици за електрично полнење.



# Награди, признанија и сертификати



**Водечки инвеститор во земјите од Западен Балкан** (Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (WB6CIFa))



**Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2023 година по избор на медиуми** (Македонска берза)



**Акција на годината за 2023 година по избор на јавноста** (Македонска берза)



**Најпосакувана македонска компанија за вработување во 2022 година** (Vrabotuvanje.mk)




**Оскар на хуманост** (Црвен крст на Република С. Македонија)




**Компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа 2023** (Совет за безбедност и здравје при работа на Република С. Македонија)

ESG

ecovadis

**Commitment Badge in recognition of your sustainability achievement**




**Благодарница за исклучителен придонес во кампањата на Црвен крст за обезбедување на хуманитарна поддршка за настаданото население од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириската Арапска Република** (Црвен крст на Република С. Македонија)




**Признание за најголем корпоративен донатор во 2022 година** (СОС Детско село)



**19-ти WIZZAIR Скопје маратон 2023 -** најбројна екипа




**Плакета за докажана општествена одговорност во 2023 година** (Општина Гази Баба по повод 3-ти ноември Денот на општина Гази Баба)




**Плакета за поддршка за успешна реализација на турнирот „Втор меморијален турнир Јасмина Голубовиќ“** (Здружение на ракометни ветеранки - активни Куманово)





# III. ЖИВОТНА СРЕДИНА

# III.
# Животна средина

Климатските промени влијаат врз сите нас и претставуваат најголемиот предизвик со кој ќе се соочи човештвото во иднина. АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална корпоративна општествено одговорна компанија која е посветена на создавање одржлива иднина преку исполнување на стратегијата која е заснована на целите за одржлив развој на Обединетите нации.

Нашата посветеност за одржлива индустриска практика, одржлив дизајн, еколошка едукација, за циркуларна економија, обновлива енергија и за одржлив развој претставува глобална визија на врвното раководство и стратешко позиционирање на компанијата за создавање одржлива иднина.

Стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставена преку примена и преку негување на воспоставената практика за управување со аспектите на животната средина, тимската работа и на несебичното вложување на секој вработен за градење одржлив систем за управување со животната средина, за создавање одржлива еколошка вредност на компанијата и за здрава животна средина за сите нас.

При сите наши активности настојуваме да ги подобриме перформансите за заштита на животната средина првенствено преку:

- производство на сопствена енергија од обновливи извори;
- промовирање на енергетската ефикасност во сите активности и процеси;
- континуирана примена на добрата практика за управување со отпадот;
- избегнување, намалување, повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- инкорпорирање одржлив пристап во развојот на производите;
- следење и практична примена на најновите иновации во областа на:
    - енергетската ефикасност,
    - управувањето со јаглеродниот отпечаток,
    - управувањето со водните ресурси,
    - управувањето со отпадот,
    - производствените системи,
    - одржливиот транспорт;
- следење и практична примена на најновите иновации за подобро постигнување климатска неутралност.

Деловната стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје е насочена кон создавање поздрава животна средина за заедницата, нешто што го постигнуваме преку одржување на системот за управување со животната средина, како дел од интегрираниот менаџмент-систем, преку поставување одржливи цели за животна средина, преку клучни мерни индикатори и преку воспоставување на GRI-стандардите како рамка на ESG-известувањето.

Во прилог ги прикажуваме клучните елементи и подобрувањата на системот за управување со животната средина и за следење на влијанијата и на усогласеноста со националната законска регулатива и со другите барања; проектите за подобрување на перформансите на животната средина, како и реализацијата на одржливите цели и клучните мерни индикатори за 2023 година.

Покрај националната законска регулатива, како основа за изработка на извештајот се користат и GRI-стандардите како рамка на ESG-известувањето.



# Систем за управување со животната средина

Системот за управување со животната средина е во согласност со меѓународниот стандард ISO 14001:2015 и е воспоставен во сите организациски единици на АЛКАЛОИД АД Скопје, АЛКАЛОИД КОНС, АЛКАЛОИД ДОО Белград и АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград.

Системот за управување со животната средина е дел од интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Клучните елементи на системот за управување со животната средина се прикажани на сликата.



**Законски и други барања**

Законските и подзаконските акти што се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина континуирано се следат, во согласност со Процедурата за законски и други барања, за следење и за усогласеност – животна средина и БЗР.

Засегнатите организациски единици во рамките на компанијата континуирано се известуваат за промените и за последните барања на законската регулатива.

Одговорните лица од Обезбедување квалитет – Екологија го следат и го проверуваат спроведувањето на законските барања и им даваат поддршка на засегнатите организациски единици со цел исполнување на законските барања.

**Аспекти врз животната средина**

Аспектите претставуваат елементи на активностите на компанијата или на производите или услугите кои се или кои може да бидат во интеракција со животната средина.

**Еколошкиот мастер план** претставува документирана информација во која е пропишан процесот на идентификација, оценување, контрола и на дефинирање соодветни мерки за намалување на негативното влијание врз животната средина.

# Систем за управување со животната средина

## Мониторинг на влијанијата врз животната средина

**Мониторинг** на животната средина се состои од систематизирани мерења, следење и контрола на состојбите, на квалитетот и на промените на медиумите или на областите на животната средина.

**Влијанието** во животната средина е промена на животната средина, без разлика дали е негативна или позитивна, која целосно или делумно потекнува од аспектите на животната средина на компанијата.

**Медиуми** на животната средина се водата, воздухот и почвата.

**Области** на животната средина се природата, отпадот, бучавата, вибрациите, јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење, климата, миризбата и сите други елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

## Инциденти во животната средина

Инцидентот претставува настан кој е причина за појава на ризик, потенцијално загадување, хаварија и на штета во животната средина.

Во случај на појава на вонредни ситуации, хаварии и инциденти со потенцијално влијание врз животната средина, се постапува во согласност со Процедурата за реагирање и за постапување со аспектите на животната средина при хаварии или при вонредни ситуации и со СОП за истрага на инциденти со потенцијално влијание врз животната средина.

Изработени се планови за постапување со аспектите на животната средина во случај на појава на хаварија или на вонредна состојба, како и список на клучен персонал за реагирање и за постапување со аспектите на животната средина, кои засегнатите ОЕ ги изложуваат како јавно достапна информација за да може сите лица да имаат лесен пристап до овие информации како насочување за тоа како да постапат доколку се појави каква било вонредна ситуација, хаварија или инцидент со потенцијално влијание врз животната средина.

### Управување со отпадот

Отпад е секоја материја или предмет што создавачот/поседувачот го отфрла, има намера да го отфрли или од него се бара да го отфрли.

Со отпадот што се создава во текот на работата во сите организациски единици, тимот на Обезбедување квалитет – Екологија постапува во согласност со Процедурата за управување со отпад, како и со дополнителните постапки за отпад.

Управителот за отпад изготвува програма за управување со отпадот за период од три години на ниво на АЛКАЛОИД АД Скопје. Програмата за управување со отпад ја одобрува раководното лице на Обезбедување квалитет, а се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање.

При управување со отпадот постојано се соработува со надворешни компании кои имаат овластување, т. е. дозвола за транспорт, складирање и за постапување со отпад, издадена од стручниот орган од МЖСПП.

### Интерни и екстерни засегнати страни

Со цел исполнување на барањата пропишани со законската регулатива, тимот на Обезбедување квалитет – Екологија има обврска и задача да пополни одредени обрасци, кои се дефинирани со законските и со подзаконските акти, како што се:

- дневник на емисии во воздухот, кој се доставува до МЖСПП;
- годишен извештај за отпадот, кој се доставува до МЖСПП;
- катастар на емисии во животната средина, кој се доставува до МЖСПП;
- инвестиции во заштита на животната средина, што се доставува до Државниот завод за статистика;
- статистика на отпадот, која се доставува до Државниот завод за статистика;
- катастар на загадувачи на територијата на општина Гази Баба, кој се доставува до Општина Гази Баба;
- квартални извештаи за посебните текови на отпадот (пакување, батерии, акумулатори, електрична и електронска опрема, отпадни масла), кои се доставуваат до соодветниот колективен постапувач.

# Систем за управување со животната средина

**Обврска во согласност со А интегрираните еколошки дозволи и со елаборатите за заштита на животната средина**

Тимот на Обезбедување квалитет – Екологија ги следи пропишаните барања во А интегрираните еколошки дозволи (кои се однесуваат на ПЦ Фармација Автокоманда, ПЦ Фармација Ѓорче Петров и на ПЦ ХКБ програма Хемија) и елаборатите за заштита на животната средина (ПЦ ХКБ програма Билка, програма Козметика и одморалиште во Стар Дојран), според кои постапува. За секоја измината година тимот на Обезбедување квалитет – Екологија изготвува годишен извештај, кој го доставува до надлежниот орган, односно до МЖСПП најдоцна до 31 март, во согласност со барањата во законската регулатива.

Годишниот извештај содржи детални информации за извршените активности кои ги спровела компанијата во областа на животната средина.

**Континуирани подобрувања и развојни проекти**

Врз основа на дефинираните цели и на КПИ за животна средина се поставува стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје во однос на животната средина. Одговорните лица од засегнатите служби/оддели ги каскадираат целите за животна средина во процесите. Врз основа на стратешкото планирање, исполнувањето на поставените цели и на КПИ на сите организациски единици од областа на заштитата на животната средина, се иницираат проекти, при што се вклучува мултидисциплинарен тим од сите засегнати страни.

**Еколошки аспекти врз животната средина (ЕМП)**

Во АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставен систем за идентификување и за оценување на аспектите врз животната средина од сите процеси што се реализираат. Идентификуваните аспекти се следат и се набљудуваат на одредена фреквенција, во согласност со дефинираните обврски во законската регулатива од областа на животната средина.

Законската регулатива, во однос на емисиите во животната средина, параметрите и на фреквенцијата на набљудување, е дефинирана во:

• А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда УП1-11/3 бр. 466/2021;

• А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 704/2021;

• А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 705/2021; измена на А интегрираната еколошка дозвола УП1-11/3 бр. 2548/2022;

• елаборат за заштита на животната средина за ПЦ ХКБ, програма Козметика, на локалитетот во Ѓорче Петров, Решение бр. 11-6582/2;

• елаборат за заштита на животната средина за ПЦ ХКБ, програма Билка, на локалитетот во Аеродром, Решение бр. 08-4743/2.

# Емисии во воздухот

Мерењата на емисиите во воздухот во горенаведените документи се дефинирани како што следува.

**1. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда** се дефинирани 10 (десет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- A1, A2 и A8 – испусти од котларата, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на загадувачки супстанции $NO_2$, $SO_2$, CO и на цврсти честички прашина;

- A3, A4, A5, A6, A7, A9, A10 – испусти од системот за отпрашување поставени во Производство – фармација, од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на цврсти честички – фармацевтска прашина (PM).

**2. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров (производство на цефалоспорини** и производство на фармацевтски суровини) се дефинирани 5 (пет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- A1, A2, A3 – испуст од системот за отпрашување поставен во погонот за производство на цефалоспорини, од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на цврсти честички – фармацевтска прашина (PM);

- A4 и A5 – испуст од локален вентилациски систем поставен во погонот за производство на фармацевтски суровини, од каде што во воздухот со отпадни гасови се очекува емисија на испарливи органски соединенија – Volatile Organic Compounds (VOCs).

**3. Во ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров** се дефинирани 11 (единаесет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- А1, А2 и А3 – испусти од котларата, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на загадувачки супстанции CO, $NO_2$, $SO_2$ и на цврсти честички прашина;

- А4 – испуст од хаубата над реакторот (оксидоредукциски процес за добивање сребрени соли) во погонот за неоргански синтези, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на прашина, $NO_2$, $SO_2$, $NH_3$ и на VOCs.

и 7 споредни (помали) испусти на отпадни гасови и на загадувачки супстанции во воздухот во животната средина, и тоа:

- од А5 до А11 – испусти од хаубите над реакторите, упарувачите, кристализаторите и над сушарите (процеси на неутрализација, растворање и на упарување на неорганските хемикалии) во погонот за неоргански синтези, од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на прашина, $NO_2$, $SO_2$, $NH_3$ и на VOCs.

**4. Во ПЦ ХКБ, програма Билка,** се дефинирани 4 (четири) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- две мерни места – испуст од системот за отпрашување, од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на цврсти честички (PM);

- А1 и А2 – испуст од котларата, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на загадувачки супстанции CO, $NO_2$, $SO_2$ и на цврсти честички прашина.

**5.** Од **ПЦ ХКБ, програма Козметика, не се идентификувани испусти во воздух.**

**Прилог 1: Мониторинг на емисиите во воздухот и водата и на ниво на бучава**

# Емисии

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 305)**

**Начелата на стандардот GRI 305 – Емисии,** кои се однесуваат на емисиите на супстанции од одреден извор во атмосферата, се воспоставени за пресметка и за следење во однос на основните процеси што ги спроведува компанијата.

GRI 305 ги вклучува емисиите на стакленички гасови (GHG), супстанции што го осиромашуваат озонот (ODS), азотни оксиди ($NO_X$) и на сулфурни оксиди ($SO_X$) меѓу другите значителни емисии во воздухот.

Пресметките прикажани во овој извештај ги вклучуваат емисиите на стакленички гасови (GHG), односно $CH_4$, $N_2O$, HFCs, PFCs, $SF_6$, $NF_3$, изразени како CO2eq.

Емисиите во воздухот, во согласност со GRI-стандардот, се групирани на следниов начин:

• Директни (опсег 1) емисии на стакленички гасови

Пресметките на опсег 1 вклучуваат емисии од: стационарни извори (котлара), мобилни извори (транспорт со сопствени возила, виљушкари) и средства за ладење.

• Индиректни (опсег 2), односно емисии на стакленички гасови од откупена електрична енергија

Пресметките на опсег 2 вклучуваат емисии од откупена електрична енергија.

• Други индиректни (опсег 3) емисии на стакленички гасови кои потекнуваат од вредносниот синџир на влезни и на излезни ентитети.

Пресметките на опсег 3 вклучуваат емисии од следните категории:

- Категорија 4 - транспорт опслужен од трета страна,
- Категорија 5 - емисии од третманот на отпад кој е генериран на нашите локалитети,
- Категорија 6 - службени патувања,
- Категорија 7 - патувања на вработените до работа и назад,
- Категорија 12 - емисиите од третманот на отпад кои се генерираат од отпадот кој настанува по употреба на нашите производи.


ЕМИСИЈА НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ ВО 2023
t CO2 eq
5000
4500
4000
3500
3000
2500
2000
1500
1000
500
0
4362.17
437.61
57.46
3.693.10
112.98
14.17
1628.26
1360.34
122.32
Емисии од стационарни извори - Опсег 1
Емисии од мобилни извори - Опсег 1
Емисии од опрема за ладење - Опсег 1
Емисии од откупена електрична енергија - Опсег 2
Деловно патување - Опсег 3
Транспорт на вработени (организиран транспорт) до работно место -
"Upstream" транспорт**
Отпад-Опсег 3
Третирање на отпад од готов производ - Опсег 3

# Емисии од отпадната вода

Мерењата на емисиите од отпадната вода се дефинирани како што следува.

**1. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда** се дефинирани 3 (три) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења), односно:

- C1 и C3 – емисиски точки од Производство – фармација;
- C2 – емисиска точка од Контрола на квалитет.

**2. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров, производство на цефалоспорини и производство на фармацевтски суровини,** се дефинирани 2 (две) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења), односно:

- C1 – емисиска точка од погонот за производство на цефалоспорини и C2 – емисиска точка од погонот за производство на фармацевтски суровини.

**3. Во ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров** е дефинирано 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадната вода (месечни мерења), односно:

- C1 – емисиска точка од производството на програмата Хемија.

**4. Во ПЦ ХКБ, програма Козметика,** отпадната вода се следи преку емисиска точка од производството на програмата Хемија.

5. Од **ПЦ ХКБ, програма Билка,** е дефинирано 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадната вода (годишно мерење), односно:

- C1 – емисиска точка од производството на програмата Билка.

**Мерењата се презентирани во прилог 1: Мониторинг на емисиите во воздухот и водата и ниво на бучавата**

# Вода и ефлуенти

(Известувањето е направено врз основа на GRI 303)

Начелата на стандардот GRI 303, вода и ефлуенти, се воспоставени за пресметка и за следење на користењето на водата и на емисиите во водната средина кои можат да влијаат врз квалитетот на водата.

Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и за ефлуенти

- GRI 303-3 – исцрпување на водата



• **Енергетски биланс на успехот**

Преку континуираниот надзор, водните проверки и преку мерките за намалување на потрошувачката на вода, во последните 5 години се преполови потенцијалната потрошувачка на вода. Со натамошните планирани мерки за идните години можно е достигнување на уште подобри резултати, сѐ до постигнувањето на целосно одржливо искористување на овој ресурс.



Постигнати намалувања од проекти за ефикасност



# Управување со отпадот

За да се постигне ефикасност на процесот на управување со отпад, треба да се минимизираат потрошувачката на материјали и создавањето отпад. Селектирањето на отпадот, повторната употреба, дефинираните постапки за отстранување на отпадот, економските оправдани процеси на рециклирање или согорувањето со добивање на енергија се само дел од активностите што се преземаат за постигнување на ефикасноста.

Во согласност со прописите на групацијата, сите производствени локации се обврзани да го селектираат, да го рециклираат и да го намалуваат отпадот, но и безбедно да го отстранат во согласност со воспоставената практика на заштита на медиумите на животната средина. На нашите локалитети одговорните лица одржуваат ажуриран регистар за отпад, кој ги вклучува следните информации за секој тек на отпадот: име и опис на отпадот, шифра на отпадот, неговиот извор и волумен, информации за неговиот состав, класификација на опасностите, како и финален третман и отстранување.

АЛКАЛОИД АД Скопје е посветен на:

- избегнување и намалување на отпадот;
- повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- практики за управување со отпадот кои ги штитат животната средина и заедницата;
- инкорпорирање на најдобрите практики за управување со ризик и за безбедност и здравје на работното место при управувањето со отпадот;
- негување на организациската култура која промовира најдобра практика за управување со отпадот и за враќање на ресурсите;
- ангажирање на засегнатите страни и охрабрување на однесувањето за управување со отпадот;
- развивање и одржување еколошки рамки и известување што го промовира интегритетот на податоците и што овозможува транспарентна комуникација и континуирано подобрување.

# Отпад

(Известувањето е направено врз основа на GRI 306)



- GRI 306-3 – создаден отпад
- GRI 306-4 – отпад што не се депонира
- GRI 306-5 – отпад што се депонира

Прилог2: Пресметка за создадениот отпад по локалитети

# Вкупно создаден отпад во АЛКАЛОИД за 2023 год.









ЖИВОТНА СРЕДИНА

ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

УПРАВУВАЊЕ



# Енергија

АЛКАЛОИД АД Скопје во деловната стратегија и во грижата за животната средина ја препознава енергетската ефикасност како приоритет. Континуираната грижа за енергијата како фундаментален аспект во секој процес, проект, производ и капацитет резултираше со повеќе значајни инвестициски и оперативни мерки кои беа спроведени во 2023 година.

Континуирано работиме на намалување на енергетскиот интензитет; обезбедуваме континуирано подобрување на нашите енергетски перформанси преку обезбедување информации и ресурси, преку кои ги постигнуваме нашите насоки и цели; се придржуваме до законските и до другите барања во однос на енергијата и на ефикасната употреба на енергијата и вршиме подобрувања на енергетските перформанси преку проектирање и преку промени во нашите погони, објекти, опрема, системи и процеси.

„Континуираната грижа за енергијата како фундаментален аспект во секој процес, проект, производ и капацитет резултираше со повеќе значајни инвестициски и оперативни мерки кои беа спроведени во 2023 година.“

# Енергетски биланс на успехот

Преку континуираниот надзор и преку енергетските проверки и мерки за намалување на потрошувачката на енергенти, во последните 5 години успеавме да ја намалиме потенцијалната потрошувачка на енергија за околу 20 %. Со натамошните планирани мерки за идните години можно е достигнување уште подобри резултати, сè до постигнувањето целосна енергетска независност.





# Енергија

(Известувањето е направено врз основа на GRI 302)

Начелата на стандардот GRI 302 енергија се воспоставени за пресметка и за следење информации и податоци што се однесуваат на начинот за тоа како управува компанијата со влијанијата поврзани со користењето енергија.

- GRI 302-1 – потрошувачка на енергија во рамките на компанијата
- GRI 302-3 – енергетски интензитет
- GRI 302-4 – намалување на потрошувачката на енергија

## Потрошувачка на енергија од необновливи и обновливи извори 2023



## Вкупна Енергенсна и Енергетска Ефикасност (инфо од Scope 1 & 2 со вклучен транспорт)



## Електрична енергија од обновливи извори GRI-302-1-b фотоволтаици [kWh]



# Потрошувачка на енергија за греење 2023





# Известување 302-4 намалување на потрошувачката на енергија во рамките на компанијата

## Количина на намалувања на потрошувачката на гориво
**GRI 302-4-a**




## Количина на намалувања на потрошувачката на електрична енергија
**GRI 302-4-a**




## Количина на намалувања на природен гас за греење
**GRI 302-4-a**



# Енергетски интензитет

Интензитет на воден ресурс [m³/t]




Енергетски интензитет (откупена ел. енергија) [MWh/t]




Енергетски интензитет (сопствени ФВ централи) [MWh/t]




Интензитет на течно гориво [l/t]




Интензитет на природен гас [Nm³/t]







# IV. ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА



Како компанија вложуваме голема енергија и ресурси во грижата за своите вработени, но, исто така, и во многу проекти кои се од општествено важен карактер, водејќи се според една од нашите клучни вредности, а тоа е дека луѓето се пред сè.

Преку промоција на Кодот за деловно и етичко однесување промовираме и се придржуваме до нашите клучни вредности, кои покрај важноста на луѓето, кои се наш највреден ресурс, промовираат и интегритет и чесност, лидерство базирано на вредности и креирање на најдобрите резултати заедно.

повеќе инфо

**Вработените и процесот на регрутација и на селекција**

Во насока на континуиран раст и развој на компанијата, алкалоидовото семејство постојано се зголемува со вработување стручен кадар, кој ќе нè води кон нови достигнувања. Во моментов компанијата брои 2103 во АЛКАЛОИД АД, 52 вработени во капитално поврзаните друштва во Македонија и 688 во капитално поврзаните друштва и во претставништвата во странство. Во текот на 2023 година го зголемивме семејството за 230 нови вработувања во АЛКАЛОИД АД. Дополнително, дел од нашите вработени поминаа низ процеси на интерна селекција за пополнување на позициите во рамките на интерните огласи, преку кои охрабруваме и овозможуваме кариерен развој за постојните вработени.

**Нови вработени по ПЦ/ОЕ според пол**



> Во моментов компанијата брои 2103 во АЛКАЛОИД АД, 52 вработени во капитално поврзаните друштва во Македонија и 688 во капитално поврзаните друштва и во претставништвата во странство.

Во текот на годината активно комуницираавме со нашите потенцијални вработени преку настапи на саеми за вработување, одржувавме континуирана комуникација и развивавме соработка со средните и со високообразовните институции, сè со цел вложување во знаењето на новите генерации уште во раните фази од нивната едукација. Активно продолживме и со кампањата Еден работен ден во АЛКАЛОИД, преку која нашите секојдневни работни предизвици транспарентно ги приближуваме до заедницата во која живееме.

# Обука и развој на вработените

Ние во АЛКАЛОИД негуваме култура на континуирано вложување во обука и во развој на нашите вработени, во насока на надградување и на унапредување на нивните знаења, вештини и компетенции. Нашата мисија е континуиран кариерен развој и усовршување за сите наши вработени, како и следење на најновите трендови во индустријата.

Со оваа цел реализираме голем број екстерни и интерни обуки на годишно ниво. Просечниот број на тренинг-часови од вработен за 2023 година изнесува 119,36.

**Процент на реализација на интерни/екстерни обуки**



**Задоволството на вработените**

Во АЛКАЛОИД АД Скопје промовираме култура во која мислењето и гласот на вработените се слушаат и во која нивното мислење и задоволство се од особено значење.

Спроведуваме истражување за задоволството на вработените и преземаме повеќе акциски планови и активности што произлегуваат од него, сè со цел добросостојба за сите наши вработени.

Во истражувањето што го спроведовме во 2023 година учествуваа 1492 вработени, а индексот на задоволство на вработените изнесува 71,94 %.

**Систем за управување со таленти и учинок**

Една од нашите главни цели е вработените да се чувствуваат вреднувано за својот ангажман, а во согласност со нивниот учинок правилно да се насочат во развојот и да бидат соодветно наградени.

Промовираме дијалог и комуникација на сите нивоа, што овозможува вработените да даваат и да примат повратна информација за својот ангажман. Во таа насока, во процесот на оценување и на давање повратна информација се вклучени 767 вработени. 36,47% од вработените во нашата компанија се вклучени во системот за управување со учинокот, со тенденција и со цел во блиска иднина да се опфатат сите вработени.

**Бенефиции за вработените**

Следејќи ги клучните компаниски вредности, а водени од грижата за вработените и за членовите на нивните семејства, обезбедуваме бенефиции за нашите вработени преку Програмата за бенефиции за децата на вработените и преку дополнителното здравствено осигурување.

Преку Програмата за бенефиции за децата на нашите вработени обезбедуваме финансиска партиципација за доедукација од областа на изучувањето странски јазици и компјутерски вештини, активности од областа на науката и на културата или спортски и танцови активности.

Календарската 2023 година ја завршивме со 664 комплетни пријави.

Следејќи го нашето главно мото Здравјето пред сè, обезбедуваме и приватно здравствено осигурување за сите наши вработени, со поволни услови за проширување на пакетот и на нивните семејства.

„Следејќи го нашето главно мото Здравјето пред сè, обезбедуваме и приватно здравствено осигурување за сите наши вработени, со поволни услови за проширување на пакетот и на нивните семејства.“



**Програма за млади таленти**

Веќе неколку години успешно ја спроведуваме и Програмата за млади таленти, во која се вклучени програмите за практикантство и за парцијално дуално образование. Од оваа година дополнително, како дел од оваа програма, започнавме соработка и со Фармацевтскиот факултет – Скопје, преку изведување вежби во нашата тренинг-лабораторија, посета на производствените погони и преку присуство на предавања од нашите вработени, со цел студентите да се здобијат со практично искуство од реалната фармацевтска индустрија.

Во однос на соработката со Фармацевтскиот факултет, опфатени предмети во нивните наставни програми беа следниве:

- Вовед во фармација
- Козметологија
- Органска хемија применета во фармацијата
- Основи на фармацевтската технологија
- Фармацевтска технологија – напредно ниво
- Права од интелектуална сопственост во фармацијата
- Регистрација на лекови
- Инструментални фармацевтски анализи

Оваа година ја пречекавме шестата генерација практиканти, па заедно со изминатите години 258 практиканти од различни образовни институции имаа можност да се запознаат со процесите и со активностите во АЛКАЛОИД АД Скопје. Само оваа година се вработени 29 практиканти од вкупно 109 практиканти вработени досега, што претставува најголем број вработени практиканти во една година од самиот почеток на проектот.

Преку Проектот за парцијално дуално образование, на 71 талентиран и амбициозен ученик од средното медицинско училиште СМУГС „д-р Панче Караѓозов“ му овозможуваме стекнување и практикување нови вештини во реални процеси во рамките на компанијата.

Вкупно 22 ученици од првата генерација (2021/2022) на парцијално дуалното образование успешно го завршија своето образование, а 16 од нив или 72,7 % одлучија да го продолжат својот кариерен пат во нашата компанија. Ова достигнување ја истакнува нашата посветеност кон негувањето млади таленти преку нивно внимателно и структурирано обучување и оспособување да ја започнат својата кариера со знаење и со самодоверба.

Продолжуваме да вложуваме во едукацијата на младиот кадар, со надеж дека со овој модел на едукација во иднина ќе изградиме уште многу успешни млади професионалци. Со инвестирање во нивното образование, ние, преку позитивен пример и пристап, ја обликуваме иднината како на нашата компанија така и на општеството во кое дејствуваме.



**Полова структура на вработени во АЛКАЛОИД АД**




**Фер третман за сите вработени**

Во секојдневната комуникација, како и при изборот на соработници, партнери, на кандидати за вработување, клиенти и на наши вработени ние застапуваме политика на недискриминација на ниту една основа и во согласност со нашите клучни вредности ја промовираме различноста со восхит и со емпатија, независно од потеклото, националната /етничката и религиската припадност, од возраста, јазикот, верата, полот, од социјалниот статус, сексуалната ориентација, вредностите или од интересите на едно лице.

Спроведуваме политика на еднаква можност и на еднаков третман за сите вработени, создавајќи атмосфера во која секој вработен има можност да ги покаже своите вредности, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех. Различните погледи кај луѓето ги сфаќаме како предност во секојдневното функционирање.

**Полова структура на раководни позиции во АЛКАЛОИД АД**



**Квалификациска структура на вработените во АЛКАЛОИД АД**



# Безбедност и здравје при работа

**Систем за управување со безбедност и здравје при работа (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 1)**

Примената на начелата за безбедност и здравје претставува неизоставен дел од управувањето со сите процеси кои се извршуваат во рамките на АЛКАЛОИД АД Скопје. Континуирано се обврзуваме да ги применуваме и постојано да ги надградуваме најсовремените светски практики од областа на безбедноста и здравјето за нашите вработени и за вработените на нашите партнери. Со вклученоста на вработените преку нивните претставници и, секако, во соработка со стручните лица од Одделот за безбедност и здравје при работа и со менаџментот на компанијата, посветено работиме на превенција, намалување и на отстранување на ризиците на работните места и континуирано вложуваме во подобрување на условите во работната средина во целост. Како резултат на вложените напори, АЛКАЛОИД АД Скопје во 2023 година се здоби со Националната награда за компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа во групата на големи компании.

**Идентификација на опасностите, проценка на ризиците и истрага на инцидентите (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 2)**

Имплементираниот систем, кој во центарот на своето внимание ги има безбедноста и здравјето на вработените, овозможува проактивност во идентификацијата на опасностите и во проценката на ризиците за здравјето на вработените пред започнување со работа, при промена на тековни или при воведување нови процеси. Како краен резултат на овој процес се мерките кои се во насока на целосна заштита на здравјето на нашите вработени и на вработените на нашите добавувачи. Посветеноста на раководството, стручноста на одговорните лица и големиот број интерно воспоставени контролни механизми осигуруваат целосна и доследна примена на мерките за заштита. Воспоставените процеси за пријава на несреќи/инциденти овозможуваат навремено истражување и утврдување на причините, а со тоа и нивно брзо и ефикасно отстранување за да не се повторат во иднина.

| **Индикатори за идентификација на опасности и ризици поврзани со работата** | **2022година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| Вкупно ажурирани проценки на ризик | 103 | 122 |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 17 | 31 |

**Изјава за медицина на трудот**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403-3**

Го препознаваме здравјето на нашите вработени како еден од клучните фактори за остварување на нашата визија и на нашите цели. Во таа насока, оствaруваме формална соработка со неколку здравствени установи, кои се наш партнер во водењето грижа за здравјето на вработените и во превенцијата од појава на несакани последици. Долгогодишната соработка и стручноста на специјалистите со кои соработуваме се едни од основните фактори кои имаат позитивно влијание врз целосната благосостојба на вработените. Во согласност со националните законски регулативи, секој наш вработен подлежи на соодветен здравствен преглед, а податоците содржани во извештаите се строго заштитени, со што се гарантира нивната приватност.

| **Податоци за превентивни здравствени прегледи** | **2022 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| Склучени договори со здравствени установи за медицина на труд | 4 | 4 |
| Вкупно извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | 1991 | 1698 |
| Издадени препораки за контролен преглед или каква било друга препорака | 83 | 25 |

**Учество на вработените, нивно информирање и консултирање (Известувањето е направено врз основа на GRI 403-4)**

Вклученоста на вработените и нивниот придонес во носењето одлуки поврзани со безбедноста и со здравјето се еден од носечките столбови на функционалност на воспоставениот систем. Сите вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје се застапени преку свои формално избрани претставници и активно учествуваат во градењето безбедна работна средина. Одборот во кој како тело, покрај претставник на работниците, членува и стручно лице за безбедност и здравје, како и претставник од менаџментот, ја остварува својата функција преку следење на примената на правилата за безбедност и здравје при работа, превенција од ризици при работа и во врска со работата, како и преку нејзиното влијание врз здравјето и безбедноста на работниците. Одборот за безбедност и здравје при работа донесува заклучоци/препораки/мислења за сите аспекти поврзани со системот за управување, а во согласност со потребите во неговата работа се вклучуваат и специјалисти од разни области.

**Обуки за безбедност и здравје при работа (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 5)**

Процесот на обука има цел запознавање на вработените со правилата и со мерките за безбедност и се темели како врз нацоналната легислатива така и врз имплементираниот систем. Овие обуки се реализираат при секое ново вработување, при промена односно при преместување од едно на друго работно место или, пак, при промена односно при воведување нова опрема и средства за работа. Покрај овие обуки, кои се задолжителни, вработените во континуитет се запознаваат и практично се обучуваат според воспоставените интерни упатства од доменот на безбедност и здравје при работа, заштита од пожари и од експлозии и на правци на евакуација. На овој начин обезбедуваме намалување на ризиците д појава на повреди и одржување безбедна работна средина.

| Обуки за безбедност и здравје при работа | 2022 година | **2023 година** |
|---|---|---|
| Број на реализирани обуки согласно законска регулатива за вработени | 775 | **2405** |
| Број на реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа за вработени | 300 | **202** |
| Број на реализирани обуки за прва помош за вработени | 45 | **167** |
| Број на реализирани обуки за заштита од пожар и експлозии и евакуација на вработени | 610 | **1073** |

**Промовирање и унапредување на грижата за здравјето на вработените**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 6)**

Здравјето и благосостојбата на секој наш вработен се во фокусот на нашата деловна култура и етика, која го конструира и го одржува столбот на компанискиот раст и развој. Оттука, приоритетите на компанијата започнуваат од вработениот како единка, од неговото семејство и од здравјето и благосостојбата како императив на заедничката интеракција.
Во таа насока, секоја година за сите наши вработени е обезбедено за користење доброволно приватно здравствено осигурување, кое има цел да обезбеди лесен и достапен пристап до најдобрата здравствена услуга. Трошоците поврзани со дополнителното доброволно здравствено осигурување се покриени од АЛКАЛОИД АД Скопје.
Дополнително, во соработка со нашите партнери, обезбедуваме бесплатни термини за користење на спортските игралишта и сали, каде што вработените можат да спортуваат и да се опуштаат по завршувањето на работното време, па во таа насока ги поттикнуваме нашите вработени да учествуваат на разни спортски активности, како што се Скопскиот маратон, учество на шаховски манифастиции, користење велосипед за доаѓање и за заминување од работа и друго.

**Превенција и намалување на безбедносните влијанија директно поврзани со деловните односи**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 7)**

За нашата компанија поттикнувањето и креирањето безбедна работна средина при сите деловни односи се подеднакво важни како и при реализирањето на сопствените процеси. Спроведувањето строги безбедносни протоколи и темелни проценки на ризик и негувањето култура на транспарентност и на одговорност се едни од најважните чекори за спречување и за намалување на безбедносните влијанија. Исто така, формалниот договор за деловна соработка во кој, меѓу другото, се пропишуваат нивото на професионална и на техничка стручност на изведувачите, користењето ЛЗО, изработката на планови за БЗР, надзорот над активностите итн. е гарант за успех и за одржливост на деловните партнерства. Со давањето приоритет на безбедносните мерки бизнисите можат проактивно да се справат со потенцијалните опасности, да воспостават јасни канали за комуникација и да негуваат доверба меѓу засегнатите страни, а со тоа и да создадат основа за долгорочен успех и за позитивна соработка.

**Вработени опфатени со системот за управување со безбедност и здравје при работа**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 8)**

Системот за управување со безбедност и здравје при работа е дизајниран да ги опфати сите вработени, во секој оддел и ниво во организацијата, како и вработените во други компании кои извршуваат работни активности во нашата компанија. Овој инклузивен пристап гарантира дека секој поединец, од најниското ниво до највисокото раководство, е покриен со безбедносните мерки и протоколи на системот. Целта е да се создаде култура во која приоритет е благосостојбата на секој вработен и во која секој има активна улога во одржувањето здрава и безбедна работна средина.

„Системот за управување со безбедност и здравје при работа е дизајниран да ги опфати сите вработени, во секој оддел и ниво во организацијата, како и вработените во други компании кои извршуваат работни активности во нашата компанија.“

**Повреди при работа**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 9)**

| Повреди поврзани со работата на вработените во компанијата | 2022 | **2023** |
|---|---|---|
| Број и стапка на смртни случаи | 0 | **0** |
| Број на повреди со тешки последици | 0 | **0** |
| Стапка на повреди со тешки последици | 0 | **0** |
| Број на евидентирани повреди | 44 | **33** |
| Стапка на евидентирани повреди, пресметка (фреквенција) на 1.000.000 | 11,36 | **8,07** |
| Стапка на тежина на повреди , пресметка на 100.000 | 21,44 | **14,3** |
| Стапка на број на повреди / 1000 вработени | 19,66 | **13,01** |
| Број на работни часови | 3.871.199 | **4.090.490** |
| Главна причина за повреди при работа | Лизгање, сопнување и паѓање, небезбедно ракување | |
| Повреди поврзани со работата на работници кои не се вработени, но се под контрола на компанијата | 2022 | **2023** |
| Број и стапка на смртни случаи | 0 | **0** |
| Број на евидентирани повреди / повреди со тешки последици | 0 | **1** |
| Стапка на фреквенција на повреди на вработени на добавувачи | 0 | **5** |

**Изјава за професионални заболувања**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 10)**

| Професионални заболувања поврзани со работата на вработени во компанијата | 2022 | **2023** |
|---|---|---|
| Евидентирани професионални заболувања | 0 | **0** |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 | **0** |
| Професионални заболувања поврзани со работата на работници кои не се вработени, но кои се под контрола на компанијата | 2022 | **2023** |
| Евидентирани професионални заболувања | 0 | **0** |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 | **0** |

**Работници за обезбедување запознаени со политиките за заштита на човековите права**

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 410- 1)**

Работењето на Одделот за обезбедување и заштита и работниците за обезбедување се усогласени со основните начела, етички стандарди и правила на однесување засновани врз Уставот, релевантните закони, подзаконските прописи и врз интерните прописи на компанијата, како и врз основа на општо прифатените начела на Кодексот за професионална етика на CoESS (Confederation of European Security Services) и на Кодексот за професионална етика на вршителите на приватно обезбедување на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување.

Вработените во Одделот добиваат континуирани интерни и екстерни обуки од делокругот на приватната безбедност, вклучително и обуки, работилници и вежби од доменот на употребата на сила и на средства за присилба, на комуникациските вештини, човековите права и слободи и на заштитата на личните податоци.

| Области | Индикатори | |
|---|---|---|
| Усогласување на интерните акти со измените во законските и во подзаконските прописи и други стандарди. | 100% | |
| Обуки, работилници и вежби од доменот на употребата на сила и на средства за присилба, на комуникациските вештини, човековите права и слободи и на заштитата на личните податоци | Број на вработени | Процент на обучени работници |
| | 57 | 100% |
| Пријави за прекумерна употреба на сила, нечовечко или понижувачко постапување, дискриминација и за злоупотреба на лични податоци | 0 пријави | |





# V.
# УПРАВУВАЊЕ





# V. УПРАВУВАЊЕ

## Корпоративно управување

АЛКАЛОИД АД Скопје, преку јасно утврдените основни начела на доброто корпоративно управување во својот статут, како и преку другите внатрешни акти на компанијата, во текот на 2023 продолжи со примена на добрата корпоративна пракса, со нејзина интеграција во рамките на целокупниот систем на компанијата, како и со дистрибуција на процесите до секоја организациска единица.

Организацијата, свикувањето и одржувањето на Годишното собрание на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје на 3.4.2023 беа реализирани во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со внатрешните акти, кои во рамките на интензивниот нормативен процес, спроведен во текот на 2022, беа целосно усогласени со барањата на Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза.

Во таа смисла, во текот на првиот квартал од 2023 беше формирана интердисциплинарна работна група за доследно пополнување на прашалниците објавени од Македонската берза, во насока на известување за усогласеноста со Кодексот за корпоративно управување, а кои беа прилог кон Годишниот извештај за 2022, со што компанијата ја демонстрираше својата заложба за транспарентност во процесот на примена на принципите предвидени со Кодексот.

Во текот на 2023 г. органите на управување беа активно вклучени во следењето и во надгледувањето на ESG-стратегијата, како и во процесите на управување со ESG-ризиците, на проценки и на известување за ESG-процесите. Членовите на управните органи на компанијата активно и конструктивно беа вклучени во реализацијата на обврските и на одговорностите од делокругот на органот во кој членуваат, во согласност со Статутот на компанијата, како и со деловникот за работа на соодветниот орган. Секој член на Управниот одбор обезбедуваше континуирана двострана комуникација. Имено, доследно ги пренесуваше усогласените ставови за сите ESG-прашања до организациската структура која ја претставува во рамките на компанијата, заради натамошна примена, а истовремено до управувачката структура ги проследуваше трендовите во индустријата и деловните барања, со цел соодветна проценка и нивно нормативно позиционирање во ESG-процесите.

АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со Правилникот за односи со акционерите, продолжи со заложбите за грижа и за соработка со своите акционери и со активности за обезбедување поголема достапност, транспарентност и заштита на нивните права и интереси, како во врска со одржувањето на Годишното собрание на акционери така и во текот на целата година. Имено, за акционерите беа обезбедени повеќе технички поволности во поглед на нивното учество на Годишното собрание, како на пример пристап до обрасците, кои можат да се преземат директно од веб-страницата на компанијата, и посебна електронска адреса преку која имаа можност да го пријават своето учество во работата на Собранието.

Во текот на 2023 г. корпоративниот секретар ги зацврсти своите ингеренции на обединување и централизирање на поддршката на управните органи во рамките на нивниот делокруг на работа, а истовремено имаше клучна улога во координацијата и во организацијата на сите активности од значење за ESG-процесите во рамките на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на октомври 2023 г. АЛКАЛОИД АД Скопје го донесе Кодот за однесување на добавувачи, со кој ја нормиравме нашата одлучност да ги вршиме сите наши деловни операции со највисоки етички стандарди, вклучувајќи обезбедување и одржување отворен и одговорен синџир на снабдување. Преку донесувањето на Кодот за однесување на добавувачи, преку активната соработка и обука на нашите добавувачи за него, преку нивно охрабрување за учество на платформите за евалуација на усогласеноста со стандардите, каде што е применливо, АЛКАЛОИД АД Скопје ја демонстрираше заложбата за воспоставување одржлив синџир на снабдување, во чии рамки од нашите сегашни и идни добавувачи, како и од нивните партнери и соработници континуирано ќе се обезбедува примена на еколошки и социјални стандарди, како и на стандарди и принципи за добро корпоративно управување.

Во насока на примена на заложбата за транспарентност на АЛКАЛОИД АД Скопје, во текот на 2023 година на веб-страницата на компанијата беа поставени сите нормативни акти од значење за корпоративното управување, со намера за нивно редовно ажурирање. На тој начин овозможуваме сите наши засегнати страни да бидат редовно, навремено и целосно информирани за нашите напори и ангажмани за воспоставување нормативни претпоставки за натамошен развој на принципите на доброто корпоративно управување.

# Деловна етика

Еден од најважните постулати врз кој нашата компанија ги темели своите деловни активности е усогласеноста со локалните и со меѓународните прописи, но и со внатрешните акти, како и доброволната заложба и посветеноста на раководната структура и на вработените за почитување на етичките принципи и стандарди.

**Код за етичко и деловно однесување**

Кодот за етичко и деловно однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје и процесите што произлегуваат од неговата примена претставуваат систем на општоприфатени етички принципи и норми, приспособени на нивото на нашата организациска поставеност, на индустријата која ја претставуваме и на нашето деловно опкружување. Кодот, преку промоција на своите клучни вредности, со поддршка на системот на усогласеност на компанијата, има цел да овозможи секој наш вработен и раководно лице самостојно да носи етички одлуки во секојдневното работење, да ја живее корпоративната култура на компанијата и да ја остварува нашата заедничка мисија и визија.

Во текот на 2023 г. компанијата, предводена од највисокото раководство, а со поддршка на офицерот за корпоративна усогласеност и на Комисијата за корпоративна усогласеност, продолжи да го развива овој процес преку институционална поддршка, обука на надлежните лица и преку подигнување на свеста на вработените за етичко однесување и за градење корпоративен интегритет и култура.

Платформата AlkaSpeakUp е компаниска електронска алатка и канал за комуникација преку кој нашите вработени и надворешни соработници можат да пријават незаконско или неетичко однесување од вработени или од раководни лица во компанијата. Пријавувачите се охрабруваат да пријават какво било однесување кое е спротивно на принципите утврдени со Кодот за етичко и деловно однесување, а во врска со него постапува и одлучува Комисијата за корпоративна усогласеност врз основа на точно утврдени правила и принципи.

КОД НА ЕТИЧКО И ДЕЛОВНО ОДНЕСУВАЊЕ
**превземи тука**



**Преглед на постапките за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување**

Во 2023 година, Комисијата за корпоративна усогласеност усвои три наоди во рамките на претходно започнатите и незавршени постапки за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување. Воедно, во текот на годината, офицерот за корпоративна усогласеност, по повеќе примени содржини и комуникации преку платформата AlkaSpeakUp за потенцијална повреда на Кодот за етичко и деловно однесување од вработени во компанијата, до Комисијата за корпоративна усогласеност проследи три нови пријави, кај кои беа идентификувани сите потребни елементи на пријава.

Во текот на 2023 година на платформата AlkaSpeakUp беа извршени основни подесувања на нејзините карактеристики, со цел овозможување насоки за пријавувачите на повреди за поедноставно користење на платформата, а воедно и за обезбедување што повеќе релевантни информации и квалитетни пријави од пријавувачите, кои ќе бидат основа за водење постапки и за донесување одлуки од Комисијата за корпоративна усогласеност и кои ќе бидат доследни на начелата и на принципите утврдени со Кодот за етичко и деловно однесување.

Во координација со капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје, беа реализирани обуки за Кодот за етичко и деловно однесување, наменети за вработените и за раководните лица во нив. Воедно, во одредени наши капитално поврзани друштва, во рамките на приспособувањето на нивните веб-страници, се воспоставија технички претпоставки за воведување пристап до платформата AlkaSpeakUp, со што во континуитет се обезбедуваат технички можности за користење на платформата во рамките на целата групација.

**Антикорупциска политика**

Антикорупциската политиката има функција и цел поблиску да ги образложи аспектите на одредени начела предвидени со Кодот за етичко и деловно однесување и Кодексот за интеракција со здравствени работници и етичка промоција. Нејзината доследна примена обезбедува корпоративен интегритет и репутација, кои се базираат на чесност, фер однесување и личен интегритет, применети на работните позиции кои ги извршуваат сите вработени и раководни лица, како и сите други лица кои се поврзани по која било основа со компанијата.

Политиката ги уредува сите аспекти на превенција и на санкција за недозволени исплати и за поткуп на јавни службеници и на носители на јавни функции, како и кои било други форми на корупција, како основни параметри на нашата интеракција со државната структура и со општеството во целина.

**Кодекс за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција**

Промоцијата на нашите фармацевтски производи, комуникацијата и нашите интеракции со здравствените работници, здравствените организации и со здравствената заедница во целина се спецификите на индустријата која ја претставуваме. Поради тоа овој кодекс е од исклучително значење за нашата компанија, со оглед на тоа дека примената на начелата и на принципите што ги предвидува е предмет на повеќе законски и регулаторни барања и стандарди на индустријата, но, од друга страна, и наша додадена вредност за деловни можности и за соработка со најдобрите и со најуспешните компании. Преку обука на нашите вработени за правилна примена на Кодексот, ние континуирано обезбедуваме нашите медицински претставници во целост да бидат усогласени со сите релевантни кодекси на индустријата, како и со важечките законски прописи. Етичката промоција на нашите фармацевтски производи подразбира споделување информации кои се точни, избалансирани и кои не ги доведуваат во заблуда здравствените работници, додека, пак, промотивните материјали за нашите фармацевтски производи обезбедуваат соодветна проценка за придобивките и за ризиците од нашите производи во текот на нивната употреба, според информациите содржани во збирните извештаи за карактеристиките на лекот.

# Заштита на личните податоци

АЛКАЛОИД континуирано продолжува да го одржува воспоставениот систем за заштита на личните податоци. Во 2023 година имплементиравме систем за информатичка технологија (ИТ) за новите збирки на лични податоци, за да ги исполниме нашите обврски за нивна заштита и приватност. АЛКАЛОИД постојано посветува внимание и ја истакнува важноста на безбедноста на личните податоци преку редовните упатства и насоки до сите вработени во АЛКАЛОИД на глобално ниво, притоа покажувајќи примена на нашите вредности во пракса при обработката на личните податоци. Нашата главна заложба е да бидеме усогласени со релевантните законски прописи и регулативи за заштита на личните податоци во различните земји каде што работи АЛКАЛОИД, преку усогласување на нашите секојдневни работни активности. Продолжуваме да се усогласуваме со Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ (GDPR) и со другите прописи за приватност, преку примена и преку следење на практиките, политиките и на процедурите за заштита на личните податоци, поддржани со обуки за вработените, проценки на влијанието, процеси за поддршка на правата на субјектите, како и со пријавување инциденти. Корпоративниот офицер за заштита на личните податоци, со својот меѓународен тим на офицери за заштита на личните податоци, тесно соработуваше со колегите од Општи работи, Маркетинг и од Човечки ресурси, како и со офицерот за корпоративна усогласеност, за да обезбеди соодветни известувања за приватноста на трети страни во однос на нивната обработка на податоците во АЛКАЛОИД, како и во однос на другите области на почитување на приватноста.

Во декември 2023 година беше предложена процедура за одлучување за избор на обработувачи, која има цел да го олесни процесот на длабинска анализа, да обезбеди конзистентност и да врши контрола врз обработувачите кои обработуваат податоци во име на АЛКАЛОИД. Со ова ќе се воспостави поефектен пристап за управување со ризик.

ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ
**повеќе инфо**

# Јавни давачки

Групацијата „Алкалоид“ како мултинационална компанија ги применува законите и прописите во земјите каде што работи и ги плаќа соодветните даноци и давачки според важечките прописи. Бидејќи сме присутни во бизнисот и бидејќи вработуваме во многу земји, плаќаме даноци, вклучувајќи данок на добивка, индиректни даноци (ДДВ), како и даноци и социјални придонеси поврзани со нашите вработени. Во 2023 г. „Алкалоид“ плати значителна сума за солидарен данок, кој беше воведен како владина мерка за справување со последиците од кризата.

Основните принципи кои ги следи групацијата „Алкалоид“ во областа на оданочувањето се: навремено плаќање даноци и поднесување даночни пријави до даночните власти во согласност со законите и со прописите, избегнување ризични даночни одлуки, следење на промените во даночното законодавство, обезбедување континуирана обука за вработените вклучени во областа на даноците, но и градење и одржување транспарентни и конструктивни односи со даночните власти. Интегритетот, искреноста и довербата се основните вредности и принципи наведени во Кодексот на етика и професионално однесување на „Алкалоид“, кои ги применуваме и во сферата на оданочувањето.

Групацијата „Алкалоид“ ги следи принципите на меѓународното оданочување, вградени во соодветните билатерални договори за избегнување на двојното оданочување, врз основа на моделот на даночната конвенција на ОЕЦД за приход и за капитал. На тој начин се избегнува двојното оданочување и се обезбедува соодветна даночна основа во секоја јурисдикција.

За сите интеркомпаниски трансакции групацијата „Алкалоид“ ги применува упатствата за трансферни цени на ОЕЦД и на специфичното законодавство за конкретната земја, применувајќи го принципот дофат на рака. Нашата политика за трансферни цени е документирана и поткрепена со економски анализи и извештаи. Документацијата за трансферни цени, која вклучува главен фајл и локални фајлови, се ревидира и се ажурира секоја година.

Групацијата „Алкалоид“ има воспоставено интерни сметководствени контроли, кои вклучуваат и интерни даночни контроли на секое ниво на работење и во сите друштва, заради управување со финансиските и со даночните ризици.

Одделот за даноци во „Алкалоид“, надгледуван од главниот финансиски директор, е одговорен за даночните работи и ги спроведува начелата и принципите утврдени со внатрешните акти, кои се донесени од Управниот одбор на „Алкалоид“, вклучувајќи ги Статутот на компанијата, Кодот за етичко и деловно однесување и ESG-политиката, а во согласност со Политиката за интегриран систем за управување на „Алкалоид“.

Даноците на добивка се детално опишани во нашите консолидирани финансиски извештаи. Даночните информации кои се обелоденети во финансиските извештаи се предмет на независна ревизија.

# Управување со ризици и со континуитет во работењето

## Управување со ризици

Процесот на управување со ризици непречено се одвиваше во 2023 година на повеќе нивоа во друштвото.

• Вработените и раководителите на организациските единици континуирано ги следеа постојните и новите утврдени ризици и презедоа мерки за нивно минимизирање и евентуално елиминирање.

• Тимот за ризици продоложи со мониторирање на ризиците и со анализа на потенцијалните ефекти од нивното настанување.

• Одборот за ризик внимателно ги надгледуваше стратешките ризици кои може да имаат потенцијално негативно влијание врз поставените цели на друштвото, но ги анализираше и оние ризици кои претставуваат можност за друштвото.

Како поконкретни активности во 2023 година може да се издвојат следниве:

• Друштвото изврши редовна преоцена на своите ризици категоризирани на следниов начин: стратешки ризици, оперативни ризици, ризици за квалитет и специфични ризици. Резултатите од преоценувањето им се презентирани на раководството и на Одборот за ризик.
• Исто така, реализирани се предвидените состаноци со тимот за управување со ризик и за континуитет во работењето.

• Изработена е детална GAP-анализа на потребните промени на документите релевантни за управување со ризиците (политиката, процедурата, соповите, регистарот за стратешки ризици, методологијата и другите документи, со цел тие да бидат во линија со новите барања на водичот ICH Q9.

Во 2023 година се донесени два важни прописи, кои се очекува да имаат значајно влијание врз натамошниот развој на ЕСГ-барањата во глобални и во европски рамки, а со тоа и директно да влијаат врз натамошниот развој на ЕСГ-известувањето на АЛКАЛОИД АД Скопје и на управувањето со ризиците.

1. Во јуни 2023 година Меѓународниот одбор за стандарди за одржливост ги издаде своите први два МСФИ-стандарди за обелоденување на одржливоста: МСФИ С1 општи барања за обелоденување финансиски информации поврзани со одржливоста и МСФИ С2 обелоденувања поврзани со климата. Овие стандарди ќе бидат применливи за извештаите што се однесуваат на периодот што започнува на 1 јануари 2024 година. Барањата на овие стандарди ќе бидат инкорпорирани во ЕСГ-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година.

2. На 5 јануари 2023 година се донесе Директивата за корпоративно известување за одржливост (Corporate Sustainability Reporting Directive). Друштвата што се предмет на Директивата ќе мора да известуваат според Европските стандарди за известување за одржливост (ЕСРС), кои беа објавени на 22 декември 2023 година. АЛКАЛОИД АД Скопје како компанија чие седиште не се наоѓа во ЕУ ќе биде обврзана со овие нови стандарди за подготовка на известување во 2029 година за 2028 година. Покрај широкиот опсег на барања, друштвото ќе треба да ги обелодени следниве информации поврзани со управувањето со ризиците:

а) опсег, главни карактеристики и компоненти на процесите и на системите за управување со ризик и за внатрешна контрола, во однос на известувањето за одржливоста;

б) пристап за проценка на ризикот, вклучувајќи ја и методологијата на приоритет на ризикот;

в) главните идентификувани ризици и нивните стратегии за усогласување, вклучувајќи ги и сродните контроли;

г) опис на тоа како ги интегрира потфатот наодите од својата проценка на ризикот и од внатрешните контроли.

Во текот на 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје ќе изврши анализа на барањата на овие стандарди по двата основа и ќе започне со процес на извршување надградба на своите ЕСГ-обелоденувања, а сè со цел да се обезбеди навремено усогласување и примена на новите прописи на ЕУ за нефинансиско известување.

**Континуитет во работењето**

Целта на процесот на управување со континуитетот на работењето е да се обезбеди проактивен пристап и воспоставување процес кој ќе обезбеди континуитет во работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје и подготвеност на компанијата да предвиди, открие и да реагира на потенцијалните негативни влијанија пред и за време на нарушените состојби кои имаат потенцијал да ги спречат извршувањето на клучните процеси на компанијата, остварувањето на нејзините цели и задоволувањето на барањата на нејзините засегнати (заинтересирани) страни (добавувачи, купувачи, вработени, акционери, државни субјекти, партнери итн.).

Во плановите за бизнис-континуитет во работењето е вклучена основата за управување со сите потенцијални ризици и можности со кои се соочува компанијата за време на нарушувањето, вклучително и оние поврзани со засегнатите страни.

Преку системот за управување со континуитетот ги воспоставуваме следните клучни елементи:

- воспоставување стратегија, контекст, политика и цели за бизнис-континуитет, обезбедување нивна усогласеност со стратешката насока на компанијата и надзор над активностите што ќе ги преземе компанијата во нарушени услови на работење;

- воспоставување процес и комуникација за управување со системот за бизнис-континуитет;

- интеграција на барањата на системот за бизнис-континуитет при извршување на процесите;

- обезбедување на потребните ресурси за функционирање на системот за бизнис-континуитет;

- постојано подобрување на системот за управување со континуитетот на работењето.

Во интегрираниот систем за квалитет на АЛКАЛОИД АД Скопје се воспоставени процедури и планови за континуитет на работењето во областа на ИТ-безбедноста и на фармаковигиланцата, како и во однос на партнерите, пандемијата на COVID 19, природните катастрофи и друго.

Планирањето и целите што се воспоставени и реализирани во текот на 2023 година од сегментот за континуитет во работењето во АЛКАЛОИД се следниве:

**1. Идентификување на бизнис-континуитетот (ризици и можности)**

- Идентификувани се 34 стратешки ризици кои се евалуирани и кои имаат потенцијално влијание врз континуитетот на работењето.

**2. Оперативно работење**

- Изработени се бизнис-импакт анализа и план за бизнис-континуитет за најдобрите стратешки производи

**3. Примена на барањата на стандардот ISO 22301, систем за управување со континуитетот во работењето**

- Воспоставена процедура за континуитет во работењето, СОП за изработка на BIA, СОП за изработка на бизнис-стратегија, СОП за изработка на план за бизнис-континуитет и поврзани документи

Целосно сме посветени на постојано подобрување на овие две области – управување со ризици и континуитет во работењето на компанијата.

Посветеноста на раководството и на вработените за ефикасно управување со ризици и со континуитет во работењето ѝ дава компетитивна предност на компанијата, како и доверба на заинтересираните страни и на општеството.





# VI. Податоци за капитално поврзаните друштва и претставништвата

# VI. Податоци за капитално поврзаните друштва и претставништвата

Исполнувајќи една од зададените стратешки цели за 2023 година, АЛКАЛОИД АД Скопје започна со процесот на консолидација на својот ESG-извештај. За таа цел беше воспоставен канал за комуникација посебно наменет за ESG-прашања, па секое капитално поврзано друштво или претставништво именуваше ESG-офицер во својата номенклатура. Ова лице е задолжено да комуницира и да известува за сите ESG-прашања со мајката компанија.

Капитално поврзаните друштва и претставништвата на АЛКАЛОИД АД Скопје кои работат низ светот се со различна големина, волумен на работење и број на вработени и претставуваат специфичен предизвик сите потребни ESG-податоци да се соберат и да се обработат. Меѓутоа, ни претставува задоволство што во ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје започнуваме со објава на сите релевантни ESG-податоци со кои располагаат капитално поврзаните друштва и претставништва на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Животна средина

Во прилог ги прикажуваме ESG-мерните индикатори од сегментот животна средина за капитално поврзаните друштва, онаму каде што се применливи.



# ЕМИСИИ

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 305)**

# АЛКАЛОИД КОНС

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии



# АЛКАЛОИД ДОО Белград

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии



# АЛКАЛОИД ВЕЛЕДРОГЕРИЈА ДОО Белград

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии



# АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Словенија

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии

### Стакленички гасови емитирани од АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Словенија во 2023 година



# АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Словенија
## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии



# АЛКА-ЛАБ ДОО Словенија

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии

Стакленички гасови емитирани од АЛКА-ЛАБ ДОО Словенија во 2023 година



# АЛКАЛОИД ДОО Хрватска
## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии

Стакленички гасови емитирани од АЛКАЛОИД ДОО Хрватска во 2023 година



# АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО Загреб

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за емисии

Стакленички гасови емитирани од АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО Загреб во 2023 година




0,5
0,4

# ВОДА И ЕФЛУЕНТИ

**(Известувањето е направено врз основа на GRI-303)**

## АЛКАЛОИД КОНС

Мерни индикатори во согласност
со GRI-стандардите за вода и ефлуенти



# АЛКАЛОИД ДОО БЕЛГРАД

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и ефлуенти



# АЛКАЛОИД ВЕЛЕДРОГЕРИЈА ДОО БЕЛГРАД

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и ефлуенти



# АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Словенија

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и ефлуенти



# АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Словенија

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и ефлуенти



# АЛКА-ЛАБ ДОО Словенија

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и ефлуенти



# АЛКАЛОИД ДОО Хрватска

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за за вода и ефлуенти



# АЛКАЛОИД КОНС
## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за отпад

**Вкупно создаден отпад (t) за 2023 година**



# АЛКАЛОИД ДОО Белград
## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за отпад

**Вкупно создаден отпад (t) за 2023 година**



# АЛКАЛОИД ВЕЛЕДРОГЕРИЈА ДОО Белград

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за отпад

**Вкупно создаден отпад (t) за 2023 година**



# АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Словенија

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за отпад

**Вкупно создаден отпад (t) за 2023 година**



# АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Словенија

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за отпад

**Вкупно создаден отпад (t) за 2023 година**



# АЛКА-ЛАБ ДОО Словенија
## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за отпад

**Вкупно создаден отпад (t) за 2023 година**



# АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО Загреб
## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за отпад

**Вкупно создаден отпад (t) за 2023 година**



# Енергија

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 302)**

Начелата на **стандардот GRI 302 енергии** се воспоставени за пресметка и за следење информации и податоци што се однесуваат на начинот за тоа како компанијата управува со влијанијата поврзани со користењето енергија.

- GRI 302-1 – потрошувачка на енергија во рамките на компанијата
- GRI 302-3 – енергетски интензитет
- GRI 302-4 – намалување на потрошувачката на енергија

# АЛКАЛОИД КОНС

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**



# АЛКАЛОИД ДОО Белград

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**




# АЛКАЛОИД ВЕЛЕДРОГЕРИЈА ДОО Белград

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**



# АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Словенија

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**




# АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Словенија

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**



# АЛКА-ЛАБ ДОО Словенија

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**




# АЛКАЛОИД ДОО Хрватска

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**



# АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО Загреб

**Количина на потрошувачка на електрична енергија и потрошувачка на енергетски горива во 2023**



# Општествени прашања

Во прилог ги прикажуваме ESG мерните индикатори од сегментот на Човечки ресурси за капитално поврзаните друштва, каде што се применливи.

# АЛКАЛОИД КОНС

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите

- GRI 401 - Вработување
- GRI 405-1 - Разновидност на органите на управување и вработените
- GRI 404 - Тренинг и едукација

| Мерните индикатори согласно барањата на стандардот GRI 401 - Вработување. 401-1 Нови вработени и обрт на вработени | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во компанија | Новоработени по категории | | | | | Вкупно новоработени | Вкупен % на новоработени |
| | Мажи | Жени | Под 30 | 30-50 | над 50 | | |
| 39 | / | 2 | / | 2 | / | 2 | 5.13% |
| % во однос на вкупно новоработени | | 100.00% | | 100.00% | | | |
| Просечен број на вработени во компанија | Заминати од компанија по категории | | | | | Вкупно заминати | Вкупен обрт (turnover) |
| | Мажи | Жени | Под 30 | 30-50 | над 50 | | |
| 40.5 | 2 | 2 | / | 4 | / | 4 | 9.88 |
| % во однос на вкупно заминати | 50.00% | 50.00% | | 100.00% | | | |

| Мерните индикатори согласно барањата на стандардот GRI 405-1 -Разновидност на органите на управување и вработените | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во компанијата | Вработени по категории | | | | |
| | Мажи | Жени | Под 30 | 30-50 | над 50 |
| 39 | 15 | 24 | 2 | 33 | 4 |
| % во однос на вкупен број | 38,46% | 61,54% | 5% | 84,62% | 10,26% |

| Мерните индикатори согласно барањата на стандардот GRI 404 - Тренинг и едукација | | | |
|---|---|---|---|
| 404-1 - Просечен број на часови тренинг по вработен на годишно ниво. | Број на вработени по категории | Вкупно часови тренинг | Просечен број на часови тренинг |
| Вкупен број на вработени | 39 | 2246,75 | 57,61 |
| Вкупен број на вработени жени | 24 | | 66,90 |
| Вкупен број на вработени мажи | 15 | | 42,75 |
| Вкупен број на вработени под 30 години | 2 | | 5,25 |
| Вкупен број на вработени под 30-50 години | 33 | | 58,58 |
| Вкупен број на вработени над 50 години | 4 | | 75,81 |
| 404-3 -Процент на вработени кои примаат повратна информација за кариерен развој и учниок | Број на вработени по категории | Вкупно вклучени СУТ | Вкупен% на СУТ |
| Вкупен број на вработени во компанија | 39 | 36 | 92,31% |
| Вкупен број на вработени жени | 24 | | 100,00% |
| Вкупен број на вработени мажи | 12 | | 80,00% |
| Вкупен број на вработени под 30 години | 1 | | 50,00% |
| Вкупен број на вработени под 30 -50 години | 32 | | 96,97% |
| Вкупен број на вработени над 50 години | 3 | | 75,00% |

# АЛКАЛОИД ДОО Белград

## Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите

- GRI 401 - Вработување
- GRI 405-1 - Разновидност на органите на управување и вработените
- GRI 404 - Тренинг и едукација

| Мерните индикатори согласно барањата на стандардот GRI 401 - Вработување. 401-1 Нови вработени и обрт на вработени | | | | | | | |
